МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВ. НИКОЛЕ - БИТОЛА
Факултет за правни науки



Валентина Јован Младеноска

Разоткривање на сторители на кривичното дело злоупотреба на службена положба и овластување

(магистерски труд)

Битола, Јуни 2020 година

Ментор:

Проф.Д-р Марјан Кицев

НАУЧНА ОБЛАСТ : КАЗНЕНО ПРАВО

ИЗЈАВА

Јас Валентина Младеноска изјавувам дека при обработка на магистерскиот труд ги почитував позитивните законски прописи од областа на заштитата на интелектуалната сопственост и не користев реченици од други трудови, од други автори, без да ги почитувам методолошките стандарди и соодветниот стил на цитирање. Користената литература достојно ја бележев во трудот, како составен дел од темата. Тоа значи дека трудот е оригинален , не е плагијат. Во согласност со предходното, изјавувам дека ги прифаќам сите права и обврски , кои произлегуваат од актите што ги регулираат прашањата на авторските и сродни права.

Изјавата ја давам под полна морална, материјална и кривична одговорност.

Изјавила:

Валентина Младеноска

Благодарност

Сакам да изразам голема благодарност до сите кои помогнаа при реализирањето на овој магистерски труд за да ја добие потребната форма и содржина во која ќе биде презентиран. Најголема и искрена благодарност за моралната и стручна поддршка , стручните совети, консултации, сугестии и насоката за изработката на овој магистерски труд , упатувам до мојот почитуван ментор , проф. Др- Марјан Кицев. Со иста срдечност се заблагодарувам и на другите членови во комисијата за одбрана на темата . Се заблагодарувам на Наставнонаучниот совет кој одлучи да работам на оваа тема, која за мене претставува посебен интерес од стручен и научен карактер . Искрена благодарност кон своите родители кои ми даваа секогаш морална поддршка во изработката и одбраната на магистерски труд. Исто така изразувам благодарност до сите кои одговорија на моите прашања, со што овој труд ја доби својата оригинална научно –стручна истражувачка содржина и форма .

Кандидат
Валентина Јован Младеноска
2020 – Битола

Абстракт

Овој магистерски труд е насочен кон поцелосно сфаќање на криминалитетот на злоупотреба на службена должност и овластување како општествено негативна појава и ќе даде и соодветен придонес кон поголема професионалност и стручно знаење во борбата против овој вид на криминалитет, како и изнаоѓање на соодветни законски решенија за намалување на злоупотребите и откривање на сторителите. Исто така во овој труд, од статистичките показатели кој ни беа достапни добиваме некаква слика за овој вид на криминалитет во нашата држава и даваме насоки за полесно откривање на сторителите и сузбивање на овој вид на криминалитет.

Клучни зборови: *злоупотреба на службена положба и овластување, службено лице, одговорно лице, противправна имотна корист, истрага, сторител.*

Abstract

This master's thesis is aimed at a more complete understanding of the crime of abuse of office and authority as a socially negative phenomenon and will make an appropriate contribution to greater professionalism and expertise in combating this type of crime, as well as finding appropriate legal solutions to reduce the abuses and detection of perpetrators. Also in this paper, from the statistical indicators that were available to us, we get some picture of this type of crime in our country and give directions for easier detection of perpetrators and suppression of this type of crime.

Keywords: *crime of abuse of official position and authority, official, responsible person, illegal property gain, investigation, perpetrator.*

СОДРЖИНА

ВОВЕД 10

Глава 1: МЕТОДОЛОШКИ ДЕЛ

1.Формулација на проблемот 13

1.1 Научна и општествена оправданост 15

2.Определеување на предметот на истражување 16

2.1 Теоретско определување на предметот на истражување 16

2.2 Поимно категоријален апарат 18

2.3 Операционално одредување на предметот на истражување 20

2.4 Дисциплинарно определување на предметот 21

2.5 Временско и просторно одредување на предметот на истражување 21

2.5.1 Временско одредување на предметот на истражување 21

2.5.2 Просторно одредување на предметот на истражување 21

3. Цел на истражувањето 22

3.1 Општа цел на истражувањето 22

3.2 Теорестаки цели на истражувањето 22

3.2.1 Научна - оштествена цел на истражувањето 22

4. Хипотези 23

5. Начин на истражување (Методи и техники на истражувањето) 24

6. Научна и општествена оправданост 26

6.1 Научна оправданост 26

6.2 Општествена оправданост 26

ГЛАВА 2 : КРИВИЧНО ПРАВНИ АСПЕКТИ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА СО ЕЛЕМЕНТИ НА ЗЛОУПОТРЕБА НА СЛУЖБЕНА ПОЛОЖБА И ОВЛАСТУВАЊЕ

1. Правно норимирање на кривичните дела против злоупотреба на службена положба и овластување 27

1.1 Злоупотреба на службена положба и овластување (ЗСПО) 28

1.1.1 *Искористување на службената положба и овластување* 30

1.1.2 *Пречекорување на границите на службеното овластување* 31
1.1.3 *Неизвршување на службена должност* 33
1.1.4 *Услови за инкриминација* 33
1.2 Повреда на чување на државната граница 35
1.3 Неизвршување на наредба 36
1.4 Несовесно работење во службата 37
1.5 Проневера во службата 39
1.6 Измама во службата 42
1.7 Послужување во службата 43
1.8 Примање на поткуп 44
1.8.1 *Право пасивно поткупување* 46
1.8.2 *Неправо пасивно поткупување* 48
1.8.3 *Дополнително поткупување* 49
1.9 Давање поткуп 50
1.9.1 *Право активно поткупување* 51
1.9.2 *Неправо активно поткупување* 52
1.9.3 *Посредување во давање на поткуп* 52
1.10 Противзаконито посредување 53
1.11 Оддавање на службена тајна 55
1.12 Фалсификување на службена исправа 57
1.13 Противзаконита наплата и исплата 59

ГЛАВА 3: КОМПАРАТИВЕН ПРЕГЛЕД - Како е правно (законски) регулирано кривичното дело злоупотреба на службена положба и овластување во некои земјите од ЕУ
1. Германија 61
2. Шпанија 70
3. Хрватска 72

Глава 4: ФЕНОМЕНОЛОГИЈА НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА СО ЕЛЕМЕНТИ НА ЗЛОУПОТРЕБА НА СЛУЖБЕНА ПОЛОЖБА И ОВЛАСТУВАЊЕ

1. Феноменологија на злоупотребата на службената положба и овластување 79
2.Учество на кривичните дела со елементи против злоупотребата на службена положба и овластување 80
3. Анализа на податоци 93
3.1 *Анализа на добиени резултати* 96

Глава 5 : ЕТИОЛОГИЈА НА КРИВИЧНТЕ ДЕЛА СО ЕЛЕМЕНТИ НА ЗЛОУПОТРЕБА НА СЛУЖБЕНА ПОЛОЖБА И ОВЛАСТУВАЊЕ

1. Етиолошки фактори 112
1.1 Корупцијата како фактор на криминалитетот со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување 112
1.2 Личноста, профилот на извршителите на кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување (социолошките и психолошките карактеристики на извршителите) 113
1.3. Жртвата кај криминалитетот со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување 116

Глава 6 : РАЗОТКРИВАЊЕ НА СТОРИТЕЛИ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА СО ЕЛЕМЕНТИ НА ЗЛОУПОТРЕБА НА СЛУЖБЕНА ПОЛОЖБА И ОВЛАСТУВАЊЕ

1. Мерки и активности за откривање на кривичните дела против злоупотреба на службена положба и овластување 118
2. Начини на дознавање 118
3. Разоткривање на кр.дела злоупотреба на службена положба и овластување 122
4. Криминалистичко истражување кај кривичните дела против злоупотреба на службена положба и овластување 126
4.1 *Видови на криминалистичко истражување* 127
4.2 *Криминалистичко истражување по системот од информација до реализација*. 128
4.3 *Криминалистичко размислување* 128
5. Мерки и дејствија за истражување на кривичните дела злоупотреба на службената положба и овластување 129

5.1 Оперативно - тактички мерки за откривање на извршители на кривичните дела злоупотреба на службена положба и овластување 130
5.1.1 *Соработка со населението - граѓаните* 130
5.1.2 *Легални извори* 131
5.1.3 Метод на аналогија 131
5.2 Истражни мерки и дејствија за разоткривање на сторители на кривични дела против злоупотреба на службена положба и овластување 133
5.3 Посебни истражни мерки за разоткривање на кривичното дело злоупотреба на службена положба и овластување 139
6. Обезбедување на докази 144
7. Цели, методи и концепти на финансиска истрага кај кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување 146
7.1 *Методи на финансиска истрага* 147
7.2 *Идентификација и замрзнување на противправнот стекнатите приноси кај кр. дела со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување* 147
8. Превенција кај криминалитетот со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување 149
Заклучок 152
Користена литература 155
Прилог 160

ВОВЕД

Кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување според своето значење и заштитниот објект претставуваат посебни кривични дела, па затоа и законодавецот ги има групирано во посебна група, која ги поседува голем број на спцеифични карактеристики кои на сите им одговараат.

Нивната основна карактеристика се состои во заштита на различниот облик на службената положба но и јавните овластувања. Со други зборови, законодавецот предвидел заштита од противправно делување на службените лица кои се носители на овластување во вршењето на службата, работата и должностите со кои се штити поширокиот интерес од поединечниот или интересот на една сама група од себе воспоставена.

Како сторители од оваа група на кривични дела со белези кои ги имаат против злоупотреба на службена положба и овластување може да се заклучи дека најголем број се извршители службени лица кои во своето работење заради остварување на своите или интересите на други лица ги прават овие кривични дела кои се на штета на други лица или предизвикуваат повреда на одредени права на другите лица.

Со други зборови, со цел да ги задоволат своите потреби, ја злоупотребуваат својата службена должност и овластување која се извршува преку користење исти но во кои со закон не се предвидени или извршување на службени овластувања кои истите не им де доделени, не се овластени да ги работат.

Кривичните дела со злоупотреба на службената должност можеме со право да констатираме дека претставуваат едни од најопасните општествени појави за што и законодавецот во голема мера ги има систематизирано и за истите има воспоставено инкриминации кои би биле не само од репресивен туку и од превентивен карактер на службените лица.

За целосно искористување на ваквиот облик на криминални дејствија, ниедна држава не може тоа да го направи, но со применување на разни мерки истото може многу да се сузбие, посебно преку превентивно работење во недозволеното однесување на одредени групи и поединци во вршење на своите службенички должности, би се свело на минимум.

Ваквиот облик на кривични дела, во пракса многу тешко се откриваат со оглед дека самите извршители на ваквите дела, своите криминални дејствија многу вешто ги прикриваат за органите на прогонот. Па затоа потребно и неопхдно е да се воведуваат разни мерки, методи, концепти и други дејствија со кои би се постигнало нивно разоткривање, начинот на дознавање како и прибирање на соодветни докази кои ќе бидат потребни во самата понатамошна кривична постапка.

Главен предмет на обработка во овој магистерски труд ќе бидат кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување и истиов магистерски труд е поделен на неколку глави кои ги разработуваат во одделни делови ваквите кривични дела

Првата глава се однесува на истражувачкиот дел, поточно на самата формулација на проблемот, научната и општествената оправданост, потоа определување на предметот на истражување во кој одделно ке бидат разработени теоретското определување, односно поимно - категоријалниот апарат, поточно на поимите кои ќе бидат искористени во самото истражување, потоа ќе биде и разработено операционалното, дисциплинарното како и временско-просторното определување на предметот на истражувањето, начинот на кој ке го спроведиме истражувањето, целта која што сакаме да ја постигнеме со ова истражување, хипотезите, како и на оправданоста, научна и општествена, што би ја имал овој труд.

Втората глава на овој наш труд се однесува на кривично-правните аспекти на кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување во Република Северна Македонија. Во оваа група ќе се задржиме на самото дефинирање на ваквите кривични дела сместени во Глава 30 од Кривичниот законик на Република Северна Македонија, каде што темелно ке бидат презентирани и најбитните карактеристики на овие кривични дела и со прикажани примери од пракса одделно за секое од кривичните дела (студија на случај)

Во третата глава ке биде направен компаративен преглед со одредени земји членки на ЕУ за нивниот поставен казнен ситем за кривични дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување, попрецизно како кај нив овие казниви дела се системски претставени во кривичните законици и како истите се борат за откривање на нивните сторители.

Во четвратата глава е сместена феноменологијата на кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување, во која ќе се обрне внимание на самиот обем, динамика, појавни облици на самите кривични дела, на територијата што ни е и предмет на истражување а кој предмет е однапред дефиниран и определен.

Тоа ке се постигне преку феноменолошките карактеристики на овие кривични дела во периодот од 2013 година до 2017 година на територија на Република Северна Македонија, но и преку детална разработка за овие кривични дела од извршена анонимна анкета на јавното мислење за истиве овие дела.

Ке биде презентирана процентуалната застапеност на овие кривични дела истакната преку табели и графикони, на нивниот обем, соодносот на машката со женската популација на пријавени и осудени лица, соучесништвото, возраста, образованието, етничката припадност, според звањето на работното место, изречените санкции кон сторителите.

Во петата глава е разработена етиологијата на овие кривични дела, преку етиолошките фактори, условите, мотивот, поводот кој се јавува како стимулатор кај одредени вработени службени лица за да извршат вакви кривични дела, односно причини кои силно допринесуваат врз самите службени и одговорни лица, истите да се впуштат во вршење на кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување.

Во шестата глава ке биде темелно разработено самото разоткривање на сторителите на кривичните дела против злоупотребата на службена положба и овластување, преку криминалистичкото и финансиското истражување со примена на познатите мерки, методи, дејствија, цели и концепти се со цел да се дојде до извршителите на овие дела. На самиот крај ке биде вметната и превенцијата за ваквите кривични дела.

Овој магистерски труд ке биде завршен со заклучок како и со понудени предлози.

Глава 1 : МЕТОДОЛОШКИ ДЕЛ

1.Формулација на проблемот

Злоупотребата на службената положба и овластување во најголем случај ги опфаќа противправните однесувања на лицата кои злоупотребувајќи ја својата службена положба и искористувајќи ја својата функција, превземаат криминални активности насочени кон остварување на противправна имотна корист. Противправните однесувања може да бидат пропратени и со непочитување на законските прописи или заобиколување на истите.

Кривичните дела кои во себе имаат елементи против злоупотреба на службена положба и овластување се типично корумптивни кривични дела и истите спаѓаат во Глава 30 од Кривичниот законик на Република Северна Македонија.[1] Значењето на оваа проблематика може да се потенцира и со фактот што голем дел од Кривичните законици на Европските држави, во дефинирање на посебниот дел, како доста влијателни во општеството пред се поради нанесување на штета на поединци, но пред се на буџетите на самите држави, во преден ред ги стават и кривичните дела против злоупотребата на службена положба и овластување.

Криминалните однесувања со елементи на злоупотреба на службена положба во најголем број на случаи се вршат или во потесен круг без знаење на други лица, или пак со заедничко делување на повеќе сторители кој делуваат тајно, а за да ги прикријат направените криминални злоупотреби, односно трагите , а се вршат и други криминални однесувања како што се уништување, изменување, прикривање на документи каде можат да бидат пронајдени и видени нивните криминални дејствија.

Со оглед дека овие кривични дела можат да бидат извршени само од службени и одговорни лица, тие се составен дел на деликтите со специфичен субјект на извршување (***delictapropria***). Сторителите на кривичните дела со елементи на злоупотреба на службената положба и овластувања во најголем случај се образовани лица, кои доста добро им е позната законската регулатива и истите многу вешто ги сокриваат трагите од нивната криминална активност, па затоа е потребно органите на

[1] Кривичен законик на РСМ, Службен весник на РСМ, број.80/99, 4/02, 43/03,19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08, 139/08, 114/09,51/11, 136/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 14/14, 37/14, 28/14, 115/14 и 132/14

прогонот да ја засилат тимската, планираната и координираната активност со што би се дошло до навремено и побрзо разоткривање на сторителе на ваквите кривични дела.

Кривичните дела против злоупотребата на службена положба и овластување во себе ги носат сите обележја од современите кривични дела, а тоа се: масовност, професионалност, организираност, рецидивизам, мобилност, динамичност, прилагодливост, интернационализам и слично.

Личните својства на сторителите, општествено-економските и социјалните услови на самото живеење, престижот и одредениот статус во општеството, се значајни услови кои го поттикнуваат извршувањето на кривичните дела со елементи на злоупотреба на службената должност.

Криминалните дејствија со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување се доста сложени и специфични, и за нивно разоткривање, расветлување и докажување е неопходна адекватна примена на плански мерки и активности, како и изнаоѓање на методи и начини за обезбедување на доказниот материјал преку примена на посебните истражни мерки (ПИМ).

Примарна цел за секоја држава е да се превентира кон ваквите незаконски однесувања на поединци и групи, и да ги принуди своите однесувања и надлежности да ги извршуваат во согласност со законските прописи.

Правосудната полиција која е под надлежност на Јавниот обвинител и истата има надлежност за разоткривање на кривични дела, применуваат соодветни оперативни- тактички мерки и активности во насока на спречување и разоткривање на извршување на кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување , нивните сторители, како и собирање на доказен материјал.[2]

Успешно водење на криминалистичките и финансиските истраги како паралелни истраги се битен предуслов за водење на кривичните постапки и изрекувањето на соодветните санкции за сторените кривични дела, но не станува само збор само за разотркивање и санкционирање на сторителите, туку и за спроведување на конфискација на противправно стекнатиот имот и пари, бидејќи само преку

[2] Николоска, С. *„Кривични дела против службената должност“* Графотранс - Скопје, 2008 година

конфискација ќе им се намали мотивираноста на сторителите и тие ќе сфатат дека криминалот не се исплатува.

Во самата главна рамка во кое ќе се движи ова истражување се однесува на методолошкиот дел, на етиологијата и феноменологијата, на кривично правните и криминолошките асепкти како и мерките, методите, целите и концептите во разоткривањето на сторителите на кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување.

Поради разоткривање, сузбивање на овој вид на криминалитет, нудењето на решенија за превенција, како и во име на општата благосостојба и безбедноста на идните поколенија, предмет и интерес ќе бидат кривичните дела против злоупотребата на службената положба и овластување, како и карактеристиките на сторители на овие кривични дела.

1.1 Научна и општествена оправданост

Научно значење на истражувањево се состои во тоа што би помогнало во надополнување на постоечката како и поставување на нова литература за овој специфичен проблем.

Со оглед на тоа дека на овој наш простор многу малку или во поново време не се спроведувани истражувања за ваквите кривични дела, преку ова истражување би се добила појасна слика за распространетоста, штетните последици како и превентивната ресоцијализацијата на сторителите. Со секое ново истражување во било која област така и во областа во која што влегува ова мое истражување ќе се придобијат нови сознанија кои можат да и послужат на целокупната јавност.

Самите добиени резултати можат да придонесат за подобро запознавање на условите и факторите кои влијаат врз овие кривични дела, а со тоа во иднина да дадат придонес да бидат пронајдени и понудени одредени решенија за намалување на извршувањето на кривичните дела со елементи против злоупотреба на службена положба и овластување.

Со ова истражување би се допринесло и во подигањето на свеста кај населението во врска со овој криминален проблем кој е присутен. Луѓето, пред се службените и одговорните лица би го сфатиле посериозно, и со своето превентивно делување како и самата држава во сите свои сегменти би влијаела на намалување на овие кривични дела, а со тоа и би се помогнало на самата наука и општество во пронаоѓање на одредени нови механизми и методи.

2.Определеување на предметот на истражување

2.1 Теоретско определување на предметот на истражување

Предмет на ова истражување секако се кривичните дела со елементи против злоупотребата на службената положба и овластување, сторителот на овие кривични дела и неговото разотркивање како специфичен општествен проблем.

Како предмет на истражување може да заклучиме дека е и анализирањето, теоретското и практичното разгледување на кривичните дела против злоупотреба на службена должност со подетална анализа на сите кривични дела кои се сместени во Глава 30 од КЗ на РСМ а се однесуваат на деликти кои во себе содржат елементи или карактеристики на злоупотреба на службената положба и овластување, етиологијата и феноменологијата како и методите, мерките целите и концептите за разоткривање на сторителите, но и за превенцијата на овие кривични дела од органите на прогонот во севкупниот криминалитет.

Ако само за момент се послужиме со литературата која ни стои на располагање, која е од областа на криминалитетот, односно која истото го проучува, нема да ни е потребно многу време да констатираме и да заклучиме дека кривичните дела против службената должност се имаат појавено многу поодамна и биле присутни низ сите општествени промени и за истите биле и тогаш предвидени законици кои со тек на време се надополнувале и изменувале со оглед на тие постоечки промени во општеството.

Од постоечките сознанија може да констатираме дека ваквите кривични дела се многу повеќе присутни во поново време со промена на политичката власт во државата.

Кривичните дела против злоупотреба на службена должност особено се карактеризираат со постоење на различити облици на злоупотреба на службената положба и овластување од страна на службените лица во самото тековно извршување, а да споменеме дека постојат и такви професии пред кои, пред превземање на службените дејствија и пред засновањето на работниот однос, истите се засновани под заклетва .

Најмногу се работи за случаи кога се злоупотребува општествената функција, односно јавното овластување кое им е дадено со закон или со некој друг правен акт, што се манифестира низ различити облици, кои што имаат за последица да нанесат штета на општештвото, на поедини личности, но најмногу штета се однесува на

буџетот на самата држава. Секако за државата е многу битен факт и од големо значење да се заштити општеството од ваквите криминални дејствија, што се манифестира со законски прописи за оваа група на кривични дела заедно и одговарајќи за секое поединечно и со одредена санкција.

Кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување припаѓаат во областа на економско-финансискиот криминалитет и во јавноста привлекуваат големо внимание.

Под поимот службена должност се подразбира должноста која службените и одговрните лица ја имаат спрема некого, спрема државата или спрема службата, врз основа на дадени овластувања и законските прописи кон кои што се должни да се придржуваат и своите работни задачи да ги извршуваат во интерес на службата.

Кривичните дела кои се однесуваат против службената должност може да бидат забележани и сретнати во сите институции на државата, и како сторители може да се јават разни категории почнувајќи од најниски административни службеници, па се до највисоките службеници и одговорни лица кои што имаат висока функција во инстутициите и општо во општествениот ситем. Исто така сторителите на криминалитетот со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување се лица кои припаѓаат на средните и на високите општествени слоеви и кои имаат одредена позиција и моќ во општеството, што не е случај кај класичниот криминалитет, каде сторителите потекнуваат од обичните слоеви.

Како предмет на истражување ке бидат криминалните однесувања предвидени во Кривичниот законик на Република Северна Македонија, односно кривичните дела кои што се наведени во Глава 30 со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување,истите детално разработени како и со постоечки примери во праксата.

Како такви се кривичните дела: Злоупотреба на службена положба и овластување, Повреда на чување на државната граница, Неизвршување на наредба, Несовесно работење во службата, Проневера во службата, Измама во службата, Послужување во службата, Примање поткуп, Давање на поткуп, Противзаконско

посредување, Оддавање на службена тајна, Фалсификување на службена исправа и Противзаконита исплата и наплата.

Но за да може одредена држава правилно да функционира, не треба да се усвојуваат закони, туку таквите постоечки закон доследно да се применуваат, да се воведуваат нови стратегии за борба и превенција против злоупотреба на злоупотребата на власта.

Одреден дел на ова истражување ке биде насочен кон феноменолошките карактеристики на кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена власт, преку јавна објавена анкета за мислење на анкетирани испитаници за оваа група на кривични дела, но и од постоечките до сега обработени и достапни статистички податоци на релевантни институции кои се баваат со оваа проблематика, а се мисли на државниот завод за статистика.

Покрај феноменолошките карактеристики, во истражувањето ке бидат детално обработени и етиолошките фактори кои допринесуваат за некое лице биде сторител на оваа група на кривични дела, односно личноста-профилот на извршителот, психолошките и социолошките карактеристики на сторителот како и жртвата кај овие деликти.

На самиот крај од ова истражување како најважен дел за нас, ке биде анализирано разоткривањето на сторителите на кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување со детално анализирање на постоечката превенција и нејзино надградување во иднина.

Многу значајно во предметот на истражување е да се направи точно дефинирање на предметот на интерес и негово јасно разграничување со нему блиските кривични дела за да би се избегнале некои забуни.

2.2 Поимно категоријален апарат

Во рамките на поимно-категоријалниот апарат ќе ги дефинираме поимите кои ќе ги користиме во истражувањето. Дел од тие поими кои најчесто ке бидат

употребувани се содржани во самиот наслов на истражувањето, а останатите поми ќе бидат користени за подобро, полесно и поточно доаѓање до целта на истражувањето.

Службена положба - е збир на права и овластувања на службените и одговорните лица, кои што се воспоставуваат со изборот, именувањето, поставувањето или на друг легален начин конституирирањето на тоа својство.

Службени должности - се подразбира збир на обврски што произлегуваат од јавно-правниот карактер на функцијата на службата, кон кои мора да се придржуваат лицата во тие служби.

Службено лице - како службени лица се означени и наброени како сторители на кривично дело во член 122 од КЗ на РСМ.

Одговорно лице - се смета лице во правното лице на кое со оглед на неговата функција или врз посебни овластувања во правното лице, му е доверен определен круг на работи.

Кривично дело - се подразбира општествени поведенија на луѓето со кои се повредуваат (оштетуваат или загрозуваат) добрата, вредностите, интересите и односите на поединецот и заедницата, што законодавецот ги прогласил за особено значајни и заради тоа ги ставил под кривично правна заштита.

Злоупотреба - секое однесување кое што е спротивно на интересите на службата.

За искористување на службената положба и овластување - се зборува тогаш кога службеното лице во вршење на службените дејствија останува во границите на своето овластување врзано за неговата функција, или за посебно добиени овластувања, но сепак врши злоупотреби на тие овластување во таа смисла што постапува во несообразност со потребите на службата, со задачите на установата, во вистинска смисла , цел и намена на една институција или на една мерка што тој ја применува.

Пречекорување на границите на службеното овластување - се состои во донесување на акти од страна на службените лица кои што се од туѓа а не од своја надлежност.

Неизвршување на службена должност - се состои во непревземање на службени дејствија, кои што му ги налага службата.

Превенција - Систем на мерки и активности кои се преземаат со цел да се спречи однесување во одредена општествена средина, кое може да резултира со сериозни последици како за државата така и за нејзините граѓани.

2.3 Операционално одредување на предметот на истражување

Операционото определување како поим од потесно значење можеме да кажеме дека во прв ред ги утврдува причините за појавата на проблемот кој ни е предмет на научно истражување, ги утврдува и на непосреден начин и ги доловува мотивите и условите без разлика дали истите тие се дирекни (непосредни) или индирекни (посредни).

За да се сфати самиот проблем на истражувањето односно оваа појава, потребно е да се земат во предвид сите причини и фактори кои се содржани во овој предмет на истражување.

Кога би навлегле во спектарот на причини и фактори кои придонесуваат кон појава на деликти против службената должност ке дојдиме до заклучок дека најзначајно место завземаат негативните појави и случување, како и желбата за на лесен и брз начин збогатување, кариерно унапредување, желбата за моќ во општеството и друго.

Како најчести фактори и причини кои го детерминираат криминалитетот се класифицираат општите фактори , посебни и поединечни.

Како надворешни фактори кои имаат влијание врз криминално однесување на личноста се економските: кризата, богатството, сиромаштијата, невработеноста, секако вклучувајќи ги и политичките и странските влијанија во самото општествено живеење.

За да се зборува за објективните фактори на сторителите на овие кривични дела, треба да се земе во предвид неговото субјективно однесување, неговите лични карактерни својства како што се карактерот, мотивите, навиките, идеалите, емоциите. Самите лични и професионални својства на сторителите на криминал поврзан со

злоупотреба на службена положба и овластување, се тие кои го прават овој криминалитет да се вброи во редот на професионален-стручен криминалитет.

2.4 Дисциплинарно определување на предметот

Нашава тема на интерес се кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување и преку разотркивање на истите претставува интердисциплинарно со оглед на тоа дека е дел од кривичното право, криминилогијата, криминалистиката, социологијата, економијата но и други сродни општетсвени науки.

Кривичното право ги опфаќа инкриминирањето на кривичните дела во рамките на националните законодавства и санкции за сторителите кои ги пречекориле и прекршиле позитивните норми.

Со оглед на тоа дека криминалитетот е хетерогена појава и потребно е негово изучување од најразлични агли и аспекти, се прифаќа ставот дека се присутни повеќе дисциплинарни гранки во самиот дел во предметот на истражување.

2.5 Временско и просторно одредување на предметот на истражување

Истражувањето се однесува на територија на Република Северна Македонија во период од 2013 година до 2017 година.

2.5.1 Временско одредување на предметот на истражување

- од 2013 година до 2017 година (податоци земени од Државен завод за статистика);
- Истражувачки податоци добиени преку анонимно анкетно испитување на јавното мислење (во период од месец април до месец мај 2020 година на целата територија на РСМ)

2.5.2 Просторно одредување на предметот на истражување

Истражувањето ќе се простира на целата територија на Република Северна Македонија.

3. Цел на истражувањето

3.1 Општа цел на истражувањето

Оваа цел има задача да се прикажат причините, обемот, појавните облици, методите, целите, мерките и концептите на разотркивање на сторителите на кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување. Истражувањето има задача и за превенција и нудење на стратегија за во иднина за сузбивање на залоупотребата на службената положба и овластување , што би било општествено корисно во сите сегменти. Исто така би се добило и една појасна слика за органите на прогонот во државата кои се занимаваат со овие кривични дела, за нивната ефикасност и ефективност во спречувањето како и во сузбивањето, подобро препознавање и навремено и брзо реагирање , за на најбрз можен начин истото да се подобри.

Обработката на оваа тема и нејзиниот финален продукт може да се искористи особено во оние држави каде што овој вид на криминалитет е позастапен, заради негово подобро препознавање, проучување и информирање на пошироката јавност. Преку нејзините анализа треба да се набљудуваат општествените промени кои би можеле да носат предупредувачки знаци неопходни за навремена реакција.

3.2 Теоретски цели на истражувањето

3.2.1 Научна - оштествена цел на истражувањето

За да биде разбрана појавата на кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување, потребно е прво да се конструира целосна слика за истите, како и да се прикаже состојбата не само во европски рамки туку и во нашата територија, за да се навлезе подлабоко во суштината на проблематиката. Освен тоа, резултатите на ова истражување кои ке се добијат, со оглед на се поголемиот раст на овој вид на криминалитет во државава, треба и може да помогне на сите вклучени органи на прогонот за нивното превентивно делување и пронаоѓање, односно разоткривање на сторителите на кривичните дела со злоупотреба на службената должност, а со тоа и намалување на степенот на овој вид криминалитет.

Ваквите резултати, ќе и бидат потребни и на целокупната јавност како и на самото население, и притоа подобро би се запознале со причините и факторите кои доведуваат до тоа зошто некој би станал сторител на кривични дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување.

Исто така добиените податоци од ова истражување можат да бидат искористени и за други заинтересирани граѓани, медиуми, невладини организации, поточно секој кој сака да се занимава или пак се занимава со овие криминални поведенија.

4. Хипотези

Од постоењето на светот до денес човекот се стреми да си го подобри својот живот и животот на неговото семејство со одобрување на подбри услови за живот. Мотивот за стекнување на богатства е речиси најсилен без поставување на горна граница. Во остварување на своите мотиви, човекот ги преминува границите на легално стекнување со богатства и драстично навлегува во илегалното-забранетото со убедување дека нема да биде откриен и санкциониран.

Имајќи го во предвид нашево истражување, теоретски се допушта да се изведат поголем број на хипотези, но сепак ние ќе искористиме неколку кои според мое мислење ке дадат најсоодветен одговор на темата на интерес, односно би не доближиле поблиску до целта на истражувањето.

Генерална хипотеза: Кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување како и разоткривање на нивните сторители се доста присутни во Република Северна Македонија и влегуваат со висок број во целокупниот криминалитет.

Генералната хипотеза ќе биде проверена преку добиените резултати од јавното мислење на анкетниот прашалник на ова истражување.

Заради сеопфатноста на истражувањето поставивме и **поединечни хипотези.**

1.Кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување во РСМ доживува експанзија во периодот на општествено-економската ситуација во државата;

2. Сторителите на овие кривични дела се од машки пол, образовани лица, од повисок општествен слој, со моќ и можно општествено влијание во општествено-економскиот и правниот систем;

3. Доминантен мотив за извршување на ова криминална активност е стекнувањето на противправна имотна корист на брз начин без да бидат откриени;

4. Како објект на напад најчесто се пари и имот;

5. Во вршење на овие кривични дела, постои поврзаност помеѓу личноста и професијата проследена со искористување на доверените овластувања;

6. Сторителите на овие кривични дела најчесто се откриваат преку оперативно-тактички и истражни мерки;

7. Најголема штета од ваквиот криминалитет има буџетот на државата како и одредени поединци.

8. При извршување на овие кривични дела во најголем случај постои само еден учесник;

9. Како сторители на овие кривични дела се јавуваат службени и одговорни лица;

10. Фактори-причини за извршување на овие кривични дела се желбата за брз начин на збогатување, тајноста во извршувањето, тешкото откривање, мотивот за подобра позиција во општеството и во организацијата;

11.Овие кривични дела во поново време се доста застапени во јавноста;

12. Постојат повеќе облици кај овие кривични дела што ги прави различни;

13. При разотркивање на овие кривични дела се применуваат плански мерки и активности, разни методи, оперативно-тактички мерки, концепти.

5. Начин на истражување (Методи и техники на истражувањето)

Секое научно истражување има свој специфичен начин на доаѓање до потребните податоци и нивна обработка и презентирање. Со оглед на тоа дека станува збор за сериозно истражување и бидејќи се однесува на една палета на систематизирани кривични дела против злоупотребата на службената положба и овластување како и разоткривањето на нивните сторители, се применуваат соодветни методи и истражни техники кои ке не доведат до поставените цели.

Во текот на истражувањето ке биде применувани методи како што се: компаративниот, нормативен, статистичкиот и анализа на содржина.

- *Компаративниот метод* ке го употребиме при споредување на кривично правното решение на кривичните дела против злоупотреба на службена положба и овластување и разоткривање на нивните сторители низ годините во Република Северна Македонија, како и со законските прописи и решенија на други европски земји.

- Со *нормативниот метод* ке се придонесе за анализирање на одредбите од Кривичниот законик

- Ке биде користена и *анализа на содржина* со секундарни податоци кои ке бидат добиени од надлежен орган и анкетирани граѓани:

- *Кривични законици* на одреден број на европски држави, членки на Европската унија;

- *Публикации на Државниот завод за статистика* - од податоците на Државниот завод за статистика со помош се разбира на компаративниот метод ќе дадеме одговор на бројот на сите кривичните дела сместени во Глава 30 од Кз на РСМ за период кој го истражуваме (2013 год - 2017 год) и врз основа на таа бројка ќе се донесат одредени заклучоци за појавата на овие кривични дела, за застапеноста на сторителите. Резултатите од статистичката анализа ке бидат презентирани преку проценти, индекси, табели и графикони;

- *Анкетен прашалник* - преку овој анонимен анкетен прашалник на анкетирани граѓани од на целата територија на РСМ ке се добијат одговори на однапред

изготвени и поставените прашања се со цел да се добие појасна слика колку е запознаено населението за ваквите кривични дела

6. Научна и општествена оправданост

6.1 Научна оправданост

Научната оправданост на истражувањето се состои во тоа што би помогнало во надополнување на постоечката како и поставување на нова литература за овој специфичен проблем.

Со оглед на тоа дека во нашава држава многу малку во поново време се спроведуваат истражувања за овие кривични дела, сакам преку ова мое истражување да помогнам да се добие појасна слика за распространетоста, начините и мерките на разоткривање на сторителите, штетните последици но и превентивноста и ресоцијализација на сторителите на ваквите кривични дела.

Со секое ново истражување во било која област така и во областа во која што влегува ова мое истражување, ќе допринесам да се добијат нови сознанија кои можат да послужат на целокупната јавност. Добиените резултати можат да бидат еден вид на подобро запознавање на приликите и факторите кои влијаат врз овие кривични дела, а со тоа во иднина на секое службено и одговорно лице како и државата преку сите свои расположливи механизми вметнати во сите сегменти, да дадат допринос да се изнајдат и понудат нови, подобри и поусовршени од постоечките решенија се со цел да се намали извршувањето на кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување.

6.2 Општествена оправданост

За општествената оправданост може да се потенцира дека таа е нераскинливо поврзана со научната оправданост и истата треба да биде барана во сензибилноста на темата како и во раната превенција на монструозноста и тежината на ваквите кривични дела.

Исто така, со ова истражување би се подигнала свеста кај населението, пред се кај службените и одговорните лица на кои им се доверени функции и овластувања да извршуваат јавни и државнички работи, односно истиве посериозно би го сфатиле овој проблем и со своето превентивно делување, но и на државата преку нејзиното делување во сите свои сегменти би се влијаело на намалување на овие кривични дела а со тоа и би се помогнало и на самата наука и на општеството во пронаоѓање на одредени механизми.

ГЛАВА 2 : КРИВИЧНО ПРАВНИ АСПЕКТИ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА СО ЕЛЕМЕНТИ НА ЗЛОУПОТРЕБА НА СЛУЖБЕНА ПОЛОЖБА И ОВЛАСТУВАЊЕ

1. Правно норимирање на кривичните дела против злоупотреба на службена положба и овластување

Во кривичните дела против службената положба и овластување се опфатени сите кривични дела каде постојат елементи, каде се напаѓа службената должност и истите се сместени во триесеттата глава од Кривичниот законик на Република Северна Македонија.

Овие кривични дела се доста застапени во економскиот криминал како многу масовни и опасни криминални појави, со огромна штета што истите ја предизвикуваат кон буџетот на државата, и се доста препознатливи кај јавноста и им се посветува поголемо внимание.[3]

Кривичните дела против службената должност, уште се познати и под името службени кривични дела, и претставуваат деликти што се извршуваат во вршење на службената должност и јавните овластувања од страна на службените лица во вршење на службената должност.[4]

Делата за кои се својствени овие обележја и карактеристики се т.н ***прави службени кривични дела***, со оглед дека може да ги извршуваат само службени лица, па затоа тие се составен дел на деликтите со специфичен субјект на извршување (*delicta propria*). Покрај правите, постојат исто така т.н ***неправи кривични дела***, како потежок (квалификуван вид) на општите кривични дела, ако се извршени од страна на службено лице кое делото го извршува во остварувањето на службената должност, односно со пречекорување на службенато овластување.[5]

Значи како ***општи службени кривични дела*** се оние кои што ги извршуваат службените лица во вршење на службената должност, а ***посебни службени кривични дела*** се оние што се извршуваат во вршењето на некои карактеристични функции.

Со оглед на ***својството*** на извршетелот, постои поделба на посебни и општи кривични дела (*delicta propria* и *delicta comunia*). Во првата група како извршител се

[3] Расимовиќ, Р.„*Злоупотреба службеног положаја"*. Наука, Безбедност, полиција, 2010, стр. 130
[4] Darencivnovic, D i Dragicevic-Prtenjaca, M, „*Kaznena djela protiv sluzbene duznosti"* , Zagreb, 2009, стр. 55
[5] Новоселец, П. „*Злоупотреба положаја како господарско казнено дјело".* Хрватски летопис за казнено право и праксу, број 9, Загреб, 2002, стр. 10

јавува службено или одговорно лице а во втората група кај општите кривични дела спаѓаат делата што може да бидат извршени од секое лице кое немаат посебен статус (на пример давање поткуп).[6]

Во однос на ***субјективното битие***, службените кривични дела секогаш се извршуваат со умисла, со исклучок на кривичното дело оддавање на службена тајна, кое може да биде извршено и од небрежност.[7]

Со инкриминирање на посебно кривично дело против службената положба, не се губи општиот поим на злоупотреба кај групата на овие кривични дела. Најпрво, злоупотребата на службена положба останува важен поим и добива други значења. Тоа не е само општ поим за секое службено кривично дело, туку посебен поим за одредени кривични дела со елементи на службена должност, кои што се вклучуваат во поширокиот поим на кривичните дела против службената положба и овластување.[8]

Во кривичниот законик на Република Северна Македонија, кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување, како инкриминација претрпуваат неколку измени и надополнувања кои ги опфаќаат криминалните поведенија кои се однесуваат на извршувањето, неизвршувањето или искористувањето на службената должност.[9]

1.1 Злоупотреба на службена положба и овластување (ЗСПО)

Општиот карактер на кривичното дело против службената должност се состои во тоа одредено дејствие против службената должност да не може да се квалификува под оваа одредба, доколку во него се содржани обележја кои во себе ги содржи некое

[6] Јовашевиќ, Д и Хешимбеговиќ, Т. „*Злоупотреба службеног положаја"*. Београд, 2001, стр.56
[7] Јовашевиќ, Д. „*Службена кривична дела, одговорност и кажњивост"*. Зборник радова Правног факултета Нишу,, LXIII, 2012, стр. 46
[8] Витларов, Т. „*Репресија и превенција против корупцијата"* Скопје, 2006, стр. 183
[9] Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик на РСМ, Службен весник на РСМ, бр.114/09 од 14.09.2009 година

од посебните дела против службената должност кое во себе ги содржи елементите на ова општо дело (*lex speciajalis derogat legi generali*).

Злоупотребата на службената положба е одредено постапување спротивно на обврската на службеното лице да постапува законито и правилно, па со оглед на тоа првенствено кај ова дело е незаконито постапување, но не секогаш незаконитото постапување само по себе не е кривично дело и не претставува злоупотреба на службената положба во кривично-правна смисла.

Поимот на злоупотреба на службена положба како кривично дело се остварува кога службеното лице го извршува дејствието за себе или друг да прибави некаква корист или на друг да му нанесе штета.[10]

Кривичното дело ЗСПО, во теоријата може да биде сфатено во ***објективна смисла*** (кога службеното лице постапува надвор или ги пречекорува границите) и во ***субјективна смисла*** (кога останува во своите граници на службената положба и овластување, но не дејствува во интерес на службата туку сака да оствари свој интерес, или интерес на друго лице).

Во однос на *субјективната страна* потреба е секогаш ***умисла*** што се состои во свест и сакање дека се искористува сопствената службена положба и овлстување, пречекорување на границата на службено овластување или не се извршува службената должност.

Односот со другите дела е детерминиран од општата и супсидијарната природа на делото. Поради односот на специјалитет не постои идеален стек меѓу општиот облик на ова дело и посебните кривични дела против службената должност, туку е во прашање привиден стек. Од друга страна, можен е стек со кривичното дело фалсификување на исправа, доколку ова дело не се јавува како средство за злоупотреба.

Под поимот злоупотреба, во најтесна смисла може да се подразбере секое однесување кое е спротивно на интересите на службата.

Како потенцијални сторители на ова кривично дело се сите оние службени и одговорни лица и сите определени со закон лица, единствено во вршење на нивната

[10] Проевски, Ј. *„Кривичен законик - објаснувања, коментари и судска практика“.* Агенција Академик, Скопје, 1998, стр. 700

службена положба. Противправните однесувања на службените лица надвор од службата, колку и да се опасни за општеството, не претставуваат кривични дела против службената должност.

Нашето законодавство го одредува поимот на злоупотреба на службена положба и овластување само кога во себе ги опфаќа елементите на објеквитивната и субјективната смисла на злоупотреба во членот 353 од КЗ.

Со оглед на ова, кривичното дело на Злоупотреба на службена положба и овластување **се појавува** во ***три облици-дејствија*** и тоа:[11]

1) *Искористување на службената положба овластување;*
2) *Пречекорување на границите на службеното овластување и*
3) *Неизвршување на својата службена должност.*

Ова кривично дело може да биде извршено кумулативно низ некои од наведените дејствија.

1.1.1 Искористување на службената положба и овластување

Службената положба е збир на права и овластувања на службените и одговорните лица, кои што се воспоставуваат со изборот, именувањето, поставувањето или на друг легален начин конституирање на тоа својство. Во самата позиција на овие

[11] Витларов, Т. „*Репресија и превенција против корупцијата*“ Скопје, 2006, стр. 185

лица, по правило доаѓаат должности и овластувања кои што имаат своја содржина и свои обврски.[12]

За искористување на службената положба[13] се зборува тогаш кога службеното лице во вршење на службеното дејствие останува во границите на своето овластување врзано за неговата функција или за посебно добиените овластувања, но сепак, врши злоупотреба на тие овластувања во таа смисла што, постапува во несообразност со потребите на службата, со задачите на установата, со вистинска смисла, цел и намена на една институција или на една мерка што тој ја применува.

Искористувањето на службената положба и овластување постои кога службеното лице во остварувањето на прибавувањето за себе или за друг некаква корист или на друг да му нанесе штета, ги користи овластувањата кои произлегуваат од неговата положба, кои не произлегуваат по право од неговата положба, туку од самото својство на службено лице.

Најтипичен пример за ова е злоупотребата во врска со дискреционите овластувања што ги имаат одредени службеници.

Овде се работи за случаи кога службеното лице има широки овластувања, самиот тој, да ја цени целесообразноста на еден акт и врз основа на ваква оцена да донесе конкретна одлука.[14]

Меѓутоа, при дискреционата отцена, службеното лице не се раководи, од интересите на службата, спротивни на службата, за прибавување за себе или за друг имотна корист, односно нанесување на штета на друг што значи со еден збор, службеното лице ги искористува во други цели, кои што се спротивни на интересите на службата.

Многу во пракса ваквии случаи на злоупотреба на службена положба се среќаваат при донесување на разни управни акти со дискрециони овластувања што е случај на давање на разни согласности или одобренија од надлежни управни органи за изградба на објекти, за отпочнување со работа на угостителски објекти, на трговски

[12] Mijic, M. „Krivicno delo Zloupotrebe sluzbenog polozaja“ Glasnik - Advoktske komore Vojvodine, broj 2/80
[13] Бачиќ, Ф. „Кривично право - посебен дел“ Скопје, 1973, стр.415
[14] Tahovic, J. „*Krivicno pravo - posebni deo“* Naucna knjiga, Beograd, 1990, стр. 461

друштва и итно каде не се раководи од интересите за службата туку од лични свои или туѓи интереси.

1.1.2 Пречекорување на границите на службеното овластување

За содржината на овој поим, во теоријата постојат различни мислења. ***Пречекорувањето на границите на службеното овластување*** според *Таховиќ* [15],се состои во донесување на акти од страна на службени лица кои што се од туѓа, а не од своја надлежност, кој акт е незаконит и од објективна гледна точка, бидејќи со него се врши повреда на одредени прописи, со кои се одредува надлежноста на делокругот на работа на одредно службено лице. Според истиот автор, поимот пречекорување подразбира само службени дејствија кои што се вршат или се донесуваат акти од надлежност на повисоки, претпоставени органи.

Спротивно на ваквото мислење има *Лазаревиќ* [16] во случаи на пречекорување на службените овластувања, службеното лице превзема службени дејствија, кои што се во надлежност на друго службено лице, при што ирелевантно дали тоа службено лице се наоѓа во однос на надредениот или подредениот спрема службеното лице кое што ги пречекорило своите службени овластувања.

Според авторите, *Бачиќ - Шепаровиќ* [17] сметаат дека овој облик на кривично дело постои и кога службеното лице превзема службено дејствие за кое што е потребно да се има посебно овластување.

Според нашиот кривичар, академикот *Владо Камбовски* ,[18] кај ова кривично дело се работи за постапување на службено лице што задржува службен карактер, но излегува надвор од границите на овластувањата на службеното лице. Покрај ова дело, претставува и вршење на друго службено дејствие што не е во надлежност на сторителот.

Така, пречекорувањето постои и кога претпоставеното службено лице ќе превземе дејствие за кое е надлежно одредено службено лице, а нема овластување за преземање такво дејствие.

---

[15] Tahovic, J. „*Krivicno pravo - posebni deo"* Naucna knjiga, Beograd, 1990, стр. 463
[16] Lazarevic, Lj „Krivicno pravo, posebni deo" Sovremena administracija, Beograd, 1981, стр. 685
[17] Bacic - Separovic, *„Krivicno pravo - Posebni deo",* Zagreb, 1992, стр. 392
[18] Камбовски, В. „*Казнено право, Посебен дел"* Просветно дело, Скопје, 1997, стр. 496

Според авторот *Атанацковиќ* [19], пречекорување на границите на своите службени овластувања, според некои мислења, постојат и во случаи кога службено лице ги пречекорило своите службени должности од надлежност на некое друго службено лице.

Очигледно при постоење на вакви различити мислења кои во поголема или помала мерка се надополнуваат едно со друго, се добива заклучок дека за секој конкретен случај, при оценка како да го квалификуваме дејствието на службеното лице, односно дали се работи за пречекорување на границите на службеното овластување, треба да се водиме од основниот факт кој што е заеднички за сите мислења, а тоа се прописите со кои се определуваат овластувањата во рамките на службената должност.[20]

Во сите случаи, кога ке се утврди дека службеното лице постапило надвор од своите овластувања и дадени рамки односно превзело дејствие што не е во негова надлежност, а за тоа не прибавило претходна согласност од претпоставеното лице, истото ќе го класифицираме како пречекорување на границите на службено овластување.

1.1.3 Неизвршување на службена должност

Ова е третиот облик на извршување на кривичното дело Злоупотреба на службена положба и овластување. Кривичното дело постои кога службеното лице е

[19] Atanackovic, D „*Krivicno pravo, posebni deo*“ Beograd, 1985, стр. 576
[20] Витларов, Т. „*Репресија и превенција против корупцијата*“ Скопје, 2006, стр. 189

свесно дека не презема или пропушта да превземе службено дејствие кое е во рамките на неговите службени овластувања и кое е должно да ги превземе.[21]

Неизвршување на службената должност се состои во непревземање на службени дејствија, кои што му ги налага службата. Ова постои во случаеви кога службеното лице не го донело актот, иако било должно да го донеси, кога одбива да реши некој случај од својата надлежност или кога одбива да издаде решение кое го бара граѓанинот.

Секое неизвршување на службената положба, автоматски не претставува и кривично дело на злоупотреба. Злоупотребата е само она неизвршување на својата должност кога сторителот не ги почитува законските и другите прописи, со што причинува некоја од наведните последици пропишани во законското битие на ова кривично дело- прибавување за себе или за друг некаква корист или нанесување штета на друг.

Според *Атанацковиќ.*[22], ова неизвршување може да се состои како потполно нечинење, така и во формално чинење. а суштинско нечинење, од каде и се разликува неизвршувањето на службената должност во формална и во материјална смисла на зборот.

Како илустрација за неизвршување на службена должност во материјална смисла може да се земе според примерот на *Камбовски* [23] повторно вршење на претрес на стан и неоткривање на она што се бара или насочување на службеното дејствие кон погрешен адресат.

1.1.4 Услови за инкриминација

Кривичното дело злоупотреба на службена положба и овластување од член 353 од КЗ на РСМ според терминологијата во законското битие .. ***„ ќе прибави “*** ..., се

[21] Проевски, Ј. *„Кривичен законик - објаснувања, коментари и судска практика“.* Агенција Академик, Скопје, 1998, стр. 701
[22] Atanackovic, D „*Krivicno pravo, posebni deo“* Beograd, 1985, стр. 570
[23] Камбовски, В. „*Казнено право, Посебен дел“* Просветно дело, Скопје, 1997, стр. 497

смета дека е довршено кога сторителот за ова кривично дело прибавил за себе или за друг некаква корист или на друг ќе му нанесе штета.

Значи делото е сторено кога ќе настанат наведените последици како резултат на дејствијата на сторителот на ова кривично дело, односно кога помеѓу дејствијата и последиците содржани во законското битие, постои каузилитет.

Последиците може да погодат некои од субјектите кои што во кривичното дело ги нарекуваме како пасивни и како такви може да бидат субјекти на право или интереси, може да биде физичко или правно лице, група граѓани, државата и итно.[24]

Во кривично правна смисла, под ***поимот корист*** се подразбира секое зголемување или подобрување на својот или туѓ имот, односно спречување на намалување на имотот или неговата вредност, создавање поволна положба или погодност.

Штетата, секогаш, по правило е претставена во обратна смисла на поимот корист, иако по правило таа е претставена како мерило на штета односно корист што не може да биде само субјективното чуство на лицето чии што интерес е загрозен, туку и според објективните сфаќања за настанатите промени или фактичката состојба.[25]

Пример[26] бр. 1

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при МВР, до ОЈО Кочани поднесе кривична пријава против З.С вработен како инспектор во Надворешната канцаларија за криминалистички работи во

[24] Tomanovic, M, „*Krivicno pravo - Posebni deo" Naucna knjiga, Beograd, 1953, стр. 158*
[25] Витларов, Т. „*Репресија и превенција против корупцијата"* Скопје, 2006, стр. 191
[26] Примерот е преземен од https://www.pravdiko.mk/politsiski-inspektor-krivichno-prijaven- za-zloupotreba-na-sluzbena-polozba-i-ovlastuvana/

Кочани, поради основано сомнение дека сторил продолжено кривично дело - „Злоупотреба на службена положба и овластување“ , по член 353 став 2 од КЗ на РСМ.

Имено пријавениот, со непревземање на службените дејствија во рамките на овластувањата дозволил да застарат кривични пријави со што предизвикал штета на засегнати граѓани од 409 000 денари. Против полицискиот службеник е поведена и постапка за утврдување на дисциплинска одговорност и истиот ќе биде суспендиран до работното место до завршување на постапката.

Од дадениот пример може да забележиме дека пријавениот ја искористил својата службена положба и овластување, што со негово неизвршување на службена должност, односно со непревземење на службени дејствија кои бил должен да ги изврши, на одредена група граѓани им нанел значителна штета за кое и му е покренато обвинение.

1.2 Повреда на чување на државната граница

Ова кривично дело е предвидено во член 353 - а од КЗ на РСМ [27] и гласи:

1) Службено лице кое вршејќи ја службата на границата ќе постапи спротивно на прописите за чување на државна граница, па поради тоа ќе

[27] Кривичен законик на РСМ, Службен весник на РСМ, број.80/99, 4/02, 43/03,19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08 , 139/08, 114/09,51/11, 136/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 14/14, 37/14, 28/14, 115/14 и 132/14

настанат потешки штетни последици за службата или службата е потешко загрозена, ќе се казни со казна затвор од три месеци до три години;

2) Ако поради делото од став 1 настапила тешка телесна повреда или имотна штета од големи размери или настапиле други тешки последици, сторителот ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години;
3) Ако поради делото од став 1 настапила смрт на некое лице, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години;
4) Ако делото од став 1 е сторено од небрежност, сторителот ќе се казни со парична казна или со казна затвор до една година;
5) Ако поради делото од став 4 настапила последицата од став 2, сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор до три години, а ако настапила последица од став 3, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.

Наведенава инкриминација е од понов датум, која е донесена во услови кога државната граница ја презеде за чување граничната полиција, а бидејќи вработените имаат статус на овластени службени лица ова дело е ставено како посебен вид на злоупотреба на службена положба и овластување.

1.3 Неизвршување на наредба

Ова кривично дело кое има елементи со злоупотреба на службена положба и овластување е предвидено во член 353 - б од Кз на РСМ [28] и предвидува:

[28] Кривичен законик на РСМ, Службен весник на РСМ, број.80/99, 4/02, 43/03,19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08 , 139/08, 114/09,51/11, 136/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 14/14, 37/14, 28/14, 115/14 и 132/14

1) Службено лице кое при вршење на должност што се однесува на спречување на откривање на кривични дела, фаќање на сторители на кривични дела или одржување на јавниот ред, мир и безбедност на земјата не изврши или одбие да изврши наредба на претпоставен да преземе некое службено дејствие, па поради тоа ќе настапи потешка повреда на правата на друг, потешко, нарушување на јавниот ред и мир или значителна имотна корист, ќе се казни со затвор од три месеци до три години;
2) Службено лице кое од небрежност нема да ја изврши наредбата на предпоставениот од став 1, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година;
3) Нема кривично дело, ако службеното лице одбие да изврши незаконита наредба.

Неизвршувањето на наредба е инкриминација предвидена за криминалните однесувања во редовите на полициските службеници во извршување на своите службени должности во рамките на преземање или непреземање на работи или работни задачи за кои е издадена писмена или во итни случаи усна наредба од страна на претпоставените лица. Меѓутоа, нема да се смета за кривично дело доколку по наредба на претпоставен полицискиот службеник е должен и има обврска да преземе дејствие со кое ќе направи кривично дело за кое знае дека е инкриминирано со закон.[29]

Пример број 2: [30]

Вработен во СВР Охрид заработил мерка парична казна заради пречекорување на службените овластувања согласно, одредбите од Колективниот договор, соопшти МВР. Парична казна во износ од 15 % од месечната плата во

[29] Џуклески, Г и Николоска, С. „*Економска криминалистика"* Скопје, 2008, стр 106
[30] Примерот е превземен од http://daily.mk/vesti/sankcionirani-chetvorica-policajci-od-ohrid-i-struga-2

траење од еден месец поради неизвршување на наредба од претпоставенен старешина изречена му е на полициският службеник во ПС Охрид.

Во дадениов пример се гледа дека полициският службеник не извршил наредба од својот претпоставен, а многу добро е познато дека во полицијата е застапен хиерархискиот принцип на работење и непочитување на наредбите на претпоставеното лице од страна на подредениот е криминално однесување што е и казниво.

1.4 Несовесно работење во службата

Ова кривично дело е вметнато во членот 353 - в од КЗ на РСМ и гласи:

1) Службено лице или одговорно лице во јавно претпријатие или јавна установа со повреда на законските прописи за судир на интереси или за несовесно постапување при вршење на дискреционите овластувања, со

пропуштање на должен надзор или на друг начин очигледно несовесно постапува во вршење на своите овластувања и должности и со тоа ќе прибави за себе или за друг некаква корист или на друг ќе му нанеси штета, ќе се казни со затвор од три месеци до три години;

2) Ако сторителот на делото од став 1 прибави поголема имотна корист или предизвика поголема имотна штета или потешко ги повреди правата на друг, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години;
3) Ако сторителот од делото од став 1 прибави значителна имотна корист или нанеси значителна штета , ќе се казни со затвор од една до десет години;
4) Со казната од ставовите 1, 2, и 3 ќе се казни и одговорното лице во странско правно лице кое што има преставништво во Република Северна Македонија или лице кое врши работи од јавен интерес, ако делото е сторено во вршење на неговото посебно овластување или должност, определено со закон.[31]

Несовесното работење во службата е инкриминација која не постоеше во КЗ од 1996 година, со оглед дека има правен недостаток со најновите измени и дополнување беше внесена оваа инкриминација со најновите измени и надополнувања во 2004 година, што и во поширока смисла претставува корупциско дело.. Целта на оваа инкриминација е спречување на одредени свесни или небрежни однесувања и санкционирања на судирот на интереси кога службените лица имаат-личен интерес кој

[31] Кривичен законик на РСМ, Службен весник на РСМ, број.80/99, 4/02, 43/03,19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08 , 139/08, 114/09,51/11, 136/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 14/14, 37/14, 28/14, 115/14 и 132/14

влијае или може да влијае на нивната непристрасност во извршување на јавните должности. Личниот интерес е најчеста причина за злоупотреба на службена положба.[32]

Според описот на дејствијата на сторување, во законското битие на кривичното дело, освен умислата која се состои во свест за почитување на законските обврски и овластувања на сторителите и почитување на законските одредби на судир на интереси, се пропишува казнување и за одредени небрежни однесувања.

Службеното лице во извршување на своите јавни овластувања и должности е должно да постапува во согласност со Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори.

Според законот службеното лице е должно да ги почитува начелата на законитост, еднаквост, ефикасност, доверба, независност, јавност, непристрасност, чесност и професионалност во извршување на јавните овластувања и должности но и да постапува совесно, чесно, стручно, без дискриминација и со целосно почитување на човековите права и слободи и човечкото достоинство.

Многу често се поставува прашање дали службените и одговорни лица може да го исклучат својот личен интерес, кој сепак е зависен од својата личност, професионалност, замајќи ги во голема мера и другите влијанија кои може да влијаат на него како што се пријателските, роднинските, партиските и другИ врски.

Оттука се доаѓа до заклучок дека личниот интерес е најчеста причина за злоупотреба на службена положба и овластување кога и доаѓа до судирот со општествениот интерес кога службените и одговорните лица ја користат својата службена положба за да ги задоволат сопствените интереси, но и на своите најблиски. Често се практикува непозтизмот во доделување на функции или други почести на свои блиски роднини или пријатели, без притоа да се запази стручноста, квалитетот и искуството или обрзованието кај кандидатите, благо речено моќта и положбата на одредени индивидуи им донесуваат на одредени неподобни луѓе, поклонети позиции, функции, работни места.

[32] Витларов, Т. „*Репресија и превенција против корупцијата“* Скопје, 2006, стр. 237

Пример број: 3

СВР Штип поднесе кривична пријава против Л.С (61), од Кочани, поранешна вработена во банка во кочани, поради основано сомнение за сторено кривично дело „несовесно работење во службата“. На 13.11.2016 година, во својство на благајник во банката, без знаење и присуство на одговорните лица од Штип, како и физичкото лице од Кочани, извршила седум незаконски трансакции во вкупен износ од 12 100 000 денари, на штета на физичко лице од Штип.

Во понудениот пример може да видиме дека лицето Л.С ја злоупотребило својата службена должност што во неколку наврати извршила трансакции и со тоа го сторила кривичното дело несовесно работење во службата од член 353 - в од КЗ.

1.5 Проневера во службата

Кривичното дело проневера е деликт против службената должност со кое се заштитува законитото и правилното постапување од страна на лицето каде во тој делокруг на работа се содржани овластувањата во однос на управувањето, располагањето и користењето со имотот, средствата, доверени во службата.

Со оглед на овие елементи на објективното битие, со инкриминацијата воедно се заштитуваат имотот, како и односот на доверба што се воспоставува според споменатите основи во врска со имотот, што би дошло до една констатација според овие две функции дека инкриминацијата на проневерата е специјален облик на кривично дело затајување, со оглед на располагањето со средствата доверени во службата.[33]

Според законскиот опис, ова дело се состои во тоа што извршителот со намера за себе или за друг да прибави противправна имотна корист, присвои пари, хартии од вредност или други подвижни предмети доверени во службата.[34]

Дејствието на извршување на делото како што може да забележиме се состои во присвојување на пари, хартии од вредност или други подвижни предмети, со намера за себе или за друг да прибави противправна имотна корист.

За постоење на службата потребно е овие предмети да му се доверени на извршителот во службата. Предметите треба да се наоѓаат во владение на извршителот во моментот на извршување на делото, врз одредена правна основа која може да биде различна, што е непосредно поврзана со вршењето на службата.

Кривичното дело е довршено со присвојување на некој од овие предмети со намера за прибавување за себе или за друг противправна имотна корист, што претпоставува предметот што се присвојува да има одредена имотна вредност.

Извршител на делото може да биде службено лице, потребна е умисла и намера кај ова дело и постојат потешки облици во однос на вредноста на прибавената имотна корист.

Проневерата, е слично но многу различна од кривичното дело послужување во службата.

Заеднички страни им се својството на извршителот и предметот на дејствието, додека суштествената разлика кај нив се гледа во намерата на извршителот.

---

[33] Проевски, Ј. *„Кривичен законик - објаснувања, коментари и судска практика“.* Агенција Академик, Скопје, 1998, стр. 703

[34] Член 354 од Кривичен законик на РСМ, Службен весник на РСМ, број.80/99, 4/02, 43/03,19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08 , 139/08, 114/09,51/11, 136/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 14/14, 37/14, 28/14, 115/14 и 132/14

Кај кривичното дело проневера и злоупотребата на службена положба и затајувањето е исклучен иделаниот стек, но како можен реален стек да постои помеѓу кривичното дело проневера во службата со фалсфикување на службена исправа.

За постоење на кривичното дело проневера суштествено е да се утврди и докажи елементот на противправно присвојување, како обележје на кривичното дело.

Пример број 4 [35]

Во временскиот период од 31.01.2017 година до 19.02.2018 година, лицето Д. М како одговорно лице-самостоен соработник за управување со физички лица, вработен во општествено правно лице Шпаркасе Банка АД,С сукцесивно, во седумнаесет

[35] Примерот е позајмен од судските одлуки на Основен суд Скопје 1 истакнати на нивната официјална страна sud.mk (XV. к.бр.217/19)

наврати, од благајната на оштетеното правно лице, со намера за себе да прибави противправна имотна корист од девизната сметка на сведокот-клиент , Д. М со бр... отворена во оштетеното правно лице, присвоил туѓи подвижни предмети - пари кои му биле доверени во службата, во вкупен износ од 76.450 швајцарски франци во денарска противвредност, од 3.991.202 денари, кој износ е значителен, на начин што согласно упатството и процедурата за благајничко работење на Шпаркасе Банка Ад С, изготвувал „Рекапитулатор“ во кој внесувал невистини податоци од евиденција на сите тековни трансакции како истите да кореспондираат со налозите за наводна уплата. На 31.01.20017 во 12,12 часот присвоил 4000 франкови, на 18.04.2017 во 13,05 присвоил 10 000 франкови, 14.06.2017 во 10,44 часот противправно присвоил 3 000 франкови, на 13.07.2017 во 14,13 часот присвоил 4 000 ш. франкови, на 21.07.2017 во 14,46 часот 2 000 ш.франкови, на 07.08.2017 во 11,49 часот 5 900 ш.франкови, на 15.08.2017 во 09,54 3 700 ш.франкови, 31.10.2017 во 08,38 часот присвоил 5 500 ш.франкови, на 13.11.2017 во 15,41 часот 4 500 ш.франкови, 27.11.2017 во 13,21 часот 5 000 франкови, на 28.11.2017 во 16,11 часот 2 310 ш.франкови, на 07.12.2017 во 11,15 часот 5 700 ш. франкови, на 09.12.2017 во 10,02 часот 1 950 ш.франкови, на 13.01.2018 во 10,43 часот 3 900 ш.франкови, на 25.01.2018 во 13,32 часот 4 820 ш.франкови, 06.02.2018 во 16,07 часот 7 000 ш.франкови и на 19.02.2018 година во 10,30 часот противправно повторно за себе присвоил 3 500 швајцарски франкови повторно, како и претходните случаи преку својата шифра за работа, и во електронскиот систем на оштетеното правно лице внел трансакција „Исплата на девизи во образец ... “ за наводно извршена исплата со „Налог за исплата-образец ...“ на сведокот за да во 14,37 часот изготвил рекапилутар во кој во графа ... евидентирал дека за сметка број ... валута .. е извршена трансакција на наведениот износ, кој рекапитулар во долниот десен агол своерачно го потпишал и заверил со официјалниот печат на оштетеното правно лице со број на благајна ... со кој бил задолжен.

Како што можеме да видиме од посочениов пример, лицето Д. М, кое работело како службено лице во Шпаркасе банка АД Скопје, како службено лице самостоен

сароботник, во повеќе наврати извршил казниви дејствија со што и го сторил кривичното дело Проневера во службата според член 254 став 3 од КЗ на РСМ.

1.6 Измама во службата

Кривичното дело измама во службата е предвидено во член 355 од Кривичниот законик на Република Северна Македонија.[36]

Ова кривично дело се состои во тоа што службеното лице во вршење на службата со намера за себе или за друг да прибави противправна имотна корист со поднесување на лажни сметки или на друг начин, доведува во заблуда овластено лице да изврши незаконита работа. Објект на заштита на ова дело е законитото и правилно вршење на службената должност во користењето и располагањето со средства.

Со оглед на обележјата на неговото објективно битие, делот е посебен облик на кривично дело измама, извршено од страна на службено лице во вршење на службената должност, установено под името-измама во службата.[37]

Дејствието на извршување на ова дело е доведување во заблуда на овластено лице со поднесување на лажни сметки или на друг начин, со што се создава погрешна претстава за постоење на обврска и правна основа за исплата на одредениот износ.

Во заблудата треба да биде доведено лице во чии делокруг е одобрување или исплата на средствата по сметки поднесени за исплата, или лице кое според некоја друга правна основа е овластено да ги извршува овој вид на работи.

Покрај тоа, исплатата, што значи дека извршителот на кривичното дело нема воопшто право на исплата, или на износ што се бара.

За постоење на кривичното дело, за разлика од општото дело на измама, потребно е извршителот измамата да ја извршува во вршење на службата, и да постои намера за прибавување на противправна имотна корист за себе.

Во однос на вината мора да постои умисла што се состои во свест и сакање на овластеното лице кое мора да биде службено, со поднесување на лажна сметка, или на друг начин да доведе до заблуда и да изврши незаконита исплата.

Пример борј 5 [38]

[36] Кривичен законик на РСМ, Службен весник на РСМ, број.80/99, 4/02, 43/03,19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08 , 139/08, 114/09,51/11, 136/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 14/14, 37/14, 28/14, 115/14 и 132/14

[37] Проевски, Ј. *„Кривичен законик - објаснувања, коментари и судска практика“.* Агенција Академик, Скопје, 1998, стр. 706

СВР Велес поднесе кривична пријава против адвокатот Б. М (30) од Велес, поради основи за сомнение дека сторил кривично дело „Измама во службата“ поради што пријавениот делото го извршил во текот на изминатите три месеци, на тој начин што во 79 случаи ги преправил вторите примероци од обрасците ПП50, допишувајќи уште една бројка пред вистински уплатени пари за судски такси за тужба.

Имено лицата кои преку него барале обештетување од ЕВН во висина од 18 денари, тој го злоупотребил. На уплатницата наместо 480 денари во банка уплатувал 80 денари, додека четворката ја запишувал подоцна на веќе плетената уплатница. Со извршеното противправно дејствие пријавениот го оштетил Основниот суд Велес за сума од 34 000 денари.

Од посочениот пример можеме да констатираме дека постои кривичното дело злоупотреба во службата од страна на пријавеното лице Б.М, адвокат од Велес, кое со чиста свест и сакање поднесувало лажни уплатни сметки за судска такса, со што го ставал во заблуда оштетеното лице Основниот суд Велес и со таквото дејствие за себе прибавил противправна имотна корист.

1.7. Послужување во службата

[38] Примерот е позајмен од страницата tirekovmirice.com/Novost/Велешки-адвокат-го-измамил-судот%2C-полицијата-го-гони-кривично

Ова кривично дело е предвидено во член 356 од Кривичниот законик на Република Северна Македонија[39] и како дело се состои во тоа што извршителот неовластено се послужува со пари, хартии од вредност, или со други подвижни предмети доверени во службата, или овие предмети неовластено му ги даде на друг да се послужи.

Исто така, кај ова кривично дело се заштитува законитото и правилното вршење на делокругот на работите во однос на управувањето и користењето на довереният имот, како и од него неовластено користење и располагање со него.

Кај ова дело извршителот неовластено се послужува за потоа да ги врати предметите и за тоа, но доколку послужувањето е законски врз основа на законска основа што тоа го овозможува, нема да постои кривичното дело послужување, со оглед дека недостига елементот на неовластено послужување.

Не се смета значи за послужување ако предметот со знаење на одговорните лица е даден со реверс од лице на кое предметот е доверен во работата. Пречекорувањето на рокот за враќање на предметот претставува граѓанско-правен однос.

Во однос на субјективната страна потребна е умисла што се состои во свест дека неовластено се послужува со предмет доверен во службата, а извршителот на делото може да биде службено лице на кого му се довери подвижни предмети или пари, хартии од вредност.

Пример број 6 [40]

[39] Кривичен законик на РСМ, Службен весник на РСМ, број.80/99, 4/02, 43/03,19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08 , 139/08, 114/09,51/11, 136/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 14/14, 37/14, 28/14, 115/14 и 132/14

[40] Примерот е презеен од страната на Sud.mk - Case-E227E291-F26A-4BAE-9B34-3C260D482F18 - Основен суд Битола К.бр.493/19

Обвинетото лице Љ. Г, на ден 08.09.2018 година, во својство на службено лице - шалтерски работник во Македонска пошта, подружница Битола, пошта лоцирана во село ... , неовластено се послужил со пари доверени во службата како готовина во благајната во износ од 143 432 денари, кои при извршена редовна контрола на 10.09.2018 година било констатирано како кусок од страна на теренските контролори .

Од овој пример може да заклучиме дека лицето со преземените свои дејствија ги остварил основните обележја на кривичното дело „Послужување во службата“ по член 356 од Кривичниот законик, со самото тоа што како службенио лице неовластено се послужил со пари доверени во службата и делото го извршиле со директна умисла со оглед на тоа дека тие биле свесни за своето дело и го посакувале неговото извршување со парите кои им биле доверени во службата и сакале да се послужат.

1.8 Примање на поткуп

Примањето поткуп или како што популарно се нарекува во сите меѓународни документи за борба против корупцијата, пасивно поткупување, еден од облиците на корупција.

Како општетствена појава корумпираноста е директно спротивна на правниот поредок тврден со Уставот на РСМ, на заложбите за законитост во функционирањето на државниот механизам и на еднаквоста на граѓаните пред законот, на заштитата на правата и слободите, на авторитетот на правото и довербата во работата на државните органи и донесените нивни одлуки.[41]

Правната природа на ова кривично дело е спорна. Иако негови извршители можат да бидат само службени лица, односно во битието определени лица, а делото се врши во службата, тоа е специфично во однос на останатите кривични дела против службената должност.

Според авторот *Таховиќ* [42] , кривичното дело на поткупување, за свој објект на заштита го има правилното функционирање на службата, во таа смисла што

[41] Проевски, Ј. *„Кривичен законик - објаснувања, коментари и судска практика“.* Агенција Академик, Скопје, 1998, стр. 709
[42] Tahovic, J. „*Krivicno pravo - posebni deo“* Naucna knjiga, Beograd, 1990, стр. 474

поврзување на службеното дејствие за некакво примање, може да доведе до нарушување во вршење на службата, а со тоа и донесување на незаконит акт. Последицата на поткупот , според овој автор, се манифестира и влијае на текот и нарушувањето на правилното вршење на службата што не е карактеристика само на ова кривично дело, туку и на останатите кривични дела против службената должност.

Според авторот *Лазаревиќ* [43] , објектот на заштита кај кривичното дело примање поткуп не е толку правилното функционирање на службата, туку, пред се, ненаплативоста во службата.

Службените лица примаат одредена плата за вршење на својата служба и никакви други примања не се дозволиви.

Според авторот *Крауз* [44], кој смета дека правната природа на ова кривично дело, единствено го смета мислењето дека објект на заштита кај ова кривично дело е службената должност.

Авторот *Чајовиќ* [45] смета дека кривичното дело примање поткуп, спаѓа во многу сериозните кривични дела, од причина што примањето на наградата претставува кршење на правилата на службата и рушење на угледот, како на службените лица, така и на самата службена должност, што таквите однесување на службените лица можат да створат навики, и во иднина да бараат и примаат поклони.

Кривичното дело примање поткуп се појавува во три основни облици:[46]

1. *Примање поткуп за да се извршат незаконски службени дејствија* ***(право на пасивно поткупување);***

[43] Lazarevic, Lj „*Krivicno pravo, posebni deo*“ Sovremena administracija, Beograd, 1981, стр. 715
[44] Krauz, B. „*Krivicna dela protiv sluzbene duznosti*“, Prirucnik br.2/58, Zagreb, стр. 158
[45] Cejovic, B, Krivicno pravo, Posebni deo, Beograd, 1980, стр.370
[46] Витларов, Т. „*Репресија и превенција против корупцијата“* Скопје, 2006, стр. 203

2. *Примање поткуп за да се извршат законски службени овластувања (**неправо пасивно поткупување**) и*
3. *Примање поткуп по извршено службено дејствие (**дополнително поткупување**).*

Самата постоечка инкриминација на кривичното дело примање поткуп [47], претставува правна основа и инструмент за сузбивање, како тежок облик на корупција што се состои во пасивно поткупување на службено или одговорно лице.

1.8.1 Право пасивно поткупување

[47] Член 357 од Кривичен законик на РСМ, Службен весник на РСМ, број.80/99, 4/02, 43/03,19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08 , 139/08, 114/09,51/11, 136/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 14/14, 37/14, 28/14, 115/14 и 132/14

Делото се состои во барање, примање или примено ветување за подарок или друга имотна корист, од страна на службено лице, за да во рамките на своето службено овластување:

- *Изврши службено дејствие што не би морал да го изврши или*
- *Да не изврши службено дејствие што би морал да го изврши.*

Дејствието на извршување се состои во барање [48] или примање на подарок [49] или друга корист или примено ветување за подарок или друга корист [50].

Барањето односно примањето како подарок, треба да се врши како надоместок или награда за извршување на една службена должност, што би значело доколку се прими подарок, од други причини нема да постои ова кривично дело.

Барањето односно примањето може да се изврши по директен пат, со зборови или спогодба, но тоа може да се изврши и со конклудентно дејство.

Ако сторителот вербално одвива да го прими подарокот или било каква друга корист, но со своите постапки покажува дека го прима подарокот, се смета дека го прифатил подарокот и тоа дејствие е казниво.

Исто така барањето или примањето на подарок односно било која друга корист, може да се изведе посредно преку еден или повеќе посредници што нивниот број е ирелевантен за правната квалификација на ова кривично дело и непосредно.

Дејствијата на извршување на овој облик на кривично дело, може да се извршат како кај дискреционите службени овластувања, така и кај службените овластувања кои што службеното лице му се стриктно одредени.

Во пракса, најчест облик на кривичното дело примање на поткуп може да се сретне во манифестирањето низ извршувањето на службените дејствија кои што не би смеел да ги изврши

[48] Под ***поимот на барање***, се подразбира самоиницијативно барање на подарок во врска со извршување на службената должност, односно условување на извршување на една службена должност со некој подарок.

[49]Под ***поимот подарок*** се подразбира имотна вредност која се добива без надоместок со што сторителот со добивање на подарокот стекнува имотна корист. Предмет на подарок може да бидат различни добра како на пример: пари, девизи, хартии од вредност, уметнички дела и сите подвижни предмети кои што имаат употребена вредност, имаат вредност. Исто така, предмет на подарок може да бидат и недвижни предмети, како и прва што може да се пренесуваат на друг.

[50] Под ***поимот друга корист***, се подразбира како имотна, така и неимотна корист како што е: добивање кредит надвор од пропишаните услови, добивање на работно место-вработување, добивање стипендија, специјализација и друго.

Пример бр. 7 [51]: *На 23 Декември, во ресторан на булеварот „Филип Втори Македонски“, лицето осомничено П.П како службено лице-контролор во Фондот за здраствено осигурување-Подрачна единица Скопје, директно побарал имотна корист за себе за да извршат службено дејствие што не би смееле да го извршат, односно од оштетениот побарале парични средства во износ од 30 000 денари за да не изречат парична казна или друга санкција за правното лице - Приватна здраствена установа чии сопственик и управител е оштетениот.*

Контролата од осомниченото лице во здраствената установа го извршило од 16-19 декември, по што бил изготвен записник во кој биле констатирани неправилности при изготвување на образец за привремена спреченост за работа на пациент, на кој оштетениот му бил матичен лекар. После изготвување на записникот осомниченият понудил да не биде изречена санкција за контролираното правно лице, а за возврат побарал парична награда поткуп од 30 000 денари при што и бил договорен терминот и местото на средба каде ке биде извршено примопредавањето на побараните парични средства.

Од посочениов пример може да се констатира дека осомниченото лице со своето дејствие го сторило кривичното дело - примање поткуп по член.351 став 1 од Кривичниот законик

Втор облик на извршување на ова кривично дело е неизвршување на службена должност, што службеното лице би морало да ја изврши што законот предвидува од една до десет години затвор. Ова кривично дело е потешко од вториот облик на неправо пасивно поткупување, затоа што службеното лице, фактички, двојно греши, прима поткуп и врши незаконско дејствие.

1.8.2 Неправо пасивно поткупување

Ова е полесен облик на кривично дело примање на поткуп и се состои во тоа што извршителот т.е. службеното лице прима подарок или друга корист или прима

[51] jorm.gov.mk/Dvajca-kontrolori-vo-fondot-za-zdrastveno-osiguruvawe-osomniceni-za-primawe-na-potkup-od-lekar/

ветување на подарок или друга корист за да изврши во рамките на своето службено дејствие што би морало да го изврши, или да не го изврши службеното дејствие што не би смеело да го изврши.[52]

Основна карактеристика помеѓу неправото и правото пасивно поткупување се однесува на службените дејствија во врска со кое, односно поводот за кој се бара или прима подарок и друга корист.[53]

Според теоретичарот *Томановиќ* [54] , суштината на оваа инкриминација е да се спречи искористувањето на службената положба за остварување на лични интереси на службените лица.

Друг облик на ова кривично дело е неизвршување на службената должност која што службеното лице не би смеело да ја изврши што би значело дека однесувањето на службеното лице би било да бара поткуп, за во рамките на своите службени овластувања да се однесува како да било законито односно како што треба да се однесува и за ваквото дејствие е пропишана казна затвор од шест месеци до пет години.

Пример бр.8 [55] *Обвинето лице како службено лице - даночен инспектор во УЈП при МФ- даночно одделение Кавадарци, побарала парични средства од сметководител на правно лице од Неготино во вредност од 1000 евра за да не сочини записник од извршената контрола во правното лице во кој ке констатира неправилности во работењето за што ако не и бидат дадени пари ке треба да платат парична казна од многу повисок износ како правното така и одговорното лице.*

Во постоечкиов пример е даден опис на дејствија на сторување, дека овластеното службено лице со своето неизвршување на службената должност, со своето дејствие сторило кривично дело примање поткуп од член 357 став 2 од Кривичниот законик.

---

[52] Проевски, Ј. *„Кривичен законик - објаснувања, коментари и судска практика“.* Агенција Академик, Скопје, 1998, стр. 710
[53] Витларов, Т. „*Репресија и превенција против корупцијата“* Скопје, 2006, стр. 208
[54] Tomanovic, M, „*Krivicno pravo - Posebni deo“ Naucna knjiga, Beograd, 1953, стр. 225*
[55] jorm.gov.mk/danochen-inspektor-obvinet-za-primanje-potkup/

1.8.3 Дополнително поткупување

Уште во римското право било познато правилото дека судиите давале заклетва дека нема да примаат никаков подарок, како за време на вршење на својата должност така и по престанување на службата, што подоцна во современите кривични законодавства и теорија преовладува мислењето дека овие вакви дејствија мора да бидат казнети.

Кај ова кривично дело, нужно е сторителот да има својство на службено односно одговорно лице во време на сторување на делото, што не значи дека вакво својство сторителот мора да има и во време на судење на делото.[56]

Службените дејствија може да бидат како во правото така и на неправото поткупување, односно дејствието на извршување на ова кривично дело се состои во барање или примање на подарок односно друга корист од страна на службено лице после извршеното или неизвршеното службено дејствие без оглед дали тоа е законито или не е.

Од суштинска природа е подарокот или другата корист да се бара во врска со службено дејствие кое што претходи на барањето односно примањето на поклон или друга корист.[57]

Бидејќи во инкриминацијата не е одреден временскиот рок помеѓу дејствието на службеното лице и моментот на барањето односно примањето подарок, оправдано се поставува прашањето за должина на овој рок.[58]

За ова кривично дело, законот предвидува казна затвор од три месеци до три години.За кривичното дело примање на поткуп се смета дека е завршено со барањето или примањето на подарокот, односно друга корист, прифатено ветување за подарок

[56] Витларов, Т. „*Репресија и превенција против корупцијата“* Скопје, 2006, стр. 210
[57] Проевски, Ј. *„Кривичен законик - објаснувања, коментари и судска практика“.* Агенција Академик, Скопје, 1998, стр. 711
[58] Cejovic, B, Krivicno pravo, Posebni deo, Beograd, 1980, стр. 372

или друга корист односно по извршената или неизвршената службена должност, која што е во врска со тоа барање или примање подарок или друга корист.

1.9 Давање поткуп

За кривичното дело давање на поткуп, исто така се врши загрозување на законското вршење на службата, но од лица од надвор.

Ова кривично дело е познато уште и како активно поткупување, е и второ дело во контексот на поимот-*корупција.*

Кривичното дело давање на поткуп [59], се состои во давање на подарок или ветување подарок или друга корист да се изврши определено службено дејствие на службено или на одговорно лице под определени услови.

Со криминализирање на давањето на поткуп се воспоставува криминално - политичка и правна симетрија во однос на материјално-правните услови за кривична одговорност, што е мошне значајно за законито и справедливо сузбивање на примањето, давањето и посредувањето, како историодни дејствија на корупција.[60]

Законското битие на давањето на поткуп е конституирано врз еднинтични објективни и субјективни критериуми како и инкриминацијата за примање на поткуп, односно законот предвидува три облика :[61]

1) *Право активно поткупување;*
2) *Неправо активно поткупување;*
3) *Посредување во давање поткуп.*

1.9.1 Право активно поткупување

Претставува потежок облик на поткупување, кој според законската дефиниција се состои во тоа што сторителот (странката) на службеното или одговорното лице, ќе му даде или ќе му вети подарок или друга корист, за да изврши во рамките на своето службено овластување, службено дејствие што не би смеело да го изврши, или да не го

[59] Член 358 од Кривичен законик на РСМ, Службен весник на РСМ, број.80/99, 4/02, 43/03,19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08 , 139/08, 114/09,51/11, 136/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 14/14, 37/14, 28/14, 115/14 и 132/14

[60] Проевски, Ј. *„Кривичен законик - објаснувања, коментари и судска практика“.* Агенција Академик, Скопје, 1998, стр. 712

[61] Витларов, Т. „*Репресија и превенција против корупцијата“* Скопје, 2006, стр. 215

изврши службеното дејствие што би морало да го изврши. Делото го извршува и тој што посредува при поткупувањето на службеното-одговорното лице.

Самото дејствие на извршување е со давање подарок или ветување подарок или друга корист, или посредување- помагање во поткупувањето на службеното лице.

Значи подарокот или друга корист се ветени, кога давателот на било кој начин ја изразил својата волја или согласност да даде подарок, без оглед дали ветувањето е самоиницијативно од давателот, или на барање на друго лице, непосредно на службеното лице или посредно преку друго лице.

Пример бр. 9 [62]

Полициската станица во Дебар поради основано сомнение за сторено кривично дело „Давање на поткуп“, поднесува кривична пријава против М.Х (39) од Дебар. Имано, на 14 Септември 2015 година, пријавениот како сопственик на индивидуална земјоделска фирма „Чифлик Мирзо“-Дебар, на двајца вработени во Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој на РСМ, им дал една банкнота од 50 евра. Настанот се случил во Дебар при контрола-супервизија на земјоделска површина посеана со растителни производи, пченка, луцерка и граор, за кои пријавениот имал поднесено барање за субвенционирање.

М.Х знаејќи дека има разлика помеѓу посеаните земјоделски површини наведни во неговото барање за 46.967 метри квадратни и фактички посеаните земјоделски површини од 37.034 метри квадратни, на службените лица од Агенцијата им дал една банкнота од 50 евра со напомена дека сака да ги почасти ручек а контролата да биде во ред.

Од посочениов пример може да забележиме дека постои кривичното дело Давање на поткуп по член 358 од КЗ на РСМ, односно постои овде право активно поткупување со оглед дека се вметнати елементите на овој облик (присуство на волја на странката да даде подарок, подарокот е банкнота од 50 евра, и дејствието на извршување).

1.9.2 Неправо активно поткупување

[62] Примерот е позајмен од страната https"://tvm/vesti/ohrid/21957-krivicna-prijava-za-debarchanec-koj-daval-potkup

Ова е полесен облик на поткупување, кое според законскиот опис се состои во тоа што извршителот на службеното или одговорното лице ке му даде или вети подарок или друга корист за во рамките на своето службено овластување да изврши службено дејствие што би морало да го изврши, или да не го изврши службено дејствие што не би смеело да го изврши. Како извршител може да се појави секое лице а во однсо на вината потребна е свест

Пример бр.10 [63]

Секторот за внатрешни работи Куманово поднесе кривична пријава пторив лицето Т.С (23) од Струмица, поради постоење на основи на сомнение за кривично дело, со оглед дека именуваниот на ден 14 декември 2015 година, на граничниот премин „Табановце“ му дал поткуп од 20 евра на полицискиот службеник, за да му дозволи влез во Македонија без да го пријави на царинска контрола неговото патничко возило „рено меган“ по потекло од Словенија.

Во посочениов пример може да забележиме дека е сторено кривичното дело давање на поткуп односно неправо активно поткупување

1.9.3 Посредување во давање на поткуп

Посредувањето на давање на поткуп [64] е секое дејствие со кое некое друго лице придонесува ветениот подарок или друга корист да се реализира. Истото може да се стори на различни начини: воспоставување на врска помеѓу давателот и примателот на поткуп, пренесување на порака, соопштување на услови, примање на подарокот од

[63] Примерот е преземен од страната https://kanal5.com.mk/krivichna-za-strumichanec-koj-sakal-da-potkupi-policaec/a251790
[64] Lazarevic, Lj „*Krivicno pravo, posebni deo*“ Sovremena administracija, Beograd, 1981, стр. 720

давателот и негово пренесување до примателот и итно. Со еден збор, овде би биле опфатени сите дејствија со кои на било кој начин се реализира намерата на давателот, поткупот или другата корист односно ветување да дојде до примателот (службеното лице).

Посредникот, во сите овие случаи дејствува како поттикнувач на давање поткуп или како помагач, но законот ги инкриминира овие негови дејствија како извршување, така што тој е еден од извршителите на ова кривично дело.

За ваквите кривични дела каде најчест подарок се парите, на истите тие банкноти се одбележуваат нивните сериски броеви во посебен записник, но може и да се фотографираат. По давањето на подарокот на службеното лице, задолжително се врши одземање на дадениот подарок или имотна корист.

1.10 Противзаконито посредување

Кривичното дело противзаконито посредување [65] е од групата на дела на поткупување, со оглед на тоа што се посредува за награда да се изврши некое

[65] Член 359 од Кривичен законик на РСМ, Службен весник на РСМ, број.80/99, 4/02, 43/03,19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08 , 139/08, 114/09,51/11, 136/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 14/14, 37/14, 28/14, 115/14 и 132/14

службено дејствие со искористување на службената или општествената положба [66] или влијание. Значи ова кривично дело се состои во противзаконито посредување да се изврши или да не се изврши некоја службена должност. За ова кривично дело се пропишани три видови на облици : [67]

1) *Посредување за да се изврши законитото службено дејствие;*
2) *Посредување за да се изврши незаконитото дејствие;*
3) *Посредување за вршење незаконито службено дејствие за примање награда или друга корист.*

Првиот облик на ова кривично дело е полесен облик со оглед на тоа што извршителот посредува [68] да се изврши службено дејствие што би морало да се изврши, односно да не се изврши службено дејствие што не би ни смеело да се изврши. Самото дејствие на извршување се состои во примање награда или друга корист од страна на извршителот заради посредување.

Делото е довршено кога службеното лице ќе прими награда или друга корист за да изврши одрдено службено дејствие. Во примањето на наградата заради противзаконито посредување всушност се состои и противправноста и објективното битие. Пропишана казна за ваквиот облик е парична казна или затвор до три години.

Вториот облик на противзаконито посредување е да се изврши незаконито и недозволено посредување и претставува воедно и потежок облик.

Разликата од претходниот облик се состои во тоа што не е потребно сторителот за посредувањето да ја примил награда или друга корист. Во однос на вината секако потребна е и овде умисла што се состои во свест дека се прима наградата или друга корист да се посредува .

---

[66] Под ***поимот општествена положба*** се објаснува во смисла на постоење на можности за влијание, меѓутоа не со користење на службента положба и овластување , туку пред се , користење на угледот што го има некое лице во општеството Камбовски, В. „*Казнено право, Посебен дел"* Просветно дело, Скопје, 1997, стр. 163

[67] Витларов, Т. „*Репресија и превенција против корупцијата"* Скопје, 2006, стр. 225

[68] Под ***поимот посредување*** се смета: влијание - наговарање по усмен или писмен пат, ставање во изглед идно напредување во службата, ветување на подарок и друго. Како посредување не може да се смета принудување на службено лице, со сила или закана, да изврши или да не изврши дејствие Lazarevic, Lj „*Krivicno pravo, posebni deo*" Sovremena administracija, Beograd, 1981, стр. 713

Пропишана казна за ова дејствие е затвор од шест месеци до пет години.

Третиот облик постои кога за посредувањето во незаконското вршење на службените дејствија, како влијанието сторено во врска со покренување или водење кривична постапка против определено лице е примена награда или друга корист.[69]

За постоење на овој облик ирелевантно е дали користа е примена пред или после посредувањето, но битно е посредувањето да е сторено.

Извршител на делото може да биде секое лице кое со својата службена позиција и општествена положба и влијание може противзаконито да посредува.[70]

Пропишана казна за ова дејствие е од една до десет години.

Пример бр.11[71]

Адвокати од Скопје Ратко Боцески (62) и Благица Арсоска (51) по пријава на лице од Прилеп, која ја информирала полицијата дека од неа посочените лица прво и побарале 20.000 евра, а потоа 14.000 евра, а за возврат истите да издејствуваат поволна пресуда за нејзиниот брат Љ.С.

Од посочениот пример може да забележиме дека лицата Р.Б и Б.А, со своите дејствија го извршиле кривичното дело противзаконско посредување по член 359 став 3 и за што треба да биде покрната редовна кривична постапка.

1.11 Оддавање на службена тајна

Во интерес на правилно вршење на службената должност одредени податоци од доверлива природа осознаени во службата да не можат да се направат достапни на јавноста и да му се соопштуваат на друг. Затоа интересот на службата, а и пошироко општестествениот интерес , бараат да се сочуваат како тајна одредени податоци, кои што се одкриени во вршењето на службата. Таквите податоци може да бидат со

[69] Витларов, Т. „*Репресија и превенција против корупцијата"* Скопје, 2006, стр. 229
[70] Проевски, Ј. *„Кривичен законик - објаснувања, коментари и судска практика".* Агенција Академик, Скопје, 1998, стр. 716
[71] Примерот е земен од www.utrinski.com.mk/default.aps?itemID=03757DB9271023488EA48F46F03DB874

различна содржина (службен карактер, економски, политички, воен, безбедносен и сл) и истите се достапни само на мал број на луѓе и нивното неовластено соопштување , може да биде загрозено ефикасно вршење на службата или поширокиот општествен интерес.

Според законската дефиниција, кривично дело оддавање на службена тајна [72] се состои во тоа што на јавноста или на неповикано лице му се соопштува, предава или на друг начин сторуваат достапни податоци што претставуваат службена тајна [73] , или се прибавуваат такви податоци од страна на извршителот со намера да и се соопштат или предадат на јавноста или на неповикано лице.

Извршител на делото оддавање на службена тајна [74]во прв ред е службено лице на односниот орган кому што, податоците што претставуваат службена тајна, му се достапни со оглед на неговата функција.

Самите дејствија алтернативно се дадении и тие може да бидат: преку соопштување, предавање или на друг начин сторување, достапни податоци што претставуваат службена тајна.[75]

Под ***поимот соопштување*** [76] се подразбира доставување, на било кон начин содржина на определен документ односно податок кое соопштување треба да се врши на неповикано лице или изнесување во јавноста.

Додека пак, ***предавањето*** означува овозможување документи односно податокот да се најде во владение на друг.

Посебен квалифициран облик на ова кривично дело, кое што е своевидно корумптивно дејство, претставува сторување од користољубие и истово престставува потежок облик каде законодавецот овде пропишал казна затвор од најмалку една

[72] Член 360 од Кривичен законик на РСМ, Службен весник на РСМ, број.80/99, 4/02, 43/03,19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08 , 139/08, 114/09,51/11, 136/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 14/14, 37/14, 28/14, 115/14 и 132/14

[73] Под ***поимот службена тајна*** се подразбираат податоци или документи кои што се со закон, друг пропис, или со одлука на надлежен орган се прогласени за службена тајна и чие откривање има или може да има штетни последици за службата

[74] Бачиќ, Ф. „Кривично право - посебен дел“ Скопје, 1973, стр.425

[75] Витларов, Т. „*Репресија и превенција против корупцијата“* Скопје, 2006, стр. 245

[76] Tahovic, J. „*Krivicno pravo - posebni deo“* Naucna knjiga, Beograd, 1990, стр. 467

година.[77]Во однос на субјективната страна кај ова кривично дело потребна е умисла а за потешкиот облик потребна е и намера.Треба да напоменеме дека оддавањето на службена тајна е различно од кривичното дело шпиунажа.[78]

Пример бр.12 [79]

Надворешната канцаларија за криминалистички работи Гевгелија, до ОЈО Гевгелија, поднесе кривична пријава против лицето Е.С (34) од Гевгелија, вработена во ОЈО гевгелија како помлад јавнообвинителски соработник за казнено право, затоа што во периодот од средината на 2017 година па се до 23.05.2018 година, во повеќе напрати на адвокат му давала податоци што претставуваат службена тајна, односно кривични пријави, службени белешки и други документи изработени од МВР, записници, спогодби и други документи изработени од ОЈО Гевгелија, службени документи од Основен суд Гевгелија кои претставуваат службена тајна, документи од јавни установи, кои директно или индиректно се поврзани со предмети за кои ополномошен бранител пред судски или јавнообвинителски предмет.

Од посочениов пример може да заклучме дека пријавената Е.С, преку својата положба и овластување извршила незаконити дејствија, и истата за себе и за друг прибавила противправна имотна корист и нанела штета на честа и угледот на институцијата во која работи со што го сторила кривичното дело „оддавање на службена тајна“ што е казниво според член 360 став 1 во врска со член 45 од КЗ на РСМ.

1.12 Фалсификување на службена исправа

Според законската дефиниција, фалсификувањето на службена исправа[80] се состои во тоа што извршителот во службената исправа, книга или спис внесе

[77] Проевски, Ј. *„Кривичен законик - објаснувања, коментари и судска практика“.* Агенција Академик, Скопје, 1998, стр. 717

[78] Член 316 од Кривичен законик на РСМ, Службен весник на РСМ, број.80/99, 4/02, 43/03,19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08 , 139/08, 114/09,51/11, 136/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 14/14, 37/14, 28/14, 115/14 и 132/14

[79] Примерот за случајот е позајмен од страната https://www.pravdiko.mk/krivichna-prijava-za-oddavane-sluzbena-tajna/

[80] Член 361 од Кривичен законик на РСМ, Службен весник на РСМ, број.80/99, 4/02, 43/03,19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08 , 139/08, 114/09,51/11, 136/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 14/14, 37/14, 28/14, 115/14 и 132/14

невистинити податоци или нема да внесе некој одреден податок, или со свој потпис односно со свој печат овозможи правење на службена исправа, книга или спис со невистинита содржина.

Во однос фалсификувањето на службена исправа постојат т.н познати сваќања во теоријата познати под ***материјален*** и ***интелектуален*** фалсификат. Но со оглед на погорната инкриминација, може да заклучиме дека кривичното дело фалсификување на службена исправа спаѓа под интелектуалниот фалсификат.

Самото дејствие кај ова кривично дело може да биде сретнато во повеќе алтернативни облици [81].

Првиот облик на делото е ***составување*** на службена исправа со невистинита содржина кој може да биде извршен на два начини и тоа со внесување на невистинити податоци во службена исправа [82], книга [83] и спис [84] или со невнесување на некој важен податок.

Вториот облик на делото е ***заверување*** на службена исправа, книга, или спис со невистинита содржина. За да постои овој облик потребно е службеното лице да е овластено за заверување на исправата, книгата или списот, односно преземањето на ова службено дејствие да е од делокругот на неговите службени дејствија. Исто така е потребно податоците кои што се заверуваат да се суштествени за карактерот на исправата, заради нејзината релевантност во правните односи.

Третиот облик на делото е со свој потпис односно печат ***овозможување*** на правење на службена исправа, книга или спис со невистинита содржина.

Четвртиот облик на извршување на делото се состои во ***употребата*** на службената исправа, книга или спис со невистинита содржина. Употребата

[81] Проевски, Ј. *„Кривичен законик - објаснувања, коментари и судска практика“.* Агенција Академик, Скопје, 1998, стр. 718

[82] Под ***поимот службена исправа*** се означуваат сите исправи што се составуваат во вршење на службата, што ги создаваат државните органите .

[83] **Службена книга** е секоја книга која врз основа на прописите се води во службата и во која се внесуваат податоци релевантни за службените и другите правни односи што се заснираат.

[84] ***Службен спис*** е поднесок што м се упатува на орган, или организација, или други акти што се од значење на одредени права и обврски.

претставува ставање во правен промет на соодветната исправа, третирање на исправата како веродсотоен документ при решавање на одреден конкретен однос во вршење на службата.

Петиот облик на извршување на делото е ***уништување*** [85], ***прикривање***, во поголема мера оштетување или ***на друг начин правење на неупотреблива*** службен исправа, книга или спис.

Ова кривично дело е довршено со внесување на невистинитите податоци, со заверување на службената исправа, со ставање на својот потпис и печат, со употреба како и со наведените начини со кој се извршува петиот облик

Како извршител може да биде службено и одгоорно лице кое делото го извршува во вршење на службената или друга доверена должност.

Пример бр.13 [86]

Во периодт од 12.10.2008 година до 30.10.2008 година, С.Г од Скопје, вработен претходно во МВР, во тој период како службено лице -раководител на увидна екипа,

[85] Уништување може да се изврши на секој начин што доведува до нивно физичко непостоење како што се кинење, палење, бришење на содржината на механички начин, или хемиски средства.
[86] Случајот е преземен од страната на sud.mk - Case-CDAO2322-461E-94DB-DEB2099476CE - Основен суд Скопје 1 К.бр.1202/18

во службената книга - регистар за евиентирање на извршени увиди на лице место од сообраќајни незгоди внел невистинити податоци за наводно извршен увид на сообраќајна незгода на 12.10.2008 година, па така под ред ен број.6401 во рубликата „место на увид“ завел „Буле. Јане Сандански“ стамбена улица, во рубликата „кој го вршел увидот“ го завел своето име и презиме и името на В на криминален техничар, како учесници во сообраќајната незгода завел Н.Н (непознато лице), во рубликата „материјална штета“ навел 3 000 денари, во рубликата „вид на возилото“ завел лека кола, а кај рубликата „учесници“ завел под аматери бр.1. Во рубликата „изготвени списи“ завел службена белешка број 1 и во рубликата „државјанин“ завел наши 1, иако ваквата сообраќајна незгода не се случила, па откако на обвинетиот му било побарано појаснување, истиот извршил преправање на податоци во регистарот со тоа што навел дека сообраќајната незгода се случила на пракинг наспроти Бул. линден, дек учесници во сообраќајната незгода се З.С и Љ.В, дека материјалната штета е 3000 денари, дека учесници во сообраќајката се двајца возачи професионалци, дека сторителите се познати, изготвил и службена белешка, да учесниците се наши државјани, за да потоа повторно изврши преправање така што името З.С го избришал и на негово место го внел Д.Б кои го доставил до ПС за БПС Скопје.

Во посочениов пример може да се заклучи дека лицето Г.С од Скопје во неколку наврати презело незаконски дејствија со што и го сторил кривичното дело „Фалсификување на службена исправа “ од член 361 став 1 во врска со член 45 од КЗ на РСМ.

1.13 Противзаконита наплата и исплата

За законито вршење на службената должност од значење е во комуникацијата со граѓани и други правни субјекти наплата да се врши само врз определена правна основа и во висина на утврдената материјална обврска. Кривичното дело

противзаконита наплата и исплта [87] законската дефиниција се состои во тоа што службено лице или одговорно лице кое располага со државен или општествен имот кое од некого наплати повеќе од што е должен да плати или кога при исплата или предавање на предмети помалку ќе се исплати или предаде.

Дејствието на извршување на противзаконитата наплата може да се изврши преку два начини на извршување. Првиот начин е во наплаќање на нешто што оној од кого се наплатува не е должен да го плати, додека вториот е во наплаќање нешто што оној од кого се наплатува е должен да плати, но се наплатува во износ повеќе од постојаната материјална обврска.

Дејствието на извршување на противзаконита исплата, исто така може да се оствари преку два начини и тоа: со исплата помалку од она што треба да се исплати, или во предавање на помалку од она што треба да се предаде.

Во двете дејствија на извршување исплатата или наплатата може да се изврши преку пари и други парични давачки.

Кривичното дело ке биде довршено со извршување на противзаконитата наплата и исплата, и во однос на вината потребна е и кај ова кривично дело умисла и свест за да се изврши, а како извршител на делото може да биде службено лице или овластено за вршење наплата односно исплата. Сторителот на ова кривично дело ке биде казнет со парична казна ил со затвор од три години

Пример бр.13 [88]

Обвинетиот Л.Б од с. П -Радовиш, како одговорно лице во правното лице ЈП „П“ од Радовиш, која е основано од О Р и располага со општествен имот, од И.З од Радовиш наплатил износ од 8498 денари на име долг за неплатена вода за сметки до

[87] Член 362 од Кривичен законик на РСМ, Службен весник на РСМ, број.80/99, 4/02, 43/03,19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08 , 139/08, 114/09,51/11, 136/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 14/14, 37/14, 28/14, 115/14 и 132/14

[88] Примерот е земен од Билтен број 6 на Врховниот суд на Република Македонија - Основен суд Радовиш к.бр.267/2009

2002 година на покојниот Д.З за да истиот изврши погреб на Д.З од Радовиш, а кој изност оштетениот И.З не бил должен да го плати.

Во посочениов пример може да констатираме дека постојат елементи на кривичното дело „противзаконита наплата и исплата“ по член 362 од КЗ на РСМ со оглед дека лицето Л.Б како службено лице презело незаконски дејствија во наплата иако за тоа не смеело да постапи такаа со тоа и да му нанесе штета на лицето И.З

ГЛАВА 3 : КОМПАРАТИВЕН ПРЕГЛЕД - Како е правно (законски) регулирано кривичното дело злоупотреба на службена положба и овластување во некои земјите од ЕУ

1. Германија

Кривичниот законик на Германија е донесен на 13.11.1998 година, со измени и надополнувања на 30.09.2017 година.

Кривичните дела против службената положба и овластувања се во XXX дел, односно во членовите од 331 до 358.[89]

Законодавецот во членовите 331, 332, 333 и 334 ги предвидел кривичните дела примање и давање на поткуп.

Основниот облик на примањето поткуп е предвиден во став 1 од член 331 и се однесува на службено лице или лице кое е овластено да извршува јавна служба, кое побарува, дозволува да му биде ветена или прифатил некоја награда за себе или за некое трето лице за извршување на службената должност. За ваквото дело е пропишана казна затвор до три години или парична казна.

Тешкиот облик на ова кривично дело се најдува во став 2 од член 331 и се однесува на судии или арбитри, кои побаруваат, дозволуваат за себе или за трето лице, да им биде ветен или пак ќе прифатат определен надомест во замена за одредена работа дека ке ја извршат или во идно време ќе завршат судска постапка.

Во ваквите случаеви предвидена е казна затвор до пет години или парична казна. Законодавецот исто така, предвидел дека и обидет на изршување ке се санкционира.

Во ставот 3 од членот 331 е пропишано дека лицето од став 1 од овој член, нема да биде санкционирано, ако извршителот дозволи да му биде ветена или прифати некоја корист која тој не ја барал, а надлежниот јавен орган, во склоп на своите овластувања, претходно одобри примање или сторителот веднаш ке достави извештај до наведениот орган и истиот тој му одобри да прими таков надоместок.

Во членот 332, законодавецот го предвидел кривичното дело земање на мито, примање на поткуп во смисла на постигнување на прекршување на службените овластувања.

Ставот 1 од овој член се однесува на службени лица или на лица на кои им е доверена посебна јавна функција (служба, должност), која бара или дозволува да им биде ветен надоместок, или да прифатат, за себе или за трето лице во замена да извршат некоја одлука, или во иднина ќе донесат некој званичен акт (од сопствениот

[89] Германски кривичен законик, со последни измени и дополнувања - *BGBI. I.S.3532 (30.09.2019)*

област на работење), со што ги прекршиле или пак ќе ги прекршат своите службени овластувања.

За ова дело е превидена казна затвор од шест месеци до пет години.

Во полесните случаи се пропишува казна затвор во траење до три години или парична казна. Обидот на извршување, исто така е казнив.

Потешкиот облик на ова дело е наведен во став 2 од член 332, каде законодавецот навел доколку судија или арбитер, бара, дозволува да му биде ветено или прифати одреден надоместок за себе или за трето лице, во замена на одредена одлука ја извршил или во блиска иднина ке изврши (ке донесе) одреден судски акт со што ке ги прекрши своите судски овластувања, ке се казни со затвор од една до десет години. Во полесни случаи ке биде казнет од шест месеци до пет години.

Во ставот 3 од членот 332 е нагласено дека извршителот од став 1 и 2 ке биде казнет, и тогаш кога ќе им укаже на другите дека е спремен да ги прекрши своите овластувања или кога во делокругот на неговото дискреционо овластување, дозволил за себе под влијание на користа од надоместокот кој би го имал да го искористи овластувањето.

Давањето поткуп, односно активно поткупување претставува друго кривично дело кое е функционално поврзано со кривичното дело примање на поткуп. За разлика од примањето на поткуп, кое претставува право службено кривично дело, бидејќи може да биде извршено само од службено или одговорно лице, кривичното дело давање поткуп спаѓа по неправните службени кривични дела бидејќи може истото да го изврши секое лице.

Членот 333 став 1 предвидува, дека секој кој нуди, ветува или дава надоместок на службено лице, на лице на кое му се доверени јавни функции, или војник во армиските сили, во сопствено име или во име на трето лице за извршување на должност ке биде казнет со затвор до три години или со парична казна.

Во ставот 2 од член 333 законодавецот предвидел казна затвор од пет години или парична казна за она лице кое ветува или дава надоместок на судија или арбитер во сопствено име или во име на трето лице во замена за некоја одлука која е извршил или во иднина ќе изврши некоја судска одлука.

Ставот 3 од член 333 пропишано е ослободување од казна од став 1, само ако надлежниот државен орган , во склоп на своите овластувања, претходно одобрил такви надоместоци од страна на примателите или прифаќање истиот ги одобрува на основ на извештајот кој примателот благовремено (веднаш) го поднел.

Во членот 334 законодавецот го предвидел давањето на поткуп во смисла на постигнување на прекршување на службените овластувања.

Став 1 од овој член ги санкционира лицата кои нудат, ветуваат или даваат надомест на службено лице, на лице на кое му се доверени државни функции или на војник во вооружените сили, во сопствено име или во име на трето лице, во замена за некоја одлука дека ја завршил, или во иднина ќе биде донесена званична одлука што со таквото дејствие го прекршил или ќе го прекрши своето овластување.

За ова дело е предвидена казна затвор од три месеци до пет години.

Во полесните случаи ке биде казнет со затвор до две години или парична казна.

Став 2 од овој член се однесува на она лице кое нуди, ветува, или дава надомест на судија или арбитар во сопствено или во име на трето лице, во замена за донесен судски акт со кое ги прекршил сопствените овластувања, или во иднина ке биде донесен судски акт што на тој начин ке ги прекрши сопствените овластувања.

Ова лице ќе биде кривично одговорно во првиот случај и казнето со затвор од три месеци до пет години, а во другиот случај, ќе биде казнето со казна затвор од шест месеци до пет години.

Како и за претходните дела, така и за ова обидот на извршување е казнив.

Во став 3 предвидено е дека ќе се примени став 1 и 2 ако лицето понуди, вети или даде надоместок за идна работа, и тогаш кога покушува други да ги поттикне да ги прекршат своите овластувања, или во делокругот на своето дискреционо овластување дозволи за себе под влијание на користа која би ја имал од надоместокот да го искористи овластувањето.

Во членот 335 се предвидени посебни тешки случаи за кривичното дело 332 став 1 и 3, и член 334, за кое е пропишана казна затвор од една до десет години, а пак за член 332 став 2 може да се изречи казна затвор од најмалку две години.

Таквите тешки случаеви законодавецот ги предвидел на следниов начин: (1) доколку делото се однесува за голема материјална или друга корист, (2) извршителот непрекинато прифаќа надомест во замена за одлука или во иднина ќе донеси одговарувачка одлука или акт, и (3) извршителот делува на комерцијални основи или како член на некоја организациона криминална група, чија цел е континуирано вршење на такви прекршувања.

Членот 336 на овој закон се однесува на неправење-пропуштање на службените должности.

Членот 337 се однесува на арбитражниот надоместок каде се наведува дека надоместокот на арбитрот ќе биде сметан како противправна имотна корист во смисла на значењето на членовите 331 - 335 само доколку арбитерот ги побарува, дозволува да му биде ветена или пак ги прифати од една страна без знаење на други, или ако едната страна нуди, ветува или дава надоместок без знаење на другата страна.

Членот 338 низ двата става се однесува за одлука на конфискација

Во првиот став во случаевите на членот 332, 336 и 337 се применува ако сторителот работи на комерцијална основа или како член на организирана криминална група која има за цел континуриано извршување на такви кривични дела.

Во другиот став во случаевите на членовите 334, 336 и 337 се применува кога сторителот делува како член на организирана криминална група која има за цел континуирано извршување на кривични дела.

Кривичното дело „извртување на правдата“ е предвидено во член 339, каде е одредена казна затвор од една до пет години за судија, друго службено лице или арбитер кој во своето вршење или одлучување за некои правни прашања донесува одлуки во корист или на штета на една од страните.

Членот 343 предвидува кривично дело прунудување на давање на изјави.

Доколку службеното лице е вклучено во : а) кривична постапка, постапка за одредување на притвор од страна на надлежен орган, б) постапка за изрекување на парична казна, в) дисциплинска постапка, дисциплински суд или професионална дисциплинска судска постапка и притоа физички злоставување друго лице, или на друг начин користи сила против истиот, му се заканува со сила или психички го

злоставува како би го принудил да сведочи на одреден начин во самата постапка или тоа да не го направи, ќе биде казнет со казна затвор во траење од една до десет години. Сето ова е опфатено во став 1.

Во ставот 2 е предвидено дека во полесни случаи пропишана е казна затвор од шест месеци до пет години.

Во ставот 1 од овој член предвидено е и кога службено лице кое е вклучено во кривичната постапка, каде постапката не е за одредување на мерка приствор, намерно или свесно, кривично гони невино лице или некој кој според закон не може да биде гонет или пробува да дојде до такво гонење, ќе биде казнет со казна затвор од една до десет години, а за полесни случаи казна затвор од три месеци до пет години.

Претходната формулација се применува *mutatis mutandis* на службено лице вклучено во постапка за одредување на мерка притвор од страна на надлежен орган.

Членот 345 го предвидува кривично дело извршување на кривична санкција против невина личност.

Во ставот 1 од овој член предвидено е дека службено лице, кое е вклучено во извршувањето на казна затвор, изречена мерка за рехабилитација и онеспособување (за идни кривични дела) или притворање од страна на надлежен орган, кое применува таква казна, мерка или притвор, кои не се во согласност со закон, ке се казни со казна затвор од една до десет години, а во полесни случаи со казна затвор од три месеци до пет години.

Во ставот 2 е предвидено дека сторителот кој делувал од небрежност ќе се казни до една година или со парична казна.

Ставот 3 предвидува службено лице, кое е вклучено во извршување на казна или мерка освен во случаите од став 1 од овој член, се применува казна или мерка, иако тоа не може да се примени со закон, ќе се казни затвор од три месеци до пет години.

Кај секое службено лице кое е вклучено во спроведувањето на: а) малолетнички притвор, б) збирни (кумулативни) парични казни или помошни наредби, в) парични казни или притвор за непочитување на судски налог, или г) дисциплинска постапка, дисциплински суд, или професионална дисциплинска судска

постапка , применува таква санкција, иако тоа не е во согласност со законот, се применува иста казна.

Во членот 348 е уредено кривичното дело изработка на лажни записи во јавните исправи.

Во ставот 1 од овој член предвидено е доколку некое службено лице, кое е овластено да внесува податоци во јавни книги од својата надлежност, лажно евидентира правно релевантна одлука или лажно регистрира или внесува вакви одлуки во јавните регистри, книги или компјутери за чување на податоци, ќе биде казнет со затвор до пет години или парична казна.

Во ставот 2 предвидено е дека обидот на извршување на ова кривично дело е казнив.

Во членот 352 законодавецот го предвидел кривичното дело барање на прекумерен надоместок. Со овој член се пропишува дека службено лице, адвокат или друго лице кое за давање на правни услуги наплатува паричен или друг надоместок, наплати надоместок кој нему не му припаѓа или му припаѓа во значително мала мера, ќе биде казнет со казна затвор до една година.

Членот 353 го уредува кривичното дело наплата на прекумерни даноци (такси), давање на смален надоместок.

Ставот 1 предвидува дека службено лице кое е задолжено за прибирање на даноци, надоместок или други фискални давачки за државниот буџет, кое прибавува фискални давачки за кои знае дека сеуште не се доспеани или се доспеани во мала мера и во целина или делимично не дополнува ваков незаконски собран износ во трезорот, ќе биде казнет со казна затвор од три месеци до пет години.

Во ставот 2 е предвидено за секое службено лице доколку во својот службенички делокруг на исплата на пари или други материјални средства незаконито задржува износ од примачите и го задолжува рачунот на примателот дека во целост исплатите се исплатени, ќе биде казнет со идентична казна како што е предвидена во претходниот став.

Членот 353 а законодавецот го предвидел кривичното дело злоупотреба на доверба во вршење на служба надвор од државата.

Предвидено е дека секој кој ја застапува Сојузна Република Германија пред странските влади, заедници на држави или меѓувладини институции, спротивно на званичните напатствија или со намера да доведе во заблуда федерална влада и поднесува невистинити извештаи од моменталнта состојба, ќе се казни затвор до пет години или со парична казна.

Ова кривично дело може да биде процесуирано само по овластување на Сојузната влада.

Членот 353 б го уредува кривичното дело оддавање на службена тајна и посебни доверливи податоци.

Законодавецот предвидува во ставот 1 дека доколку некој незаконски открие некоја тајна која истата му била доверена или му е позната во својство на: а)-службено лице; б) лице на кое му се доверени посебни функции во јавната служба; в) лице кое врши должност или овластување по законите за застапување на лица и со тоа може да предизвика опасност по државните интереси, ќе подлежи на казна затвор до пет години или парична казна.

Ако сторителот од ова кривично дело од небрежност предизвикал опасност по важни државни интереси, тој ќе биде казнет со затвор до една година или со парична казна.

Во ставот 2 се предвидува дека секој кој, освен лицата наведени во случаите од став 1 на овој член, дозволиле некој предмет или информација да бидат изложени на внимание на друг или тој пак ги објави, а при тоа тој е : а) обврзан да ја чува тајната по основ на решение на законодавниот орган на Федерацијата или на државата или некој од нејзините одбори/комитети; или 2) формално бил обврзан од страна на некој од државните агенции за чување на тајни и предочено му е за кривична одговорност за оддавање на тајна и со тоа би се довеле во опасност и важни државни интереси, ке биде казнет со затвор до три години или парична казна.

Законодавецот предвидел во ставот 3 за помагањето на наведените лица во членот 53 став 1 од Законот за кривична постапка дека нема да се земе незаконски ако

се ограничени со прием, обработка или објавување на тајна, или предмети, или пораки во врска со која постои обврска за тајност.

Во ставот 4 се прецизира дека ова кривично дело може да се процесуира само со доследни овластувања. Овластувањата се одобруваат (1) од страна на претседателот на законодавното тело; (2) од највисокиот сојузен државен орган.

Членот 353 д законодавецот го предвидува кривичното дело незаконско објавување на некој факт во самиот тек на судската постапка.

Во овој член се предвидува секој кој: (1) јавно објавува комуникации кои се спротивни на закон и се забранети во судското сослушување каде е исклучена и јавноста или во содржината на службениот документ кој се однесува на предмет;

(2) противправно спротивно на должноста за молчење, која судот ја изрекол на основ на статутот, открива факт кој му станале достапни во делот на постапката која е од затворен тип за јавноста или преку службени документи кои се однесуваат на предметот; (3) јавно соопштува дословни делови или целини на тужбата или други службени документи од кривичната постапка, постапка за изрекување на скратена казна или дисциплинска постапка пред да бидат и што би требало да бидат упатени на јавна расправа или пред него што е постапката завршена, ќе биде казнет со казна затвор до една година или парична казна.

Членот 355 го пропишува кривичното дело повреда на даночна тајна, каде законодавецот предвидел доколку некој открие или ги користи околностите од друг кои му станале познати како службено лице во (а) управна постапка или судска постапка во прашање на даноци; (б) во кривична постапка поради даночни кривични дела или во постапка за изрекување на парични казни, поради комулативни даночни кривични дела; (в) во други прилики при комуникација со органите за приходи или по законски предвидена постапка достават известувања за проценка на даноците или покрај сертификатите за налози и датум во време на даночење; или (2) бизнис или трговска тајна на друга особа која му настанала нему позната како на службено лице во една од постапките кои претходно се наведени (под бројот 1), ќе биде казнет со казна затвор до две години или парична казна.

Во ставот 2 законодавецот ги предвидел и лицата кои се од став 1 еднакви на службени лица: (а) лица на кои им се доверени посебни јавни служби; (б) званични консултативни стручнаци и вештаци; (в) оние кои имаат јавни функции во црквите и во други верски заедници.

Во последниот трет став предвидено е кривичното дело да може да биде процесуирано само на барање на надредениот или оштетениот. Во случај на извршување на дело од страна на консултативни стручњаци и вештаци, раководителот на јавниот орган чија постапка е загрозена има право да поднесе барање независно од оштетениот.

Членот 356 законодавецот го предвидел кривичното дело нарушување на односот помеѓу адвокатот и клиентот.

Ставот 1 во овој член предвидува дека адвокат или некое друго лице, кое дава правна помош, во врска со прашања кои му се доверуваат во тоа својство, во исти правни прашања ги служи двете страни, прикажува совети и помош и со тоа ги крши своите овластувања ке биде казнет со затвор од три месеци до пет години.

Во ставот 2 е предвидена казна затвор од една до пет години доколку извршителот во договор со спротивната страна а на штета на својот клиент.

Членот 357 го уредува кривичното дело поттикнување подредениот на извршување кривично дело.

Во ставот 1 од овој член предвидено е дека надреденото лице кое поттикнува или презема работи за поттикнување на подредениот за да изврши незаконско постапување на јавната функција или дозволува такво незаконско постапување на својот подреден ке биде казнет.

Во ставот 2 се наведува дека истото правило се применува на службено лице на кое надзорот или контролата на работење на друго службено лице на кое му е доверена во мера во која е незаконски дело направено од страна на посматраното службено лице.

Како што досега можевме да забележиме, постојат одредени разлики кај овие групи на кривични дела, почнувајќи од тоа дека некои дела се обединети во едно дело, па до таму и некои дела воопшто и да не се предвидени.

Во воведниот дел наведов зошто компаративниот преглед е значаен, па мислам дека тоа и успеав да го прикажам овде.

2.Шпанија

Кривичниот законик на Шпанија, во глава XIX, во 1995 година за прв пат во својата законодавна историја ги има издвоено кривичните дела кои се насочени против државната управа во посебна група (*Delitos contra la administracion publica*).[90]

Начелно овие кривични дела се инкриминирани за однесувањето на јавните и државните службеници. Според членот 24 од Кривичниот законик на Шпанија, јавен службеник е секое лице кое според закон, избор или именување од страна на надлежен орган кој што врши јавна функција, додека за претставник на државната власт се однесува за секое лице кое само или како член на суд или друг колективен орган на управување или превземање на активности во сопствените надлежности.[91]

Согласно погоре наведеното, може да се заклучи дека сторителот на кривичните дела кои се однесуваат против јавната служба сместени во глава XIX во Кривичниот законик на Шпанија, не е само одредено лице кое е формално посматрано како службено лице, туку и секое лице кое што учествува во конкретни административни или јавни функции, како што се на пример: градоначалници, нотари, свештеници, бискупи, лекари кои што издаваат одредени уверенија, поштари, па дури и униформирани лица.

Одредбата која се состои во членот 28 од Кривичниот законик на Шпанија, сторителот на кривичното дело кое се однесува на службеничките активности се оние кои што делот го извршиле сами или со друго лице користејќи го како средство, но и оние лица кои помогнале во извршувањето на кривичното дело со свои некои

[90] Perez, C.I., *Derecho penal - Parie especial, Madrid, стр.* 563 цитат од Расимовиќ. Р. (2010) „*Злоупотреба на службеног положаја*“ , Наука, Безбедност, полиција. број 1,2005, стр.130.
[91] Duran, C.C, Alcoy,F.P. (2004) *Codigo penal con todas sus reformas comparados par araculos,* Valencia, стр.44, цитат спрема Расимовиќ.Р, „ *Злоупотреба на службеног положаја*“, Наука, безбедност, полиција,2010, стр.130

активности без кои не би можело да се исполни извршувањето на кривичното дело. Соучесници се лица чии активности не може да се квалификуваат во склоп на членот 28, а кои истите допринесуваат во извршување на работата која претходела или е во текот на самото извршување на делото.[92]

Меѓутоа, одредбите во членот 406 од КЗ на Шпанија, пропишано е казнување на секое лице кое прифатило да биде предложено или именувано да врши службеничка должност која му е доверена, иако самиот знае дека не ги исполнува законски пропишаните услови. Врз основа од наведениот опис произлегува дека обликот на вина е директната умисла, со оглед на тоа дека сторителот знае самиот дека не ги исполнува законски пропишаните услови.

Злоупотребата на службена положба се инкриминирани и во кривичното законодавство на Шпанија кое се однесува на дискреционите овластувања. Во таа смисла, во одредбата на членот 404 од КЗ на Шпанија дека е исполнето кривично дело ако јавниот службеник или претставник на државата, иако самиот свесен за својата противправна одлука донесува таква одлука на странката во постапката.

Во истиот член е пропишана и единствена казна која на сторителот на ова кривично дело може да му се изречи, а тоа е забрана за вршење јавна служба во траење од седум до десет години. Во Шпанската кривичноправна теорија се применува став дека делото од наведениот член може да се изврши само со умисла, затоа што е услов за постоење на дело во донесувањето на одлука од арбитрот, со свест за противправност и по сопствена волја во постапувањето, односно сторителот ја донесол спорната одлука, иако бил предупреден за нејзината арбитраност.[93]

За прекршување на своите дозволени службени овластувања во одредбата на член 405 од КЗ на Шпанија е пропишана казна затвор во траење од осум месеци и привремено одземање на правото за извршување на јавни работи и должности на јавниот службеник или на претставникот на државата кој е именуван, предложен или

[92] Duran, C.C, Alcoy,F.P. „*Codigo penal con todas sus reformas comparados par araculos"-2004, str.45*
[93] Perez, C.L. *Derecho penal - Parte especial*, 2005, стр..579-570

му ја довери на друго лице некоја јавна должност, без претходно да ги исполнило законски прдвидените услови.

Санкционирањето на неизвршување на службенички должности пропишано е во членот 409 од КЗ на Шпанија, во кој доколку јавниот службеник или претставник на државата ке поттикнуваат, ќе постигнат, организираат или се раководат колективно и очигледно противправно неизвршување на службената должност, ќе им биде изречена казна затвор од осум до дванаесет месеци и ќе им биде привремено одземено правото да можат да извршуваат јавни работи во временски период од шест месеци до две години. Во ставот 2 од истиот член е инкриминирано и само колективно и очигледно противправно неизвршување на службена должност, и тоа само под услов дека станува збор за пропуштање на важни, односно основни должности и со таквиот начин е предизвикана сериозна штета на општите интереси или на самата јавна служба.

Одредбата на членот 407 од КЗ на Шпанија дека јавниот службеник или претставник на државата кој не извршува службена должност и со намера да не спречи или не превземе гонење на кривично дело од глава XXI - кривични дела кои се однесуваат против уставното уредување, глава XXII - кривични дела против јавниот ред и мир, XXIII - кривични дела велепредавство, против мирот, независноста и одбраната на земјата и глава XXIV - кривични дела против меѓународната заедница , ќе биде казнет со затвор од една до четири години како и забрането вршење во јавна служба во траење од една до три години.[94]

3. Хрватска

Новиот Кривичен закон (КЗ/11)[95] во република Хрватска е донесен во 2011 година, и истиот стапува на сила од 01.01.2013 година. Треба да се напомене дека при

[94] Duran, C.C, Alcoy,F.P. „*Codigo penal con todas sus reformas comparados par araculos"*-2004, str.253-254
[95] Kazneni zakon Hrvatske, *Narodne novine*, broj 125/11

изработка на новиот закон како причини се користени кривичните закони од држави кои правната традиција хрватското законодавство ја прати. Тоа се пред се Германското, Австриското и Швајцарското кривично законодавство. Последните измени и надополнувања на Кривичниот законик на Хрватска се во 2017 година.[96]

Злоупотребата, корумпираноста и самоовластувањето на органите со јавни овластувања и нивните службени лица претставуваа големо општествено зло кое и го доведува истовремено и го нарушува угледот на поедини служби но и органи, па со тоа и авторитетот на целата државна власт. Спречувањето и казнувањето на споменативе појави, основен мотив се и на хрватските инкриминации, како сегашните така и оние кои им претходеле.[97]

Ваквите предвидени кривични дела и други видови на деликти против службената положба на службените лица и соодветните санкции, тежнеат да се постигне потполно обезбедување на исправност, законитост, ефикасност и целисходност во самото работење на државните органи и другите органи со јавни овластувања и со тоа да се зачува довербата на граѓаните во самата постоечка власт и секако во правниот поредок воопшто.[98]

Законодавецот кривичните дела против службената положба ги предвидел во главата XXVIII, односно во членовите 291-300.

Одредбата во членот 291 од овој закон се однесува на најопштото кривично дело против службената должност, злоупотреба на службена положба и овластување на службените или одговорните лица, кои искористувајќи ја својата положба или власт, ги пречекоруваат своите граници на овластувања или не ја извршат должноста и на тој начин себеси или на некоја друга особа ќе и прибават одредена корист, или пак на некој друг ќе му направат штета.

За ова дело законодавецот во ставот 1 од овој член предвидел казна затвор од шест месеци до пет години, со тоа што во ставот 2 од овој член се предвидува дека сторителот ќе се казни затвор од една до дванаесет години доколку е прибавена голема имотна корист или е предизвикана значителна штета.

[96] Kazneni zakon Hrvatsk, Narodne novine, br.125/11, 144/12, 56/15, 61/15, i 101/17
[97] Jelinski.M. *„Prevencija privrednog kriminaliteta“*, Prirucnik, Zagreb, broj.1/91, стр.53
[98] Misic, G. *„Kaznena dela protiv sluzbene duznosti - poseban osvrt na korupcijska kaznena djela*“ , Hrvatska pravna revija, broj.10/05, стр.90

Одредбата во член 292 од овој закон се однесува во незаконско ангажирање на службеник или одговорно лице кое на основ на договор работи во корист на еден од пазарните субјектите така што си ги прилагодува условите на јавните набавки или склучен договор со понудувач чија понуда е спротивна на понудените услови од документацијата за јавно наддавање. За ова кривично дело е предвидена казна затвор од шест месеци до пет години.

Иста казна е предвидена и за службеник или за одговорно лице кое ке ја искористи својата положба или овластување што ќе го исфаворизира во давањето, превземањето или во договарањето на некоја работа од својот делокруг на активности
.

Кривичните дела земање и давање на поткуп на службено и одговорно лице, кои се синоним за корупција, се дефинирани во членовите 293 и 294.

Во случај кога службено или одговорно лице кое бара или дава поткуп, или кое ќе прифати понуда или ветување за поткуп за себе или за друг, и кога во своите овластувања или надвор од своите овластувања изврши службено или друго дејствие кое не смеело да се направи, или пак кога не ја изврши службената или друга работна задача која задолжително мора да се изврши, ќе се казни со затвор од една до десет години.

Кога службено или одговорно лице кое бара или дава поткуп, или кое ке прифати одредена понуда или ветување поткуп за себе или за друг, и во своите или надвор од овластувањата сработи некоја службена или друга активност која морало да се изврши, или да не се изврши службена или друга активност, а истата не смеело да се изврши, се казнува со казна затвор од една до осум години.

Од ова може да се заклучи кога станува збор за примање на поткуп, Кривичниот законик на Хрватска, исто како и нашиот , предвидува односно разликува повеќе облици на ова кривично дело, кои меѓусебно се разликуваат, по службените активности кои се и повод за примањето на поткуп.

Според тоа се разликуваат следниве видови на примање поткуп: а) пасивно поткупување (примање на поткуп за да се изврши некоја незаконска работа), неправо пасивно поткупување (примање на поткуп за да се изврши некоја законска службена работа) и идно поткупување (примање на поткуп после извршување на службената работа).

Нормално, доколку нема давател, не би имало ни примател на поткуп. Со ова дело исто така се загрозува и законското вршење на службеничката работа, но тоа се прави надвор. По своите обележја слично е на кривичното дело примање на поткуп, но овде се работи за активен поткуп.

Кривично дело давање на поткуп е дефинирано во член 294 на следниов начин.

Првиот облик на ова кривично дело, правното активно поткупување постои кога на службвено или одговорно лице

ќе му се понуди, даде или вети поткуп нему или на некоја друга личност која во своите или надвор од своите овластувања ќе изврши службено или друго дејствие кое не би смеело да се изврши, или пак да не изврши службено или друго дејствие кое морало да се изврши, или кое посредува при едно такво поткупување на службено или одговорно лице. За ваквиот облик е предвидена казна затвор од една до осум години.

Другиот облик на ова кривично дело, неправо активно подкупување, од претходното се разликува само по тоа што се бара извршување на законска активност, односно не извршување на законско работење.

Оној кој на службено или одговорно лице ќе му понуди, даде или ќе му вети поткуп кој е наменет за тоа лице или за некое друго, во своето работење или надвор од своите овластувања не изврши службена или друга акативност која морала да се изврши, или пак да изврши службена или друга работа која не смеела да се изврши, или кое ќе посредува при едно такво поткупување на службено или одговорно лице, ќе биде казнет со казна затвор од шест месеци до пет години.

Влијание во трговијата е ново кривично дело. Сторителите може да бидат лица кои располагаат со изграден општествен углед, кои имаат власт и влијание, или имаат развиени врски во високите социјални кругови, посебно во политичките кругови.

Првиот облик на ова кривично дело се однесува на искористување на службената или општествената положба или влијание со чија помош ќе се изврши некоја службена или друга активност која не смее да се изврши, или да не се изврши службена или друга активност која мора да се изврши. За ова кривично дело е предвидена казна затвор во времетраење од шест месеци до пет години (член 295. став1).

Вториот облик на ова кривично дело се однесува на барање или примање на поткуп, или прифаќање на понуда или ветување за себе или за друг, со искористување на службената или општествена положба или влијание ќе посредува да се изврши службена или друга некоја активност која не смее да се изврши, или да не се изврши некоја службена или друга работа која треба да се изврши. За овој облик, предвидена е казна затвор од една до десет години (член 295.став 2).

Членот 295 став 3 се однесува на оној кој бара или прима поткуп, или кој примил понуда или ветување на поткуп за себе или за друг дека со искористување на својата службена или општествена положба или влијание ќе посредува да не се изврши некоја службена или друга работа која морало да се изврши, или да се изврши некоја службена активност или друго дејствие кое не смеело да се изврши. За овој облик е предвидена казна затвор од една до осум години.

Во членот 296 во ставовите 1 и 2 се предвидува за давање на поткуп за тргување под влијание, ќе се казни со казна затвор од една до осум години оној кој на друг ќе му понуди, вети или даде поткуп, наменет за тој или за друго лице, кое со искористување на својата службена или општествена положба како и влијание во посредување да се изврши службена или друга работа која не би смеело да се изврши, да не се изврши некоја службена или друга работа која мора да се изврши, а со казна затвор од шест месеци до пет години за оној кој на друг ќе му понуди, вети или даде поткуп, наменет за тој или за друго лице, кој со искористување на својата службена и општествена положба или влијае во посредување да се изврши службена или друга работа која не морало да се изврши, или да не се изврши некоја службена или друга активност која требало да се изврши.

Во ставот 3 од овој член е предвидено дека може да биде ослободен од казна сторителот од став 1 и 2 од овој член кој дал поткуп на барање на лице од член 295 од овој закон и го пријавил делото пред неговото откривање и дознавање дека делото е сторено.

Во склоп на глава XXXVIII во член 297 и 298 се предвидува кривичните дела изнудување на исказ и кривичното дело противзаконски претрес, кој во Казнениот законик од 1997 година[99] се најдуваа во глава XI - Кривични дела против слободата и правата на човекот и граѓанинот.

Членот 29 од став 3 од Уставот на Република Хрватска гласи[100]: „ Осомничен, обвинет и тужен не смее да се присилуваат да ја признаат вината".

Во склад со овој член на Уставот на Хрватска е и членот 297 од Кривичниот законик-изнудување на исказ.

Поточно, доколку службено лице, при овластено сослушување употреби сила, закана или друго недозволено средство или начин се со цел други да се воздржат од давање на исказ или друга некоја изјава, ќе се казнат со казна затвор од шест месеци до пет години.

Потешкиот облик на ова кривично дело постои доолку со некое дејствие-факт од кривичното дело од став 1 од овој член ќе настапат ообено тешки последици по осомниченият, обвинетиот или тужениот во кривичната постапка. Во тој случај сторителот ќе се казни со казна затвор од една до осум години.

Одредбата во членот 298 се однесува на противзаконски претрес од страна на службено лице кое извршува службени или јавни овластувања, противзаконско го извршува претресот.. За ова кривично дело е предвидена казна затвор до три години.

Противзаконско ослободување на лице на кое му е одземена слободата е дефинирана во членот 299. За службено лице кое противзаконски ќе ослободи лице на кое му е одземена слободата или на кое ке му помогне да побегне е предвидена казна затвор од една до осум години.

Членот 300 од овој закон се однесува на оддавање на службена тајна.

[99] Kazneni zakonik Hrvatske, *Narodne novine*, broj.110/97
[100] Ustav Republike Hrvatske, *Narodne novine*, broj. 85/10

За таен податок се смета секој податок кој е одреден според посебен закон како квалифициран податок. Тајна се смета и оној податок кој го знае или кој смее да им биде познат само на одреден круг на лица, при што пости одредена општествена норма која забранува изнесување на такви податоци надвор од тој круг на лица.[101]

Тајните може да бидат поделени во две поголеми групи.

1. ***Јавни тајни*** - *се однесуваа на податоци кои се спрема пропишани услови должни да ги чуваат државни органи, органи на единиците на локалната единици, правни лица кои имаат јавни овластувања, физички лиа кои имаат пристап до квалификувани[102] и неквалификувани[103] податоци. Тука ги вбројуваме државна, воена, службена и бизнис тајна*.[104]
2. ***Приватни тајни*** - *се однесуваат на податоци кои една личност ги дознае за друга на основ на блискиот однос или личното доверување, а се делат на лични и професионални*.[105]

Во ставот 2 од овој член е предвидено доколку делото од став 1 на овој член е извршено во претежно јавен интерес се цени дека нема основ за постоење на кривично дело.

[101] Забел, Б. „*Пословна тајна"* . Институт за упоредбено право. Београд, 1970, стр.111
[102] ***Квалифукуван податок*** е оној кој надлежно тело, во пропишана постапка, такво го означило и за кое е утврден одреден степен на тајност, како и податок кое Република Хрватска такво означено го предала на друга држава, меѓународна организација или институција со која Република Хрватска соработува. Закон за тајни податоци во Хрватска, Народне новине, број.79/07 и 86/12
[103] ***Неквалификуван податок*** е оној кој е без утврден степен на тајност, кој се користи во службени цели, како и податок кој Република Хрватска таквиот означен податок го предала на друга држава, меѓународна организација или институција со која Република Хрватска соработува. Закон за тајност на податоци, Народне новине 79/07 и 86/12.
[104] Peran,B,Gorela, M i *Vukosic,K „Pojam i vrste tajnu*" Зборник радова Велеуцилиста у Сибенику, број.3-4, 2015.str.130
[105] Јовановиќ, Љ. „*Лекарска тајна*". Службени лист. Београд, 1959, стр.50

Глава 4 : ФЕНОМЕНОЛОГИЈА НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА СО ЕЛЕМЕНТИ НА ЗЛОУПОТРЕБА НА СЛУЖБЕНА ПОЛОЖБА И ОВЛАСТУВАЊЕ

1. Феноменологија на злоупотребата на службената положба и овластување

Феноменолошките истражувања на криминалитетот овозможува дискреција на појавата преку нејзиниот обем, динамика, структура, просторна и временска распространетост. Феноменолошките карактеристики на кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување, освен идентификација како појава и нејзино движење на просторот на нашата држава ќе овозможи да се продре што подлабоко во појавите, односно да се согледаат одредени релации и состојби кои одат во објаснување на нивната етиологија.

Правилно одредување на феноменолошките карактеристики на овие кривични дела е неопходно од повеќе причини а тоа се: да успееме да ги запознаеме и детектираме сите видови на појавни облици на криминалните дејствија кои се однесуваат на злоупотребата на службената положба и овластување како и за фаќање-разоткривање на сторителите, да извршиме анализа на тие појавни облици и врз основа на таа анализа да ги одредиме причините за појавувањето на овие кривични дела, суштински да ја олесниме со тоа и работата при одредување на етиолошките карактеристики на овој вид криминалитет.

Облиците и дејствијата на кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување покажуваат зголемена динамика и висок степен на прилагодување на промените на општествено-економските односи што се манифестира и на се поголем број на сторители и што доаѓа до израз и е истакнато најмногу после промена на политичката власт во државава.

Феноменолошките карактеристики исто така ја одредуваат и временската распространетост на кривичните дела сместени во Глава 30 од Кривичниот законик.

Во наредниот дел ке бидат анализирани податоците за кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување за истражувачкиот период од 2013 год до 2017 година.

Податоците се однесуваат на следниве карактеристики:

- *Пријавени полнолетни лица според групите на кривичните дела против службената должност;*
- *Пријавени полнолетни лица според полот, видот и одлуката;*
- *Пријавени полнолетни лица според видот на одлуката и притворот кај кривичните дела против службената должност и овластување;*
- *Траење на постапката;*
- *Пријавени полнолетни лица според етничката припадност;*
- *Обвинети полнолетни лица според кривичните дела кои имаат елементи на злоупотреба на службена положба и овластување;*
- *Обвинети полнолетни лица според видот на одлуката;*
- *Осудени полнолетни лица, според видот на казната, полот, бројот на учесници во извршување на кривичните дела, возраста, етничката припадност, образованието, звањето во работната институција;*

2.Учество на кривичните дела со елементи против злоупотребата на службена положба и овластување

За подобро одсликување и разработување на кривичните дела против службената должност на територија на Република Северна Македонија во севкупниот криминалитет беа користени податоци од Државниот завод за статистика од 2013 год до 2017 година, како и податоци добиени преку анонимен анкетен прашалник.


Т***абела бр.1: Пријавени полнолетни лица за кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување***

Пријавени полнолетни лица за кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување				
2013	2014	2015	2016	2017
927	566	664	613	593

(Извор: www.stat.gov.mk/publikacii/Државен завод за статистика-Скопје/2018)

Во табела бр.1 се прикажани податоците за периодот од 2013 година до 2017 година поединечно за секоја година на пријавени полнолетни лица за кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување каде можеме да забележиме дека најмногу пријавени полнолетни лица има во 2013 година, а најмалку во 2014 година што има драстично намалување за една година кој број е приближно се движел и во наредните години.

Графикон бр.1: Пријавени полнолетни лица за кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување



Извор: www.stat.gov.mk/publikacii/Државен завод за статистика-Скопје/2018

На следниот графикон под број 2 се прикажани пријавените полнолетни лица за истиве кривични дела според полот каде можеме да заклучиме дека 80 % се мажи, а жени со само 20 %.

Графикон бр.2: Пријавени полнолетни лица за кривични дела со елементи на ЗСПО според полот



Извор: www.stat.gov.mk/publikacii/Државен завод за статистика-Скопје/2018

Табела бр.2: Пријавени полнолетни сторители според полот и видот на одлуката

	Вкупно познати сторители		Вид на одлуки				Вкупно непознати сторители	Вкупно сторите-ли
	Мажи	Жени	Отфрла-ње на пријава	Прекин на истрага	Запре-на истра-га	Поднесување на обвинителен предлог		
Злоупотреба на службена положба и овластување	351	122	376	0	13	84	25	498
Несовесно работење во службата	39	13	30	0	1	21	0	52
Проневера во службата	3	2	2	0	1	2	1	6
Примање на поткуп	5	0	4	0	0	1	0	5
Давање на поткуп	2	1	2	0	0	1	0	3
Фалсифику-вање на службена исправа	12	1	8	0	0	5	6	19
Останато	8	2	2	0	1	3	1	11

Извор: www.stat.gov.mk/publikacii/Државен завод за статистика-Скопје/2018

Од табела бр.2 може да забележиме дека се прикажани пријавени полнолетни лица според видот и одлуката.

За кривичното дело ЗСПО пријавени се 351 лице од машки пол а 122 лица од женски пол и 25 случаи бил непознат сторителот, каде во 376 случаи е отфрлена пријавата, во 13 случаи е запрена а во 84 случаи е поднесен обвинителен предлог.

За кривичното дело несовесно работење во службата во 39 случаи пријавениот бил од машки пол а во 13 од женски пол, во 30 случаи отфрлена е пријавата, еднаш е запрена и во 21 случај е покренат обвинителен предлог. За кривичното дело проневера во службата 5 лица биле од машки а 2 од женски пол, во 2 случаи е отфрлена пријавата,, еднаш е запрена и во 2 случаи е поднесен обвинителен предлог. За кривичното дело примање поткуп сторителите се само од машки пол и тоа во 5 случаи, каде подоцна за 4 е отфрлена а за еден случај е покренат обвинителен предлог. За кривичното дело давање на поткуп 3 лица се од машки пол а само 1 од женски, во 2 случаи е отфрлена пријавата а за еден случај е поднесен обвинителен предлог. За кривичното дело фалсификување службена исправа во 13 случаи од пријавените се од машки пол а во 2 случаи се жени, за 8 случаи е отфрлена пријавата а за 5 случаи е покренат обвинителен предлог. За останатите кривични дела против службената должност во 10 случаи од пријавените биле од машки пол, а во 2 биле од женски пол, за 2 случаи е отфрлена пријавата, за 1 случај е запрена и за 3 случаи е покренат обвинителен предлог.


Табела бр.3: Пријавени полнолетни лица кај кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување

Пријавени полнолетни лица кај кривичното дело со елементина ЗСПО						
	Вкупно пријави		Отфрлена пријава		Прекината истрага	
	непосредно	преку МВР	непосредно	преку МВР	непосредно	преку МВР
Оштетен граѓанин	249	3	229	1	0	0
Друг граѓанин	7	0	6	0	0	0
Оштетен деловен субјект	48	0	43	0	0	0
МВР	0	240	0	112	0	0
Други органи на управата	6	1	5	0	0	0
Непосредно сознание на ЈО	24	0	19	0	0	0
Друго	14	1	12	1	0	0

Извор: www.stat.gov.mk/publikacii/Државен завод за статистика-Скопје/2018

На табела број 3 се прикажани пријавени полнолетни лица кај кривичните дела со елементи на зспо и можеме да забележиме дека како оштетен граѓанин непосредно има пријавено 249 а преку МВР 3 случаи, за 229 случаи е отфрлена пријавата а за еден случај е отфрлена преку МВР. За оштетен деловен субјект непосредно има 48 пријави од кои во 43 случаи има отфрлање на пријавата. Преку МВР има поднесено пријави за 240 лица, преку други органи непосредно за 6 лица а преку МВР за едно лице, што во 5 случаи пријавата непосредно е отфрлена. За непосредно сознавање на Јавното обвинителство имаме 14 пријави од кои за 19 случаи и непосредно е отфрлена пријавата. Вкупната бројка на пријавени полнолетни лица е 593.Графикон бр.3 : Пријавени полнолетни лица според изречената мерка притвор за кривичните дела против ЗСПО и траење на притворот

Графикон бр.3: Пријавени полнолетни лица според изречената мерка притвор



Извор: www.stat.gov.mk/publikacii/Државен завод за статистика-Скопје/2018

На графичкиот приказ под реден број 3 е прикажано траењето на изречената мерка притвор на пријавените полнолетни лица за кривичните дела со елементи на ЗСПО. Како што можеме да забележиме се изречени 5 мерки на притвор од кои времетраењето на притворот во еден случај бил од 1-2 месеци а за останатите два случаи притворот траел од 2-3 месеци, односно над 6 месеци.


На табела број 4 се дадени податоци за траење на кривичната постапка за случаите со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување каде може да се забележи дека најмногу постапката траела над 1 година а најмалку до 1 месец.

Табела бр.4: Траење на кривичната постапка кај кривичните дела со елементи на ЗСПО

Траење на кривичната постапка							
		до 1 месец	1-2 месеци	2 -4 месеци	4-6 месеци	над 6 месеци до 1 година	над 1 година
Вкупно	561	75	77	131	79	95	104
Отфрлена пријава	428	63	65	109	51	71	65
Запрена постапка	16	0	5	3	1	2	5
Поднесен обвин.акт	117	12	7	19	27	22	30

Извор: www.stat.gov.mk/publikacii/Државен завод за статистика-Скопје/ 2018

Графикон бр.4: Пријавени полнолетни лица кај кривичните дела со елементи на ЗСПО според етничкаsa припадност



Извор: www.stat.gov.mk/publikacii/Државен завод за статистика- Скопје/ 2018

На графиконот број 4 се дадени податоци на пријавени полнолетни сторители според етничката припадност каде можеме да забележиме дека од пријавените 82 % се од Македонска национална припадност, по 7% се од Албанска и Турска припадност, а по 1 % се запазени и од Српската, Бошњачката и од Ромската припадност

Графикон бр.5: Обвинети полнолетни лица кај кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување



Извор: www.stat.gov.mk/publikacii/Државен завод за статистика-Скопје/2018

На графиконот број 5 се прикажани обвинети полнолетни лица каде можеме да видиме од прикажаните податоци дека во 2017 е најмал бројот на осудени односно имаме 152 додека во 2014 година имаме најмногу обвинети, поточно 355 лица.

Табела бр.5: Обвинети полнолетни лица според видот на одлуката и полот кај кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување

	Вкупно обвинети лица		Прогла-сени виновни	не се прогласени виновни			
	мажи	жени		запрени	ослободени од обвинение	одбиено обвинение	мерки за безбеднос т
Вкупно	115	37	96	12	19	25	0
Неизвршување наредба	0	1	0	1	0	0	0
Несовесно работење во службата	29	7	18	6	5	7	0
Повреда на чување на државна граница	1	2	1	1	0	1	0
ЗСПО	70	24	62	3	12	17	0
Проневера во службата	4	0	4	0	0	0	0
Примање поткуп	4	1	3	0	2	0	0
Давање поткуп	3	1	3	1	0	0	0
Фалсификување службена исправа	2	0	2	0	0	0	0
Останато	2	1	3	0	0	0	0

Извор: www.stat.gov.mk/publikacii/Државен завод за статистика-Скопје/2018

На табела број 5 од прикажните податоци може да се види дека за кривичното дело ЗСПО има 70 од машки пол и 24 од женски пол обвинети лица, притоа 62 лица се прогласени виновни, а за 3 случаи е запрена постапката, за 12 се ослободени а во 17 случаи е одбиено обвинението. За кривичното дело неизвршување на наредба има само едно женско лице. За кривичното дело несовесно работење во службата имаме 36 мажи и 7 женски лица обвинети од кои за 18 лица имаме прогласување на виновни, за 6 е запрена, за 5 се ослободени а за 7 лица е одбиено обвинението. За кривичното дело повреда на чување на државната граница 1 лице е од машки а 2 лица од женски пол, 1 лице е прогласено за виновно, за 1 е запрена постапката и за 1 е одбиено обвинението. За кривичното дело проневера во службата сите 4 обвинети лица се од машки пол и сите се прогласени за виновни. За кривичното дело примање поткуп 4 лица се мажи а 1 е жена, од кои 3 лица се прогласени за виновни а 2 лица се ослободени од обвинение. За кривичното дело давање поткуп 3 се мажи а 1 е жена, од кои 3 се прогласени за виновни а за 1лице е запрена постапката. За кривичното дело фалсификување имаме само 2 сторители од машки пол и истите се прогласени виновни. За останатите

кривични дела против службената должност имаме 2 машки и 1 женско лице и сите тројца се прогласени за виновни.

Табела бр.6: Осудени полнолетни лица кај кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување според изречената санкција

	Вкупно осудени лица		Главни казни		Алтернативни мерки	
	мажи	жени	Затвор	Парична казна	Условна осуда	Парична казна
Несовесно работење во службата	14	4	0	1	17	0
Повреда на чување на државна граница	0	1	0	0	1	0
ЗСПО	48	14	4	4	53	1
Проневера во службата	0	4	1	1	3	0
Примање поткуп	2	1	1	0	2	0
Давање поткуп	0	3	0	0	3	0
Фалсификување службена исправа	0	2	0	0	2	0
Останато	0	3	0	0	3	0


Извор: www.stat.gov.mk/publikacii/Државен завод за статистика-Скопје/2018

На табелата број 6 се прикажани податоци за осудените полнолетни лица за кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување и каде можеме да видиме дека за кривичното дело несовесно работење во службата од кои 14 биле мажи а 4 лица биле жени им е изречена една главна парична казна и 17 условна осуда со казна затвор. За кривичното дело повреда во чување на државната граница постои еден сторител од женски пол и на истата и е изречена алтернативна мерка условна осуда затвор.

За кривичното дело ЗСПО има 48 мажи и 14 осудени жени од кои на по 4 лица им се изречени главни казни затвор и парична казна а на 53 условна осуда со затвор и на 1лице условна осуда со пари, за кривичното дело проневера во службата сите 4 обвинети се од женски пол, од кои имаме по 1 лице на кои им се изречени главни

казни затвор и парична казна, а на 2 лица условна осуда затвор, за кривичното дело прпимање на поткуп имаме 2 и 1 женско осудено лице со изречена на 1 главна казна затвор, а на 2 лица условна осуда затвор, за кривичното дело давање поткуп имаме 3 обвинети женски лица на кои им е изречена алтернативна мерка условна осуда со затвор, за кривичното дело фалсификување на службена исправа како обвинети имаме 2 лица од женски пол за кои исто така им е изречена условна осуда со затвор. За останатите кривични дела против службената положба имаме 3 обвинети лица од женски пол со условна осуда затвор.

Графикон бр.6: Осудени полнолетни лица според бројот на учесници кај кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување



Извор: www.stat.gov.mk/publikacii/Државен завод за статистика-Скопје/2018

На графиконот број 6 од прикажаните податоци на 92 обвинети лица, може да се констатира дека кај осудените лица најчесто односно во 59 случаи има по 1 лице во извршувањето на делото а најмалку во 1 случај со 4 соучесници

.Графикон бр.7: Осудени полнолетни лица кај кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување според возраста



Извор: www.stat.gov.mk/publikacii/Државен завод за статистика-Скопје/2018

Од прикажаните податоци на графикон број 7 најголем број од осудени лица се на возраст 50 -59 години или 33%, од 30-39 годишна возраст имаме 22 %, од 40 -49 години имаме 21% , од 18-29 години има 12 % а над 60 годинишна возраст осудените лица се затапени со 11%.

Графикон бр.8: Осудени полнолетни лица кај кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување според етничката припадност




Извор: www.stat.gov.mk/publikacii/Државен завод за статистика-Скопје/2018

На графиконот број 8 е даден приказ на осудените лица според нивната етничка припадност и може да заклучиме дека во најголем број од осудените лица дури со 77% се од Македонската национална припадност, од Турската припадност се застапени со

9% , од Албанската со 6 %, а од останатите се со значителен мал процент на застапеност.

Графикон бр.9: Осудени полнолетни лица кај кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување според образованието



Извор: www.stat.gov.mk/publikacii/Државен завод за статистика-Скопје/2018

На графиконот број 9 се дадени податоците на осудените лица кај кривичните дела против злоупотребата на службена положба и овластување според образованието каде може да забележиме од вкупно 96 осудени лица, 45 биле со средно образование, 34 со факултет, 5 со основно, 2 со вишо а 10 лица не им било познат нивниот образовен статус.


Графикон бр.10: Осудени полнолетни лица кај кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување според звањето



Извор: www.stat.gov.mk/publikacii/Државен завод за статистика-Скопје/2018

Од графиконот број 10 од прикажаните податоци можеме да заклучиме дека од осудените полнолетни лица 18 се со звања како техничари и сродни работници, 10 се без определено звање а по 7 од осудените лица се како државни службеници и директори, потоа 7 се од стручните и научните звања, 2 се од елементарните занимања, 1 е од службениците и исто така 1 осудено лице е со звање од стручните земјоделски работи.

Графикон бр.11: Осудени полнолетни лица кај кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување кои имаат статус како невработени



Извор: www.stat.gov.mk/publikacii/Државен завод за статистика-Скопје/2018

На графиконот број 11 се дадени податоци на осудени лица кои имаат стаус на невработено лице каде може да се забележи дека има случаи и на пензионери.

3. Анализа на податоци добиени од електронско анкетно истражување

на граѓаните на Р.С.Македонија [106]

Целта на ова анкетно истражување е да се истражи свесноста кај една индивидуа колку се запознати граѓаните во врска со постоењето и застапеноста на овој глобален проблем кој започнува да станува и национален во рамките на Р.С.Македонија. Затоа е потребно да се знае мислењето на граѓаните на Р.С.Македонија со цел да може понатаму превентивно да се делува, односно да се отстранат оние ризични фактори кои придонесуваат за развој на овој криминал во нашата земја, како и расветлување на криминалната активност со елементи на злоупотреба на службената положба и изрекување на соодветни санкции.

Исто така, целта на ова истражување беше и да се согледа дали граѓаните се запознати со поимите „криминал против службената должност" и „злоупотреба на службената положба и овластување", дали се запознати со застапноста и опасноста од овој проблем, кој може да се јави во улога на сторител, кои се причините и последиците од овој криминалитет, нивните искуства за тоа дали непосредно забележале или пријавиле криминалитет со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување, кои лица сметаат дека најмногу ја злоупотребуваат службената должност, колку тие сметаат дека надлежните институции ги преземаат професионално и стручно соодветните мерки за спречување на ова зло, и дали законската регулатива во Р.С.Македонија е доволна за спречување и сузбивање на криминалот со елементи на злоупотреба на службената положба итн.. На крај, какви треба да бидат казните за сторителите. Воглавно, конечната севкупна цел е интелектуалниот степен на свест кај луѓето во врска со овој проблем.

Во ова анкетно истражување беа опфатени корисниците на Интернет мрежата – граѓани на Р.С.Македонија, што значи оваа електронска анкета беше пласирана на Интернет при што граѓаните можеа да одговараат на истата во периодот од ***15.04.2020*** година до ***15.05.2020*** година.


Анкетата се состои од 20 прашања формулирани и прилагодени на возраста и

[106] Анкетата можете да ја погледнете во делот – Прилози: Прилог бр.1

образованието на испитаниците. При составувањето на анкетата беа запазени и демографските податоци (првите три прашања од анкетата) на населението како што се: пол, возраст и образование. При обработката на електронските податоци, утврдено е дека се опфатени 178 испитаници од кои:


- **Пол:** 84 или 47,2% од испитаниците беа жени и 94 или 52,8% од испитаниците беа мажи.

  Графикон бр. 12: Поделба на испитаниците според пол




- **Возраст:** 59 или 33,1% од испитаниците беа млади лица од 18-30 години, 59 или 33,1% од испитаниците беа на возраст од 31-40 година, 52 или 29,2% од испитаниците беа на возраст од 41-50 години и 8 или
- 4,5% од испитаниците беа лица над 51 годишна возраст.

Графикон бр. 13: Поделба на испитаниците според возраст



- **Образование:** 46 или 25,8% се со средно образование, 100 или 56,2% се со високо образование, 30 или 16,9% се магистри на науки и 2 или 1,1% се доктори на науки.

Графикон бр.14: Поделба на испитаниците според степен на образование



3.1.Анализа на добиените резултати од одговорите на анкетните прашања

Во анализата графички ќе ги прикажеме добиените одговори на 17-те главни прашања наведени во анкетата изоставајќи ги претходните три кои се однесуваа на демографските податоци.

Прашање бр.4: Според вас, што мислите дека претставува криминал против службената положба и овластување?

Понудени одговори:

- ✓ Злоупотреба на службена положба и овластување;
- ✓ Проневера и измама во службата, примање и давање на поткуп;
- ✓ Повреда на чување на државната граница;
- ✓ Несовесно работење во службата;
- ✓ Послужување;
- ✓ Против законито посредување,наплата и исплата;
- ✓ Оддавање на службена тајна,фалсификување на службена исправа;

Графикон бр.15: Графичка анализа на одговорите на прашањето бр.4




На ова прашање 130 или 74,3% од испитаниците одговориле дека тоа е „злоупотреба на службената положба и овластување“, 80 испитаници или 45,7% го избрале одговорот „проневера и измама во службата, примање и давање на поткуп“,59 испитаници или 33,7% го избрале одговорот „ оддавање на службена тајна, фалсификување на службена исправа“, 42 испитаници или 25,7% го избрале одговорот „несовесно работење во службата“ ***што неспорно говори за фактот дека голем дел од граѓаните се запознаени со горенаведениот поим.***

Прашање бр.5: Дали знаете кој се може да биде сторител на кривичото дело: Злоупотреба на службена положба и овластување?

Понудени одговори:

- ✓ правно лице;
- ✓ службено или одговорно лице;
- ✓ обичните граѓани;
- ✓ ниту едно од горе наведените;

Графикон бр.16: Графичка анализа на одговорите на прашањето бр.5



Одговорите на ова прашање на испитаниците се следни: 166 или 93,8% од вкупниот број на испитаници одговориле дека во улога на сторител на кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување може да се јави службено или одговорно лице. Додека 10 или 5,6 % од испитаниците одговориле дека во улога на сторител може да се јави исклучиво правно лице. ***Ова укажува на фактот дека граѓаните се добро запознати кој може да биде сторителот на ова кривично дело.***

Прашање бр.6: Дали сметате дека во Р.С.Македонија постои злоупотреба на службена положба и овластување и дали истата се открива?

Понудени одговори:

- ✓ постои и се открива;
- ✓ постои, но има селективност во откривањето;
- ✓ постои ама значително малку или недоволно се открива;
- ✓ не постои;
- ✓ не знам

Графикон бр.17: Графичка анализа на одговорите на прашањето бр.6



На ова прашање одговарале 177 испитаници,од нив во најголем број 97 или 54,8% одговориле дека постои злоупотреба на службената положба во Р.С.Македонија, но дека има селективност во откривањето, помал број 59 или 33,3% се согласуваат дека постои, но значително малку или недоволно се открива.

Само 15 испитаници или 8,5% одговориле дека постои и се открива, а 6 испитаници одговориле дека не го знаат одговорот на ова прашање**.**

Интересен е податокот што ниту еден од испитаниците не смета дека ваков криминал не постои во нашата држава. Најголем е процентот на оние испитаници кои сметаат дека постои селективност во откривањето на овој криминал.

Овој фрапантен податок е загрижувачки, бидејќи истиот ја покажува недовербата на граѓаните во надлежните институции, дека истите законски постапуваат и ги вршат своите надлежности за откривање на овој тип на криминал.

Прашање бр.7: Каде сметате дека злоупотребата на службената положба и овластување е повеќе присутна?

Понудени одговори:

- ✓ во приватниот сектор;
- ✓ во државниот сектор;
- ✓ и во приватниот и во државниот сектор;
- ✓ не знам

Графикон бр. 18: Графичка анализа на одговорите на прашањето бр.7



На ова прашање одговарале 176 испитаници и од нив половината или 88 испитаници, одговориле дека во државниот сектор е најзастапена злоупотребата на службената положба и овластување, а незначително помал број (86 или 48,9%) одговориле дека злоупотребата на службената положба и овластување е застапена и во приватниот и во државниот сектор.

Прашање бр.8: Според вас, каде е најприсутно ова кривично дело, односно во кој сегмент е најмногу застапена злоупотребата на службената положба и овластување?

Понудени одговори:

- ✓ Во правосудството - кај судиите и јавните обвинители, судските службеници;
- ✓ Во здравството - кај докторите и останатиот медицински персонал;
- ✓ Во образованието;
- ✓ Во општините;
- ✓ Во МВР;
- ✓ Во царината;
- ✓ Во инспекциските служби;
- ✓ Кај директорите;
- ✓ Обичните работници во јавниот и државниот сектор;
- ✓ Други.

Графикон бр.19: Графичка анализа на одговорите на прашањето бр.8



На ова прашање, граѓаните можеа да селектираат повеќе одговори за професии, функции или работни места каде најмногу се прави злоупотреба на службената положба. Од вкупно анкетираните, 139 испитаници одговориле дека во правосудството се прават најмногу злоупотреби на службената положба, после нив

со 77 одговори е царината, а веднаш до неа со 74 одговори е МВР, со 70 одговори се посочени директорите, со 59 одговори се посочени општините, со 58 одговори е посочен медицинскиот сектор, со 35 одговори е посочено образованието, а со 19 одговори се посочени обичните работници кои се единствените кои залутале во целата оваа приказна, затоа што имаат најмала моќ и не се во позиција да ја злоупотребат службената положба, колку што тоа го можат горенаведените.

Загрижувачка е констатацијата што сите посочени професии, функции или работни места, според мислењето на испитаниците ***се подложни*** на злоупотреба на службената положба и овластувањата. Уште позагрижувачки е фактот дека правосудството е на прво место според мислењето на граѓаните.

Се поставува прашањето, доколку имаме корумпирано судство кое подлежи на злоупотреби, како ќе имаме стабилно општество?

Очигледно испитаниците ја препознаваат оваа присутна слабост на нашето општество.

Прашање бр.9: Колку во вашето населено место, општина сметате дека е присутен овој криминалитет со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување?

Понудени одговори:

- ✓ многу;
- ✓ релативно многу;
- ✓ малку;
- ✓ не е актуелен;

Графикон бр.20: Графичка анализа на одговорите на прашањето бр.9



Испитаниците според актуелноста на криминалитетот со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување во нивните места на живеење, се изјасниле дека тој вид на криминалитет е многу актуелен со 46,6% од добиените одговори од анкетираните, 59 или 33,5% мислат дека е релативно многу актуелен, 22 испитаници или 12,5% мислат дека е малку актуелен, а 13 испитаници или 7,4% мислат дека не е актуелен.

Прашање бр.10: Дали сте се посомневале дека некое лице што го познавате врши злоупотреба на службена положба и овластување?

Понудени одговори:

- ✓ да, има многу;
- ✓ не, не познавам;

Графикон бр.21: Графичка анализа на одговорите на прашањето бр.10



Ова прашање го испитува ставот на испитаниците по однос на криминалот поврзан со злоупотреба на службената положба. Имено, 108 или 61% од испитаниците одговориле дека познаваат многу такви лица, 69 или 39% од испитаниците одговориле дека не познаваат такви лица.

Прашање бр.11: Доколку би биле жртва на злоупотреба положба и овластување од некое лице, дали истиот би го пријавиле на надлежниот орган?

Понудени одговори:

- ✓ да, законски сум должен да го пријавам;
- ✓ да би го пријавил доброволно,за одреден паричен надоместок или друга лична корист;

- ✓ најверојатно не би го пријавил;
- ✓ не, нема да го пријавам;
- ✓ не знам;

Графикон бр.22: Графичка анализа на одговорите на прашањето бр.11



На ова прашање 113 испитаници или 64,6% одговориле дека би го пријавиле ова кривично дело на надлежниот орган, што укажува на висока совесност кај граѓаните. Помал процент, односно 14,9% одговориле дека најверојатно нема да го пријават и 2,9% со сигурност одговориле дека нема да го пријават делото.17,1% од испитаниците се неопределени, а само еден испитаник одговорил дека би го пријавил делото доколку за него има некоја лична корист или надоместок.

Прашање бр.12: Според вашето мислење, од кои причини најчесто не се пријавуваат овие дела?

Понудени одговори:

- ✓ недоверба во органите на прогонот;
- ✓ страв од негова одмаза;
- ✓ недоволна заштита од претпоставениот и државата;
- ✓ неговата партиска припадност и поврзаноста со високи политички авторитети и други лица од јавниот живот;
- ✓ не знам

Графикон бр.23: Графичка анализа на одговорите на прашањето бр.12




Најголем дел од испитаниците, 64 или 36,2% искажале недоверба во органите на прогонот, 47 испитаници или 26,6% сметаат дека имаат недоволна заштита од претпоставниот и од државата.24,9% од испитаниците сметаат дека овие дела не се пријавуваат поради партиска припадност на сторителите и поврзаноста со високи политички авторитети и други лица од јавниот живот, а 11,3% сметаат дека овие дела не се пријавуваат поради стравот од одмазда.

Прашање бр.13: Според вас кои се причините за одредено лице да биде сторител на злоупотреба на службена должност и овластување?

Понудени одговори:

- ✓ нискиот стандард на вработените и сиромаштијата;
- ✓ желбата за моќ и престиж;
- ✓ малата веројатност дека може да биде откриен;
- ✓ кариерно унапредување во службата;
- ✓ стекнување за себе или за друг имотна корист;
- ✓ нанесување на друг одредена штета;
- ✓ друго.

Графикон бр.24: Графичка анализа на одговорите на прашањето бр.13



Од понудените одговори на ова прашање на кое испитаниците можеа да селектираат повеќе понудени одговори, најголемиот број од испитаниците (121 или 68,4%) сметаат дека најглавната причина за злоупотреба на службената положба и овластување е стекнување за себе или за друг некаква корист. Додека 81или 45,8% од испитаниците сметаат дека желбата за моќ, престиж е најглавната причина.39 испитаници или 22% како причина за злоупотреба на службената должност и овластување,навеле нискиот стандард на вработените и сиромаштијата. 32 или 18,1% од испитаниците ја селектирале малата веројатност за откривање и казна како најглавна причина. 19 или 10,7% од испитаниците го селектирале кариерното напредувањето во службата како најглавна причина, а ист е и процентот на испитаници кои како причина го навеле нанесувањето на штета.

Само десет или 5,6% од испитаниците сметаат дека најглавната причина за злоупотреба на службената положба и овластување е некоја друга која не е понудена како одговор.

Прашање бр.14: Според вас, дали надлежните институции за откривање, прогон и докажување на сторители на ова кривично дело се со довелен стручен и професионален кадар, поседуваат техника и средства како и методи за оваа криминална појава во РСМ?

Понудени одговори:

- ✓ да доволно се стручни, професионални и поседуваат средства;
- ✓ доволно се обучени но и самите се корумпирани;
- ✓ не немаат ниаков капацитет.

Графикон бр.25: Графичка анализа на одговорите на прашањето бр.14



Најголем процент,70,1% од испитаниците одговориле дека надлежните институции за откривање, прогон и докажување на сторители на ова кривично дело се доволно обучени, но и самите се корумпирани, што е загрижувачки процент бидејќи укажува на голема недоверба на граѓаните во надлежните институции. 15,5% од

испитаниците сметаат дека надлежните институции немаат капацитет за борба со ова кривично дело,а само 14,4% од испитаниците сметаат дека надлежните институции се доволно стручни, професионални и поседуваат средства за борба со ова кривично дело.

Прашање бр.15: Дали сметате дека државата доволно вложува напори за намалување и искористување на оваа криминална појава?

Понудени одговори:

- ✓ да, доволно;
- ✓ доволно, но треба многу повеќе;
- ✓ недоволно.

Графикон бр.26: Графичка анализа на одговорите на прашањето бр.15



На ова прашање најголем процент,72,3% од испитаниците искажале незадоволство и сметаат напорите кои ги вложува нашата држава се недоволни, значително помал процент, 27,7% сметаат дека државата вложува доволно напори, но треба многу повеќе. Фрапантен е податокот дека ниту еден од испитаниците не е задоволен и не смета дека државата вложува доволно напори.

Прашање бр.16: Дали сметате, покрај државата и граѓаните на РСМ можат доволно да допринесат во превенција, откривање и сузбивање на оваа криминална појава?

Понудени одговори:

- ✓ да;
- ✓ не;
- ✓ не знам.

Графикон бр.27: Графичка анализа на одговорите на прашањето бр.16




Одговорите на ова прашање укажуваат на голема само свесност на граѓаните во поглед на нивната улога во давањето допринос во превенцијата, откривањето и сузбивањето на оваа криминална појава, затоа што 71,2% од испитаниците одговориле со „да“. 15,3% одговориле со „не“,а 13,6% од испитаниците немаат изградено мислење по ова прашање.

Прашање бр.17: Дали сметате дека во РСМ постои голема бројка (*темна бројка*) на непријавени и неоткриени кривични дела од злоупотреба на службена должност и овластување?

Понудени одговори:

- ✓ да, има;
- ✓ нема;
- ✓ не знам

Графикон бр.28: Графичка анализа на одговорите на прашањето бр.17



87% од испитаниците сметаат дека има голема бројка на непријавени и неоткриени кривични дела од злоупотреба на службена должност и овластување, 12,4% од испитаниците немаат конкретно мислење по ова прашање, а само еден испитаник одговорил дека нема непријавени дела.

Прашање бр.18: Дали сметате дека законската регулатива во РСМ која се однесува на ова кривично дело е доволна за нејзино спречување и докажување?

Понудени одговори:

- ✓ да доволна;
- ✓ да доволна е но потребни се дополнувања и измени;
- ✓ не е доволна, потребни се поголеми измени;

- ✓ не знам

Графикон бр.29: Графичка анализа на одговорите на прашањето бр.18



Најголем број на испитаници, 44,6% изјавиле дека законската регулатива е недоволна и потребни се поголеми измени. 36,7% од испитаниците сметаат дека законската регулатива е доволна, но се согласуваат дека се потребни дополнувања и измени.Само 9% од испитаниците сметаат дека досегашната законска регулатива е доволна.


Прашање бр.19: Според вас, санкцијата на сторителите на ова кривично дело треба да биде:

Понудени одговори:

- ✓ парична казна;
- ✓ затворска казна;
- ✓ разрешување од функција;

- ✓ затвор;
- ✓ затвор и да се конфискува бесправно стекнатиот имот;
- ✓ друго

Графикон бр.30: Графичка анализа на одговорите на прашањето бр.19



На ова прашање испитаниците можеа да се одлучат за повеќе одговори. Најголем број од испитаниците, 138 се одлучија за казната затвор и конфискација на бесправно стекнатиот имот, потоа 82 од испитанците се одлучија за разрешување на сторителите од функција. 37 испитаници се одлучија за затворска казна а 28 испитаници се одлучија за парична казна. Десет испитаници сметаат дека треба да се воведе и некоја друга санкција која не е наведена во понудените одговори.

Прашање бр.20: Дали сметате дека со примена на новите методи на оперативно-тактички мерки и техники брзо се откриваат сторителите на ова кривично дело?

Понудени одговори:

- ✓ да;
- ✓ не;
- ✓ незнам

Графикон бр.31: Графичка анализа на одговорите на прашањето бр.20



Интересен е фактот дека најголем дел од испитаниците,47,5% на ова прашање одговориле со „не знам“, што укажува на фактот дека граѓаните не се доволно запознаени со новите методи на оперативно-тактички мерки за брзо откривање на сторителите на овие кривични дела. 27,7% одговориле потврдно, а 24,9% одговориле негативно на ова прашање.

Глава 5 : ЕТИОЛОГИЈА НА КРИВИЧНТЕ ДЕЛА СО ЕЛЕМЕНТИ НА ЗЛОУПОТРЕБА НА СЛУЖБЕНА ПОЛОЖБА И ОВЛАСТУВАЊЕ

1. Етиолошки фактори

1.1 Корупцијата како фактор на криминалитетот со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување

Како резултат на бројните истражувања е утврдено дека во нашата држава корупцијата е на доста високо ниво. Еден од видовите на корупција е белата корупција, кога некој се одлучува на корумптивно однесување се со цел да заврши некоја работа која на законски начин не би можел да ја заврши. Најопасна е црната корупција која се случува кај највисоките носители на власта во државата. Што значи коренот на корупцијата е во врвот каде и се донесуваат одредени законски прописи. За жал, некои од децата уште од мали нозе се навикнуваат на помошта која им е овозможена од родителите, изразена во вид на поклони, спонзорства, кога не можат да ја добијат саканата оценка во училиштето. На тој начин децата се навикнуваат на лесно добиените оценки, и затоа во иднина не може да се бараат квалитетни генерации кои ќе градат општество во кое ќе владее правото подеднакво за сите граѓани.

Влијанието на корупцијата е се повеќе видливо врз злоупотребата на службената положба и овластување поради фактот што укажува на тоа дека лицата кои извршиле криминална активност нема да бидат откриени поради нивната поврзаност и блискост со луѓето од власта, а за да ја прикријат својата активност, започнуваат од најнискиот степен на корумптивни однесувања во вид на ситни подароци кои подоцна прераснуваат во склучување на договори за одредени набавки, купувања на државно земјиште итн.[107]

За да може успешно да се применат мерките, средствата и активностите кои ќе овозможат спречување на корупцијата на службените лица во Македонија, потребно е да се создаде една мала, ефикасна и одговорна јавна администрација, која ќе им ги нуди јавните услуги на граѓаните но со еден нов и поинаков пристап, односно јавната администрација треба да се гледа себеси повеќе како услуга, а не како власт, со што со самото нудење на јавните услуги на граѓаните ќе стане многу поотворена и

[107] В. Камбовски и П. Наумоски., Корупцијата – најголемо општествено зло и закана за правната држава, Скопје, 2002

потранспарентна кон самите граѓаните кои ќе се јават во улога на корисници на тие услуги.

Во нашата држава проблемот поврзан со корупција на службените лица, од една страна, не може да се смета за решен само преку донесување на Законот за спречување на корупцијата и со формирањето на Државната Комисија, затоа што таа постои и во општествата со најреална демократија. Меѓутоа, од друга страна, секако дека треба да се развива и една општо општествена долгорочна стратегија за спречување на корупцијата и за остварување на една систематска антикорупциска политика во целата земја, а за тоа во најголема мера е потребна севкупната поддршка на јавноста и на граѓаните на нашата држава.[108]

Корупцијата се создава во власта и преку власта, а највисоките носители на власта во една држава секојдневно се повикуваат да се справат со овој проблем и воедно се најодговорни доколку не можат да ја намалат опасноста и да ги минимизираат штетните последици кои произлегуваат од нејзиното разорно дејство. Тоа значи дека оние кои ја создаваат корупцијата се повикуваат да преземаат мерки и активности за нејзино сузбивање.[109]

1.2 Личноста, профилот на извршителите на кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување (социолошките и психолошките карактеристики на извршителите)

Сторителите на криминалитетот против службената положба и овластување својата криминална активност ја насочуваат кон напад на материјалните добра, но не само тогаш кога имаат намера да ги задоволат природно нужните потреби, туку и во случаите кога имаат намера тие добра да ги зголемат во размери над нивните неопходни потреби. Најчесто во сите класични општества криминалната активност ја

[108] Dr. Uzunov V., "Antikoruptivna strategija", “Utrinski vesnik”, 2002.
[109] М. Лабовиќ, “Теоретски претпоставки и проблеми во врска со борбата против корупцијата”, Скопје, 2002

вршат оние кои се презаситени со основните материјални добра, односно оние на кои тие добра им се во изобилство и криминалната активност ја остваруваат врз грбот на оние на кои тие материјални добра им недостасуваат или им пресушуваат.

На тој начин преку криминалното делување и преземање на криминални активности, тие се стекнуваат со противправна имотна корист и манифестираат големи богатства.

Сепак, не можеме да кажеме дека сите лица делуваат криминално, затоа што има луѓе кои нормално се однесуваат и со труд и пот заработуваат за да можат да си ги задоволат основните потреби за живот. Мотивот кој го има одредена личност е факторот кој го наведува на криминално делување, за на крај да стане стручен и професионален за одредена област. Убедеността дека не може да биде откриен во криминалната активност, е доста битен личен елемент според кој некое лице се јавува во улога на сторител токму на кривични дела од областа на економскиот криминалитет во средината каде што тој е професионално работи и се развива.[110] Некои лица иако сфаќаат дека на крај ќе бидат кривично – правната санкционирани, сепак, криминално делуваат бидејќи се раководени од силен мотив, а тоа е личниот интерес, врз основа на кој се извршени многу кривични дела.

Сторителите на кривичните дела на злоупотреба на службената положба и овластување многу се разликуваат од сторителите на кривичните дела од класичниот криминалитет, поради постоење на одредени својства кои ги поседуваат во одреден временски период, бидејќи за да може да извршат кривично дело со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување тие треба да бидат во ситуација да го направат тоа. Во основа, станува збор за лица кои се со голема стручност и професионалност и многу добро ги познаваат прописите, а воедно ги користат правните празнини и честите измени и дополнувања на законот, за да може вешто да ја прикријат криминалната активност.

[110] Цуклески, Г. и Николоска, С., *"Економска криминалистика",* Скопје, 2008

Потребно е да се има предвид дека овој вид на криминалитет го вршат лица кои благодарение на нивната голема стручност и професионалност успеваат што е можно подолго да го прикриваат нивното криминално однесување. За да ја остварат својата цел во голема мера им помагаат и нивните овластувања, и баш со нивна злоупотреба ја прикриваат криминалната активност.[111]

Личните и социјалните детерминанти на сторителите се рефлектираат преку социјалните услови и влијанија кои може да го зголемат степенот на криминална активност, но никогаш не треба да се земаат во предвид само надворешните влијанија и притоа да се занемарува самата субјективна страна на личноста. Објективните услови земени сами за себе не можат да доведат до криминално однесување, како што ни субјективните услови немаат значење во отсуство на општествените услови на живеење. Субјективното и објетивното делуваат во единство во сите животни процеси и манифестации, па и тогаш кога е во прашање криминалната активност. Според *Милутиновиќ*, надворешни фактори кои имаат влијание врз криминалното однесување на личноста се: економската криза, богатството, сиромаштијата, невработеноста, секако вклучувајќи ги и културните, политичките и странските влијанија во одредени општествено – економски и политички услови за живеење.[112]

Кога е во прашање објаснувањето на личноста – сторител на криминалната активност, објективните фактори не се доволни бидејќи објективното доаѓа до израз преку субјективното однесување на поединецот преку неговите лични својства кои не можат да се одделат од неговата личност. Такви својства на личноста се: карактерот, темпераментот, мотивите, навиките, идеалите, емоциите и сл. Со самото проучување на наведените фактори може да се осознае степенот на деликвентната активност на конкретниот сторител.

[111] Ангелески М., "Проучување на личноста на економскиот деликвент", Скопје, 1997
[112] M. Milutinovic, "Kriminologija", Savremena administracija, Beograd, 1998g

Потребно е овие својства на личноста да се проучуваат, разгледуваат и анализираат во целост, без одвојување и давање посебно значење на некои од нив, за да може да се добие целосна слика за личноста која се јавува во улога на сторител.[113]

Личните и професионалните својства на сторителите на криминалитетот поврзан со злоупотребите на службената положба и овластувањата се тие кои го прават овој криминалитет да се вброи во редот на професионален криминалитет од аспект на стручноста на сторителите, својствата и професијата која ја имаат во општеството, кои покрај тоа што се од редот на лица на високи позиции се и лица кои ја искористуваат својата професија во дадена криминална ситуација.

Во тој контекст, професионалните и стручни знаења на сторителите се тие кои им помагаат да го усовршат начинот на извршување на кривичните дела со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување. Секако дека стручното знаење со кое располага сторителот во случаите на вршење на криминалната активност му овозможува на најдобар и најефикасен начин да ги извршува и истовремено да ги прикрива кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување.

Повторувајќи го истиот појавен облик, сторителот се специјализира, односно го усовршува начинот на извршување и прикривање, и во континуитет вешто го продолжува вршењето на криминалната активност, па со тек на време наместо редовното работење, вршењето на кривичните дела ќе стане занимање на одреден круг на лица кои ќе заработуваат од користа остварена од криминалните активности. На овој начин само се отежнува откривањето на криминалитетот со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување.

1.3. Жртвата кај криминалитетот со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување

[113] Цуклевски, Г. и Николоска, С., *"Економска криминалистика"*, Скопје, 2008

Условите на живеење на поголемиот број граѓани во Македонија во минатото и денес укажуваат на тоа дека тие биле жртви на едно време, политика, на владејачки слој на луѓе кои преку искористување на својата моќ, влијание и општествен статус, не и нанесуваат директна штета само на Државата, туку и на нејзините граѓани, кои долги години настојуваат да ги зголемат нивните ниски примања, социјалната помош и секојдневно се надеваат дека постои излез.[114]

Ризикот од виктимизација го претставува самиот однос на жртвите кон сторителите, но и начинот на кој тие реагираат кон оние кои ги ставиле во ситуација да патат.

Жртвата и нејзините својства, односот кој го има со престапниците, а посебно нејзините поведенија, можат да претставуваат непосредни причини а воедно и услови и поводи за криминалитетот.

Криминалитетот на моќните, како што некои го нарекуваат криминалитетот што се врши со злоупотреба на власта, моќта, позицијата, функцијата, зазема посебно место кога се во прашање неговата поврзаност со човековите слободи и права.

Имено, во поглед на неговата потенцијална опасност за човековите слободи и права, овој вид на криминалитет се наоѓа на самиот врв.[115]

Криминалците од редот на моќните не ги бираат жртвите, а воедно се многу поврзани меѓусебно, но во одредени случаи покажуваат извесна поврзаност и со структурите на власта.

Жртвите на криминалот поврзан со злоупотреба на службената положба и овластување во одредени случаи се наоѓаат во ситуација да бидат двојни жртви, првпат биле жртва на криминалитет кој и не мора да биде од областа на злоупотребите, но кога жртвите очекуваат дека случајот ќе се расветли и очекуваат казна за сторителите, повторно се наоѓаат во ситуација да бидат повторно жртви, но овој пат жртви на судиите. Тука се мисли на оштетените кои повеле некоја постапка, но за да се донесе пресуда по некој предмет се остварува некое должничко –

[114] Николоска, С., Методика на истражување на економско – финансиски криминал, Скопје, 2013.
[115] Бачановиќ, О., Полицијата и жртвите, Скопје, 1997

доверително право на суд, а со тоа оштетените се јавуваат во улога на жртви на правосудството.[116]

Еден вид жртви се работниците на кои не им се платени придонесите, како и непријавените работници кои работат непријавени и неосигурани на црно, кои не се само жртви на работодавците туку и на целиот систем, а друг вид жртви се оние кои се погодени од еден криминален случај во режија на сторителите кои се приврзаници на власта.

Државата во борба да се справи со криминалот, треба да донесе соодветни закони и да воспостави механизам за спроведување на тие закони, меѓу другото законите да бидат соодветни на состојбите, а не закони донесени по желба на структурите кои се на власт и имаат моќ и статус во општеството.

Глава 6: РАЗОТКРИВАЊЕ НА СТОРИТЕЛИ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА СО ЕЛЕМЕНТИ НА ЗЛОУПОТРЕБА НА СЛУЖБЕНА ПОЛОЖБА И ОВЛАСТУВАЊЕ

[116] Исто

1. Мерки и активности за откривање на кривичните дела против злоупотреба на службена положба и овластување

Начините на дознавање за извршено кривично дело од групата на кривични дела против злоупотреба на службена положба и овластување се многубројни , и едни со други се премногу слични.

Разоткривањето на овие кривични дела методолошки е различно во однос на останатите кривични дела, односно во однос со општиот криминалитет.

До дознавање за извршено кривично дело најчесто се доаѓа на основ на индиции. Тие претставуваа доволен основ за превземање на соодветни оперативно-тактички мерки и активности кои секако мора да бидат според Законот за кривична постапка, Законот за полиција, Законот за организиран криминал, како и со други подзаконски акти со кои се регулирни кривично процесното постапување на државните органи во откривање и расветлување на кривичните дела и се разбира нивните сторители.

Разоткривањето и докажувањето на кривичните дела против службената положба и овластување не може да бидат третирани рутински, бидејќи претставуваат релативно комплицирани и комплексни за кривичната материја.

Доказните средства како и недоказните прибавени во текот на самата постапка, претставуваат многу значаен дел за утврдување на самата фактичка состојба.

2. Начини на дознавање

Начините на дознавање на кривичните дела кои се однесуваат на групата на злоупотреба на службена положба и овластување се многубројни, и најмногу се

дознава пред се на основ на одредени индиции кои можат да претставуваат доволен основ за превземање на одредени оперативно-тактички мерки и активности.

Прибирањето на известувања и дознавања на овластените службени лица можат да бидат извршени на различити начини.

Најчести се оние кои доаѓаат од самите граѓани. Покрај лицата кои што можат да бидат оштетени од кривично дело, за известување многу често се користат и сведоци, односно сведоци или некои други лица на кои податоците во случувањето им се познати.

Собирањето на известувања има повеќе цели, додека некои претставуваат и се значајни за спречување, превенција, откривање или расветлување на криминални дејствија.[117]

Временски следено, известувањата кои што се прибрани во почетните фази на работењето на полицијата кај конкретни случувања имаат многу поголемо значење во оперативна смисла.

Известувањата кои што се прибавени потребно е што поверодостојно бидат документирани, со записник или со аудио-визуелни метод, а потенцијалните кој се очигледни со логични празнини да бидат дополнети, ако тоа е можно, со помош на лица од кои се добиваат споменатите звестувања.

Информациите потребно е што претходно да се разгледаат, и како што е веќе кажано, истите да се документираат со оглед на тоа што самото време може да влијае негативно на нив.

Во овој случај се мисли на заборавање, или на можност сторителот на кривичното дело да проба да ги уништи трагите.

Одминувањето на времето исто така може негативно да влијае и на сведоците, со оглед дека сеќавањата за конкретни случувања се менуваат, што со можност на

[117] Кривокапиќ, В и Живковиќ, М *„Криминалистика - Тактика 1“* , Полициска академија , Београд, 1996. стр.218

губење на информации или недоволно прецизни информации, можи да се случи да истите не можат да бидат обработени или искористени.[118]

Одредени автори укажуваат на тоа дека оперативната информација може да има превентивен, но и репресивен карактер.[119]

Дознавањето, односно индициите за извршено кривично дело може да настанат за време на извршување на кривичното дело, но и пред и после извршување на кривичното дело. На значење на тие индиции, покрај споменатото време, влијае и вредносната информација односно индиција, во склоп со сите до сега наведени.

Покрај логичната основана цел на дознавањето за извршено кривично дело, значајно е ова прашање да се следи и во склоп на превентивните мерки, кои треба да го спречуваат извршувањето на кривичните дела од оваа група, но и да ги отстрани предусловите за настанување на одредени околности за извршување на нови кривични дела. Важна улога во оваа криминалистика, која ги пронајдува, ги изучува и систематизира, но и ги усовршува средствата и методите.

Овие методи се расчленети на повеќе други науки како што се почнувајќи од природните, техничките и други, но многу се ослонуваат и на постоечката пракса.[120]

Криминалистичките работи кои се неопходни да бидат сработени се со посебно значење за дознавање за извршено кривично дело или сторител.[121]

Одредени автори наведуваат дека покрај процесните субјекти, значајна улога во борбата против криминалитетот го има полицијата. Таа со сите свои овластувања може дасе појави во разни фази на постапката, а се со цел да се откријат и докаже кривичното дело но и да се пронајде сторителот на кривичното дело.[122]

На основ на дознавање кои настануваат од некој од наведените начини, се прави основи на сомневање за кривичното дело и сторителот, на основ на кој и тој се гони по службена должност.

---

[118] Водинелиќ, В. „*Шта је откривање, а шта разјашњавање кривичних дела и разоткривање на учиниоца*“, Студија министерства унутрашњих послова Хрватске, 1990, стр.45
[119] Бошковиќ, М. *„Материјални докази у криминалистичкој обради“.* Правни факултет, Београд, 1990. стр.31
[120] Ѓурѓиќ, В. *„Основи криминалистика“.* Правни факултет Ниш, 2012, стр.2
[121] Матијевиќ, М. и Марковиќ, М. *„Криминалистика“* . Правни факултет за привреду и правосуѓе, Нови Сад, 2013, стр.392
[122] Милошевиќ, М. и Кесиќ, Т. *„Полиција у кривичном поступку“,* Криминалистичко-полициска академија, Београд, 2009, стр.15

Полицијата превзема разни мерки и методи како и дејствија како би дошло до решавање на овие кривични дела, а со тоа и обезбедување на предмети и траги кои можат да послужат како доказ, односно како би се собирале известувања кои би биле корисни за успешно водење на кривичната постапка.

Некои автори наведуваат дека одредени начини на кои се доаѓа до дознавање на кривично дело, но и до точните добиени информации се доста различити, а најчесто зависат од видот на кривичните дела.

Некои од кривичните дела од оваа група често се прикривани поради самата природа на делото но и начинот на извршување. Исто така, истите автори укажуваат и на непроценливо заташкување на сторителот во самото извршување на делото, што најчесто претставува последица на оперативната работа и претходно добиените сознанија.[123]

Доколку некој граѓанин дознае за некое кривично дело истото може да го каже пред овластени службени лица на повеќе начини. Како прво значи може со лично соопштување, преку телефон или ектронски пат, а не ретко се случува и преку анонимен допис.

Најрелативен начин на дознавање е од самата жртва на кривичното дело или од оштетениот, што за групата на кривични дела кои се однесуваат на злоупотреба на службена положба и овластување не е можно да се применат сите начини на дознавање. Негативна страна е со лажното пријавување што може да претставува и проблем.

Извори на дознавање за кривично дело може да бидат и информатори. Тоа се лица кои имаат тенденција на давање на информации на полицијата за криминал .[124]

Кривичните дела кои спаѓаат во злоупотреба на службена положба и овластување, исклучиво може да се извршат со умисла, освен кривичното дело одавање на службена тајна, која може да се изврши и во друг облик, односно од невнимание - небрежност.

[123] Ivanovic, A i Nicevic, M. *„Ways of detectiing the axistence of criminal acis od economic crime“*, Economic challenges, internacional Univerzity Novi Pazar, 2012, стр.76-77
[124] Бенанда, Д. „*Етичка питања у раду с информаторима“.* Полициска сигурност, Број.1 Загреб, 2012, стр.60

Ова е важно со оглед на тоа што кај овие дела постои умисла, јасно е дека ќе постои и волја тоа дело да биде и прикриено, е *modus operandi* (начинот на однесување) во овие сличаи е насочен на сокривање на делото пред извршување или во текот на неговото извршување, додека во случаите каде има небрежност после извршеното дело.

Дознавањето за оваа група на кривични дела доста често може да произнесе и од печатените и електронските медиуми, јавно озборување, допрен глас и слично.

Дознавањето, кои дела се однесуваат за повреда на службената положба не мора нужно да води кон кривично дело, практично може да се однесува и кон покренување на дисциплинска постапка, но суштинскиот начин на дознавање може да биде исти.[125]

Авторите укажуваат и на должноста на пренесување на дознавањето на ваквите кривични дела на овластените службени лица, со што се подсетува и на законската обврска. Должност да се пријави постои и во оној момент кога не е позната личноста која конкретно планира извршување на кривично дело. Во ситуација каде има повеќе лица имаат сознанија за припрема на извршување на кривично дело, обврската за пријавување постои на сите тие лица, но ако едно од тие лица го пријавило припремањето на извршување на кривичното дело, други лице се ослободуваат од обврската задолжително и тие да го пријават.[126]

После секое дознавање за извршено кривично дело, треба да се напомене дека следи анализа на тоа сознание. На основ сомневање се формираат списи, односно

[125] Мандиќ, М „Дисциплнска одговорност и дисциплински поступак“, Годишњак Факултета правних наука, број 1, Бања Лука, 2011, стр.229
[126] Transparency internacional, „Prijavuvawe na korupcija“ , centar za pruzanje pravne pomoci u borbi protiv korupcije, British Embassy, 2014, стр.11

предмет, каде после следат други анализи на извештаи и собирање на постоечки сознанија и формирање на предлози за идни мерки.[127]

3.Разоткривање на кривичните дела злоупотреба на службена положба и овластување

Откривањето и докажувањето на кривичните дела против злоупотреба на службена положба и овластување не може да се посматра како рутинска работа. Причина за тоа е што службените лица запослени во државни огани кои имаат посредна или директна обврска да се бават со откривање и пријавување на ваквите кривични дела, можат тие самите да бидат и нивни извршители, со злоупотреба на својата положба. При тоа, покрај својата позиција, имаат и можност ефикасно и да го прикријат извршеното дело.

Самата држава превзема одредени мерки на кривичноправна заштита како би се одвивале непречено и сигурно извршувањето на службеничките должности и овластувања. Низ таа кривичноправна заштита, односно предвидување на кривичните дела, се штитат но и се казнуваат лица кои ги извршуваат службеничките должности.[128]

Постојат многу фактори на самиот почеток кои дискретно укажуваат на тоа дека е извршено кривично дело од оваа група.

Во практична смисла, со самата оперативна работа и обработка на одредени лица доста значајна е индицијалната метода. На основ на оваа метода, поедини работи во вид на надворешни манифестации како што се зголемено трошење на пари или пак купување на движни или недвижни ствари кое не е сразмерно со економските можности на одредени лица, укажува на можност на вршење на криминални активности од страна на тие лица.

[127] Bjelic, S i Curovic, S „*Pojavni oblici privrednog kriminala i nacin na njihovog dokazivanja".* Projekat Visokog sudskog i tuzilackog savjeta Bosne i Hercegovine „Podrska pravosudu Bosne i Hercegovine - Jacanje tuzilackih kapaciteta u sistemu krivicnog pravosuga ". Sarajevo, 2016, стр.10

[128] Нинчиќ, Ж. „Кривична дела против службене дужности како иблици злоупотребе службеног положаја и јавних овлашќења", Правни живот број 11/2009, Београд,стр.456

Овие индиции укажуваат на можност на извршување на кривично дело, секако и со постоење и на други објективни околности, па се користат како доволен повод за оперативно проверување.

Многу автори имаат дојдено до заклучок со своите истржувања и увиди во многу статистички податоци за ваквата проблематика, дека лица кои *„лагодно живеат“* и се богатеат вршејќи кривични дела на штета на државниот имот.[129]

Индициите, односно основите на сомневање, претставуваат причина која укажува на постоење на кривично дело. Попрецизно речено, тие претставуваат одредена врска помеѓу кривичното дело и некое лице, и на чии основ се одредува степенот на веројатност на нивната поврзаност, односно дали кривичното дело е извршено или не.

Тешките кривични дела по правило пробуваат да се извршат со голем степен на внимание, прикриеност и најчесто без сведоци што е најголем случај кај кривичните дела со злоупотреба на службена положба и овластување.[130]

Индициите фактички посматрано произлегле од сознанијата и према околностите на кои се насочени и може да се согледуват дека тие ни укажуваат на постоење на кривично дело и на одредено лице како можен сторител.

Индициите може да се согледуваат и од временски аспект, па така постојат индиции кои настануваат пред извршување на кривичното дело, потоа индиции кои укажуваат на подготовка за извршување на кривично дело, индиции кои укажуваат на волја за извршување на кривично дејствие и индиции кои укажуваат на постоење или непостоење на кривично дело.

На основи на индициите се установени и посебни методи при откривање и докажување на кривичните дела злоупотреба на службена положба и овластување а

[129] Теофиловиќ,Н и Јелачиќ,М. „Спречавање, откривање и доказивање кривичниих дела корупције и прања новца“. Београд, 2006,стр.157
[130] Матијевиќ,М и Марковиќ, М. „*Криминалистика“*. 2013, стр.45 и Жарковиќ,М *„Криминалистичка тактика“*. Правни факултет у Београду, 2009, стр.44

тоа се: 1) метод на елиминирање на откривање на сторител на одредено кривично дело; 2) метод на откривање на непознат сторител по начин на извршување во случај на поновување на кривичното дело и 3) метод на составување на листа на индиции за повеќе кривични дела и за повеќе осомничени лица како би се пронашол вистинскиот сторител.

На основ на индициите се формираат криминалистички верзии кои што претставуваат одредени претпоставки за кривичен настан и за сторител на делото, со земање во предвид и други релевантни фактори.[131]

Повеќе автори сметаат дека работата и мерките на разотркивање на кривичните дела кои произлегуваат од злоупотреба на службена положба и овластување мораат да бидат фокусирани на индициите, знаците и фактите кои укажуваат или докажуваат обид или завршено кривично дело.

Во овој специфичен процес мораат да земат учество сите надлежни органи, но сепак правосудната полиција која е под директна надлежност на јавниот обвинител и полициските службеници се тие кои имаат примарна задача за откривање, дознавање и превенција на таквите кривични дела, се разбира преку употреба на оперативно - тактички мерки (*ex officio).*[132]

Кога се работи конкретно за работи и мерки за разоткривање на кривични дела од групата на дела од злоупотреба на службена положба и овластување се:[133]

[131] Жарковиќ, М „*Криминалистичка тактика".* Београд, 2009, стр.59
[132] Tulic, A. „*Krivicna djela protiv sluzbene duznosti".* 2015 година, Београд, стр.15-16
[133] Champion, D i Rush, G „*Rad policije u zajednici",* Ofice of Public Affairs, Embassy of United States od America, Sarajevo, 2003, стр. 252

- Набљудување - органите за прогон доаѓаат до причина за сомневање дека е извршено кривично дело. (на пример одредено службено лице ке забележи дека негов колега прима поткуп);
- Акција - претежно тоа се планирни акции кои имаат за цел откривање на одредени кривични дела. Кај големите организирани групи кои извршуваат кривични дела од оваа група, или во случај на приватни представништва, многу тешко е да се откријат кривини дела со оглед на високиот степен на тајност;
- Интервенција - обврска е на органот да интервенира на некој во работење со оглед на неопходноста во дадениот момент;
- Надзор над учесниците на кривичното дело или над оние за кои постојат одредени основи или пак основани сомневања - оваа активност се применува над лица кои извршуваат одредени службени должности, а за кои постои сомневање дека се извршители на кривично дело или пак се во подготовка такво дело во блиска иднина да извршат;
- Собирање на оперативни податоци - ова се заснова на пронаоѓавање на индиции за некое кривично дело од оваа група, а најмногу се темели на помош на граѓаните во смисла на анонимни дојави, пријави, поплаки и сл;
- Разјаснување на кривичното дело - кога почнува разјаснувањето, потребно е да се согледаат новонастанатите околности и да се утврди дали тоа службено лице, покрај тоа едно извршено и откриено кривично дело, има извршено и некое друго. Полициските показатели, покажуваат дека многу често се случува да постојат и т.н „*хомогени*“ кривични дела.

Покрај ваквите облици на разоткривање, давање на поткуп, на пример може да се открие и со обележување на парите и со други истражни мерки.

Во одредени земји на пример во Хрватска, средствата за јавно информирање имаат огромна улога во откривањето во т.н „Пирамидални врвови“ на корупција и

други појави кои се однесуваат на оваа група на кривични дела, со што на тој начин му укажуваат на обвинителството за можните облици на криминалитет.

Со оглед на тоа дека во време на извршување на овие кривични дела постои голем степен на тајност помеѓу службеното лице и другите лица на пример кои даваат поткуп, кои посредуваат, или кои што ке откријат службена тајна, разоткривањето на ваквите кривични дела е доста отежнато, па затоа е доста важна улогата на медиумите во давање на одредена помош, со оглед на тоа дека тие се единствени извори и показатели дека постојат вакви кривични дела.

За некои автори, најважни одредници на криминалистичко разјаснување на кривичните дела против злоупотреба на службена положба и овластување се следниве: 1) испрашување на соучесниците и сведоците во кривичното дело; 2) организираност и планирање на истражување на одредено кривично дело; 3) стручна помош и експертиза и 4) останати активности и мерки на истражување.

Од посебно значење е да се провери секоја пријава и индиција за можно кривично дело, па макар и да делува маргинално. Неопходен е и правилен пристап во решавањето на овие кривични дела, бидејќи понекогаш не постои можност за повторно решавање.[134]

Значаен проблем кај ваквата група на кривични дела секако дека не е само доволно набљудување еден настан во еден момент, многу почесто е неопходно да се согледа работењето на службеното лице во подолг временски период, што често бара анализа од една или на повеќе години што има за последица на ангажирање на значајни полициски ресурси при увид во работната документација, економско - правна анализа на работење, а се тоа како би се открило постоење на елементи на битие на кривично дело.

4. Криминалистичко истражување кај кривичните дела против злоупотреба на службена положба и овластување

Главната цел на криминалистичкото истражување е дека преку оперативна работа треба целосно да биде откриен, расветлен и докажан еден кривичен настан или

[134] Tulic, A. „*Krivicna djela protiv sluzbene duznosti*“. Београд, 2015, стр.17

ситуација со сите негови инфилтрирани учесници, но и да бидат се разбира и обезбедени релевантни докази кои ги површуваат со нив.

Секое криминалистичко истражување започнува од познатиот сторител, од криминогените фактори и жаришта и од кривичното дело кон непознатиот сторител. [135]

Криминалистичката истрага е истражување на одреден криминален проблем, што во нашиов случај тоа би било кај кривичните дела злоупотреба на службена положба и овластување, кое има доста сложена природа, но сепак доколку криминалистичкото истражување биде прецизно подготвено и тимски организирано со цел да се откријат, расветлат и докажат криминалните дејствија и сите инволвирани извршители преку строго водена законска постапка, каде пред се ке бидат на прво место почитувани човековите права и слободи, ке стане збор дека сето тоа е совршено изведено.

4.1 Видови на криминалистичко истражување

Криминалистичко истражување има неколку видови, но во врска со кривичните дела кои што произлегуваат од злоупотреба на службена положба и овластување ,

[135] Водинелиќ, В. „*Криминалистичка операција",* Факултет за безбедност, Скопје, 1992, стр.52

доста се значајни ***тактичко криминалистичко истражување*** и ***оперативно истражување .***

Тактичко криминалистичко истражување, со негова помош се проучуваат темелно криминалните инциденти кои што се случиле неодамна, но и потенцијалните криминални активности кои што се очекуваат да бидат извршени во блиска иднина , со испитување на карактерните особини за одреден случај, но и да се даде одговор на деветте златни прашања на криминалистика, се со цел за целосно затворање на кривичниот настан.[136].

Оперативното истражување се остварува со примена на криминалистичка анализа на податоците и информациите кои ни укажуваат на поврзаност на извршителот со одредено кривично дело кое е дел на групата на кривични дела против злоупотреба на службена положба и овластување, се со цел преку примена на соодветни методи, средства и начини во насока на расветлување на кривичниот настан и обезбедување на докази.

4.2 Криминалистичко истражување по системот од информација до реализација

За да може да се реализира криминалистичкото истражување на кривичните дела што се дел во групата на злоупотреба на кривична положба и овластување најпрво се стартува од сознанијата, поточно од постоечките информации (од сигналите,) што не е случај кај останатите кривични дела бидејќи таму прво имаме кривично дело, а потоа се трага по извршителите.

Сомневањето претставува златен мост во развојот на криминалистичката обработка со оглед што ја представува главната суштина на предистражната постапка каде се започнува процесот на откривање, но доколку немаме сомневање не можеме ни да започнеме нешто и да откриме.

Полицискиот службеник на самиот почеток располага само со одредени информации кои подоцна треба истите да се обработат со цел да се дознае дали станува збор за кривичен настан и дали таквото дејствие е пропишано во постоечкото кривичнопроцесно право.

[136] Bobic, M. „*Zloupotreba sluzbenog polozaja i ovlascenja,,* Основно антикорупциско кривично дело, Република Српска, 2009, стр.98

Со самото разотркивање на кривичното дело се стартува со чекорот на расветлување, утврдување и докажување што точно се случило, за потоа со сите откриени и добиени релевантни докази и факти за настанот, да се покрене обвинение.[137]

Криминалистичките информации - сигнали се тие кои ја чуваат но и пренесуваат конкретната информација. Доколку некоја информација - сигнал е сокриена, истата треба да биде обработена, односно да биде декодирана и дешифрирана за да може на истата таа информација да и се види содржината.

4.3 Криминалистичко размислување

Претставува сложена интелектуална активност што на службеното лице му се дава задача да мора да одлучи за конкретен кривичен настан да биде расветлен.

[137] Џуклески, Г. "*Вовед во криминалистика".* Скопје, 2006, стр.87

Со криминалистичкото размислување се започнува процесот на стартување од непознатото и неизвесното кон познатото и извесното, се со цел да се решат проблематичните ситуации, но сепак ваквото размислување мора да биде согласно законските прописи и норми.

Криминалистичкото размислување можеме да кажеме дека ги има следниве карактеристики:[138]

1) ***претставува осознавање на дејноста*** која почнува со основи на сомневање, а се карактеризира со мисловно моделирање и сликовито претставување на ралзичити верзии, забележување на оделни детали;
2) наредните ***логички категории*** ја градат способноста за логичко поврзување, комбинирање, како и користење на аналогија и предходни решавања на нови случаи;
3) ***психолошките предиспозиции*** на криминалистичкото размислување ја сочинуваат способноста за предвидување на идните реакции и постапки;
4) ***Социјално - психолошки предиспозиции*** се комуникативност, поседување социјална интелегенција, можност за брзо реагирање во нови ситуации, способност за соработка и тимска работа;
5) ***мотивациони карактеристики*** се однесуваат на работата , да се заврши до крај преку упорност и истрајност, да се дознае вистината;
6) ***морални предиспозиции*** во текот на самата постапка кон сите учесници;
7) ***надградување*** и ***развивање.***

5. Мерки и дејствија за истражување на кривичните дела злоупотреба на службена положба и овластување

[138] Џуклески, Г. „*Вовед во криминалистика - второ издание,,* Скопје, 2008, стр.168-169

За да се дојде до сознание дека е извршено кривично дело кое се однесува на злоупотреба на службена положба и овластување, како и до разоткривање на извршителите, овластените полициски службеници превземаат голем број на оперативни мерки и дејствија, пред се, се мисли на оперативно - тактичките мерки , но доста често и се применуваат во оперативната дејност и истражната постапка посебните истражни мерки (ПИМ).

5.1 Оперативно - тактички мерки за откривање на извршители на кривичните дела злоупотреба на службена положба и овластување

Како значајни методи и средства кои им стојат на располагање и ги користат оперативните работници во разоткривање на извршители на оваа група на кривични дела, се соработката со населението, користење на легални извори, методот на аналогија , лични забележувања и друго.

Добиените информации и сознанија темелно се проверуваат за да се утврдат факторите кои условуваат на такви криминални појави, материјалните последици од кривичното дело и криминалната реализација.

5.1.1 Соработка со населението - граѓаните

Оваа мерка е доста значајна и е применлива на самиот почеток за да се добијат релевантни информации од граѓаните но притоа самите оперативни службеници претходно мора да имаат стекнат углед но и добра комуникација во тоа населено место за да дојдат информаци од типот дали во непосредна близина кај нив постојат криминални активности, дали биле жртви или биле принудувани на такви криминални активности, дали некои лица енормно брзо се имаат збогатено откако дошле до функција.

Кај нас праксата покажува дека при промена на политичката власт - гарнитура, постојат зголемен број на пријавени кривични дела, што значи дека одредена

политичка гарнитура додека е на власт се занимава многу по таквите пријави и свои откривања по смена на власта на нејзините претходници.

Сите оперативни добиени информации се документираат писмено за истите да служат за во понатамошната анализа и селекција.

Кога се користи оваа мерка за прибирање на информации во врска со кривичните дела кои се поврзани со злоупотребата на службената положба и овластување, оперативните службеници како информатори ангажираат најчесто стручни лица од определена професија која што е поврзана со конкретниот настан, односно стручен информатор, кој пак му е стручен консултатнт на оперативниот работник.[139]

5.1.2 Легални извори

Овие извори на сознанија представуваат се позначајни при истражувањето на злоупотребата на службената положба и овластување бидејќи преку нивна примена може да се дојде до значајни податоци за криминалните активности на одредени лица.

Како позначајни легални извори кои се однесуваат на кривичните дела злоупотреба на службена положба и овластување може да се назначат: книговодствената документација, ревизорските извешати, извештаи од УЈП, фактури и исплаќања на правните лица, трговскиот регистар и други.

5.1.3 Метод на аналогија

Овој метод познат е и под името метод на сличност, и тргнува од тоа дека одредени исти фактори имаат влијание врз појавата на исти кривични дела. Затоа овој метод е доста карактеристичен кај кривичните дела со злоупотреба на службена положба и овластување, бидејќи доколку се открие и целосно расветли еден случај, со постоечките фактори кои ја условуваат таа појава, да бидат и други слични кривични настани откриени.

Овде се анализираат факторите како што се начинот на извршување, функцијата која што ја имал извршителот, неговиот моментален статус во

[139] Водинелиќ, В. „*Криминалистика - откривање и докажување"* том 1, Скопје, 1985 година, стр.319

општеството, трагите кои ги оставил на кривичниот настан и на кој ке се изготви план за дејствување.

Како значајни извори во сегашно време покрај медиумите, многу важна улога има и интернетот, но не треба да бидат подценети и стручноста, професионалноста и искуството на оперативните работници.

Кај кривичните дела со злоупотреба на службена положба и овластување најзначајна и применета мерка е ***увидот во деловна документација***.

Кај оваа оперативно - тактичка мерка законот има предвидено : „ **во присуство на службено лице и одговорно лице да се изврши *преглед* и *претрес* на определени објекти и простории на државни органи, институции кои што вршат јавни овластувања и други правни лица и да оствари увид во определена нивна документација„**.[140]

Ваквата мерка се спроведува од страна на правосудната полиција, за што се изготвува записник со прилог на доказен материјал, траги и предмети кои се содржани во соодеветната деловна документација.

Оперативните работници увидот го вршат само во онаа документација во која се смета дека ке бидат пронајдени определени материјални докази поврзани со некое кривично дело.

За да може да се изврши увидот во деловната документација, доколку е потребен пообемен преглед или претрес, се повикуваат на помош поголем број на

[140] Член 144 став 2 од Законот за кривична постапка. „*Службен весник на РСМ„*. број 150/10

лица од правосудната полиција (припадници од мвр, финансиската полиција и од Царинската управа) со што тие треба да ги утврдат следниве релевантни факти:[141]

- Субјективитетот на правното лице;
- Идентификација на службеното или одговорно лице како сторител;
- Законско водење на материјално и финансиско книговодство и утврдување на елементи на фиктивност, фалсификување или уништување на деловна документација, или постоење на двојна документација;
- Законско работење со благајничко работење, утврдување на двојни плаќања, фиктивни налози за плаќање;
- Утврдување на поврзаност со други субјекти во криминалното постапување;
- Начинот на чување на деловната документација и постапување согласно законскиот рок на чување и ништење;
- Постоење на бланко потпишани обрасци, посебно налози за исплата или уплата.

Криминалистичката обработка на кривичните дела злоупотреба на службена положба и овластување не завршува тука со оперативно - тактички мерки, таа продолжува и понатаму да се одвива со самото преземање на истражните мерки и дејствија.

5.2 Истражни мерки и дејствија за разоткривање на сторители на кривични дела против злоупотреба на службена положба и овластување

[141] Николоска, С. „*Методика на истражување на економско-финансиски криминал“.* Скопје, 2013 година, стр.197

За да може да се обезбеди осомничено лице, но и да бидат обезбедни предмети и траги кои што би биле искористени како доказ во самата понатамошна кривична постапка, по барање на јавен обвинител се преземаат истражните мерки и дејствија.

Кога станува збор за кривичното дело злоупотреба на службена положба и овластување, едно од истражните дејствија кое може да се преземе е привремено обезбедување на предмети и имот.

Ова истражно дејствие е поврзано со увидот во деловните книги со што се подразбира и привремено одземање на предмети или документи кај кои се очекува дека би можело да бидат пронајдени докази или информации кои би дале голем допринос во разоткривањето и докажувањето на кривичното дело злоупотреба на службена положба и овластување.

Доколку постои сомневање дека во криминалната активност се поврзани повеќе субјекти, се применува и групен претрес со однапред изготвен план за поставување.[142]

Во членот 21. т.17 од Законот за кривична постапка за прв пат е дадена дефиниција за истражното дејство претрес определувајќи го како детално истражување на лице, средство за превоз, дом и други простории под услови определени со закон. Исто така, заради разграничување со претресот, со овој закон е дефинирано и дејствието преглед на лица, возила, багаж и простории.

Прегледот, се врши од страна на полициски службеник кога тоа е неопходно и постои основ на сомнение дека кај лицето, во просториите или превозното средство, ќе бидат пронајдени предмети кои потекнуваат од кривично дело злоупотреба на службена положба и овластување, траги од кривично дело, како и предмети кои може да послужат во кривичната постапка.

Судската нарадба е основната гаранција дека полицијата нема своеволно да упаѓа во основните свери на приватноста, што и е загарантирано со член 26 од Уставот

[142] Велскоски, А. „*Вештачење од областа на стопанскиот криминал при материјално - финансиското работење“* Скопје, 1996, стр.159

на Република Северна Македонија[143]. Со претресот подлабоко се навлегува во приватноста на граѓаните отколку со прегледот.

Без оглед на тоа дали претресот се врши во дом, на лица или предмети, за да може да се изврши потребно е да бидат исполнети неколку услови кои се предвидени во член 182 од Законот за кривична постапка[144], односно за секој претрес е постоење на основ на сомнение дека е извршено некакво кривично дело.

Важно е да се потенцира и дека во моментот на издавање на наредбата за претрес, судот тоа не го испитува туку проценката за основаноста на сомневање ја става на јавниот обвинител. Она што е битно за судот е постоењето на ***определен степен на веројатност.***

Веројатноста дека ке бидат постигнати посакуваните цели се ценат врз основа на добиени изјави на очевидци, сведоци, изјава на осомничениот, оперативни сознанија а не дека судијата на претходна постапка ке бара докази од правосудната полиција или од јавниот обвинител кога поднесува барање за издавање наредба за претрес за основаноста и потребата од претрес.

Во согласност со член 26 од Уставот на Република Северна Македонија, претресот на домот и на други простории, може да се изврши само доколку постои веројатност дека со претресот ќе се фати сторителот на кривичното дело злоупотреба на службена положба и овластување или ќе се пронајдат траги или предмети што може да бидат од големо значење за кривичната постапка.

[143] Одлука за прогласување на Уставот на Република Македонија од страна на Собранието на Република Македонија на седница одржана на 17 Ноември 1991 година под број 08-4642/1 Претседател на Собрание на Република Македонија Стојан Андов
[144] Службен весник на РМ „ Закон за кривична постапка “, број 150 од 18.11.2010 година

Претресот на дом детално правно е регулиран во член 183 од ЗКП [145] :

1) При претрес на дом се претресува една или повеќе простории кои лицето ги користи како свој дом и простории кои се просторно поврзани со домот и имаат иста цел на користење;
2) Претрес на домот опфаќа и претрес на подвижни предмети на лицето затечени во домот и другите простории, кога тоа е наведено во наредбата за претрес или кога во однос на затеченото лице постојат услови за претрес без наредба.

Претресувањето на подвижни предмети во себе ги опфаќа и случаите на пребарување на компјутерски податоци со оглед на се поголемиот техничко-технолошки развој кој налага и поголемо користење при извршување на кривични дела каде во компјутерските системи може да бидат пронајдени важни податоци кои ке бидат константно корисни во кривичната постапка.

Во Законот за кривична постапка е определено дека кога постои наредба за пребарување во компјутерски систем или податоци, лицето кое го користи или има пристап до него е должно да овозможи пристап за да се изврши непречено остварувањето на целта на претресот, што доколку пак не биде дозволено судијата на претходна постапка може со парична казна од 200 до 1200 евра во денарска против вредност да го казни.

Претресот на лице опфаќа претрес на: облека, обувките, површината на телото, подвижни предмети што се најдуваат кај лицето или се во негово владение, просторот во кој е затечено лицето за времето на претресување.

За разлика од претресот, *прегледот на лице* е ограничен на надворешно прегледување (опипување-допирање) на алиштата и другите предмети.

Наредбата за претрес е формален акт кој е правен предуслов за претресот и истата ја издава судот. Барањето за издавање на наредбата за претрес се поднесува во

[145] Коментар на Законот за кривична постапка Номеври 2018 година , стр.446. Г.Калајџиев, Г.Лажетиќ,Л.Неделкова, М.Денковска, М.Тромбева, Т.Витларов, П.Јанкуловска и Д.Кадиев

усна (кога постои опасност од одлагање и се соопштува до судијата на претходна постапка по телефон или друго средство за електронска комуникација) или ***писмена форма***.

Законот за кривична постапка во член 182 ст.2 изрично предвидел дека Барањето за издавање наредба за претрес мора да содржи:

- назив на судот, како и име и функција на подносителот на барањето;
- органот на кој се однесува наредбата;
- факти што укажуваат на веројатноста дека лицето, односно предметите што се бараат ќе се најдат на означеното место (дом) или кај опредлено лице.

За содржината на наредбата за претрес јасно произлегува дека органот што бара наредбата за претрес (полицијата или јавното обвинителство) мора да даде уште некои дополнителни информации како прецизирање, а тоа се[146] :

- која е целта на претресувањето;

[146] Службен весник на РМ „ Закон за кривична постапка “, број 150 од 18.11.2010 година

- име и презиме, а по потреба и опис на лицето кое треба да се пронајде или опис на предметите што треба да се пронајдат при претресувањето;
- одредување или опис на местото што ќе се претресува или лицето кое треба да се пронајде, со наведување на адресата, податоци за сопственикот, односно владетелот на предметот или домот и другите простории и други позначајни податоци за утврдување на идентитетот;
- упатство дека наредбата треба да се изврши меѓу 05,00 и 21,00 часот или овластување дека наредбата може да се изврши во кое било време ако тоа судот изрично го одреди;
- овластување на извршителот на наредбата дека може без предавање на наредбата да влезе во просториите што треба да се претресат ако тоа судот изрично го одреди;
- упатство наредбата и одземените предмети да му се однесат на судот без одлагање;
- поука дека обвинетиот има право да го извести бранителот и дека претресот може да се изврши и без присуство на бранителот ако тоа го бараат исклучителните околности и
- потпис на судија на претходната постапка кој ја издава наредбата и службен печат на судот

Наредбата за извршување на претресот мора да се изврши во рок од 15 дена од денот на најзиното издавање, по чии истек, без одлагање, мора да се врати на органот што ја издал и ќе ја поништи.

Самата наредба за претрес може да се изврши во било кој ден од седмицата, иако по правило претресувањето се врши денски во текот на денот , освен во случаи кога постои опасност од одлагање. Претресувањето може да продолжи и ноќе, ако е започнато во текот на денот , а не е дозавршено.

Одземањето на предметите претставува еден вид на мерка на обезбедување на општата безбедност и сигурност дека таквите предмети можат или нема да бидат

повторно употребени во извршување на кривични дела поврзани со злоупотреба на службена положба и овластување.

Но законот има направено дистинкција на предмети кои не може да бидат одземени со судска наредба а такви предмети се:[147]

1) списи и други исправи на државни органи со чие објавување би се повредило чувањето на државна или воена тајна, се додека надлежниот орган поинаку не одлучи;
2) писмени обраќања на обвинетиот кон бранителот или лицата од членот 215 став 1 на овој закон, освен ако обвинетиот доброволно не ги предаде;
3) технички снимки што се наоѓаат кај лицата на членот 214 став 1 на овој закон, и кои тие направиле за факти за кои се ослободени од должноста за сведочење;
4) записи, изводи од регистар и слични исправи кои се наоѓаат кај лицата од членот 214 став 1 на овој закон, а кои ги направиле за факти за кои тие во вршењето на своето знаење ги дознале од обвинетиот и
5) записи за факти што ги направиле новинарите и нивни уредници во средствата за јавно информирање од изворот за известување и податоци за кои дознале во вршење на своето занимање и кои се употребени во текот на уредувањето на средствата за јавно информирање, кои се наоѓаат во нивно владение или во редакцијата во која се вработени.

Привремено одземање на компјутерски податоци е издвоено како еден посебен вид на мерка на привремено одземање на предмети кои се сочувани во компјутер или во слични уреди за автоматска, односно за електронска обработка на податоци, уреди кои служат за пренос на податоци, носители на податоци и претплатнички информации со кои располага давателот на услуги.

Кога се работи за компјутер или слични уреди за автоматска обработка на податоци, треба да се нагласи дека привременото одземање се однесува како на

[147] Коментар на Законот за кривична постапка Номеври 2018 година , чл197. Г.Калајџиев, Г.Лажетиќ,Л.Неделкова, М.Денковска, М.Тромбева, Т.Витларов, П.Јанкуловска и Д.Кадиев

одземање на самите уреди така и на податоците кои се содржани во електронската меморија на таквите уреди и доколку бидат и избришани.

Кај кривичното дело злоупотреба на службена положба и овластување, целото внимание треба да биде насочено кон сомнителните деловни документи кои можат да послужат како релевантен доказен материјал во кривичната постапка. Кога треба да се утврди веројатноста на одреден документ се користи ***вештачење***.

Вештачењето е истражно дејствие кое се определува кога од определено стручно лице треба да се прибави наод и мислење за да може да се утврди или оцени некој важен факт. Самиот вештак мора да биде определен од постојната листа на истакнати вештаци од страна на надлежен суд врз основа на стручноста и компетентоста во одредена област, техничка опременост. Вештачењето се презема по наредба од органот кој ја води постапката (јавниот обвинител или судот), а предвидена е и постапка за вештачење на деловни книги и документација.[148]

Кога треба да се изврши вештачење на деловни книги, органот пред кој се води постапката им назначува на вештите лица во кој правец и обем треба да се насочат за да го извршат вештачењето, односно да се дојде до бараните факти и околности.[149]

Кога станува збор за финансиски вештачења на деловни книги кои содржат траги и претставува основен доказ за криминална активност, најчесто ги извршуваат Бирото за судски вештачења или преку приватни агенции кои се регистрирани за вршење на вештачење.

Документот се вештачи за да се утврди идентификација на потпис, ракопис, бореви, печатар, печат и штембил, за потоа да се утврдат трагите на преправање, бришење, допишување односно се утврдува фактичката состојба за потоа да се спореди со книговодствената.[150]

Вештачењето најчесто се одредува поради следниве причини:[151]

- Ако постои сомневање дека потписот или ракописот не се автентични;

[148] Член 236 - 243 од Законот за Кривична постапка, Службен весник на РСМ, број.150/2010
[149] Член 274 од Законот за Кривична постапка, Службен весник на РСМ, број.150/2010
[150] Алексиќ, Ж. „*Вештачење фалсификата документа, рукописа и новца"* Књига одбраних дјела, Београд, 1996, стр.379
[151] Димитров, д. „*Економски деликти"* Скопје, 1998, стр.277

- Ако постои сомневање дека се направени одредени измени во документот или е направено фотокопирање на документот;
- Ако станува збор за застарен документ;
- Ако документот е делумно уништен и е потребно да се реконструира;
- Ако е потребно да се идентификува апарат за фотокопирање со кој е копиран одреден документ;
- Ако е потребно да се идентификува машина за пишување, компјутер или печатар на кој е отпечатен одреден документ; и
- Ако е потребно да се утврди автентичноста на микрофилмувани документи.

5.3 Посебни истражни мерки за разоткривање на кривичното дело злоупотреба на службена положба и овластување (ПИМ)

. ПИМ мора да се базираат на принципот на легалитет, пропорционалност и процентуални гаранции за заштита на правата и слободите на човекот. Во декември 2004 година дојде до измени на Законот за кривична постапка каде требаше да се усогласи нашата домашна легислатива со законодавството на ЕУ во кој беа прифатени

повќе нови институти, но како најзначаен, може да се истакне воведувањето на нови осум посебни истражни мерки.[152]

Постојниот Закон за кривична постапка го уредува надзорот над кои било облик на комуникација помеѓу луѓето, на начин што ги опфаќа како електронските комуникации, така и непосредни комуникации помеѓу луѓето (т.н *амбиентално прислушкување*).

Како посебна истражна мерка законот исто така ја предвидува и тајната опсервација на лица и предмети, што многумина сметаат дека е оперативниот дел на полицијата.

Со постоечкиот ЗКП во член 352 како посебни сега се наведени следниве ***12 мерки***:

1. ***Следење на електронските комуникации во постапка утврдена со посебен закон*** - оваа мерка се однесува на вршење надзор на комуникација на луѓето, надзорот се врши помеѓу осомниченото лице со други лица за кои постои сомневање дека се инволвирани во извршување на кривично дело. Оваа мерка се спроведува подолг временски период каде постојано се анализираат разговорите на прислушкуваните лица, а ако постојат разговори преку шифри, истите се дешифрираат и анализираат за што служат како доказен материјал;

2. ***Следење и снимање во дом, во затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом, или во деловен простор означен како таков, или во возило и влез во простории заради создавање услови за следење на комуникациите*** - примената на оваа истражна мерка предвидува прислушкување преку поставување на минијатурни уреди за снимање, што ќе овозможи собирање на доказен материјал за одредено кривично дело;

[152] В. Русковска, Ј.Илиевски. *„Посебни истражни мерки - домашна и меѓународна практика“* Скопје, 2011 година, стр.13

3. ***Таен увид и пребарување во компјутерски систем*** - пребарување во компјутерски системи заради осознавање и снимање на определени податоци кои можат да послужат како доказ во кривичната постапка против осомниченото лице.;
4. ***Снимање лица и предмети со технички средства надвор од домот, од затворениот или заграден простор што му припаѓа на тој дом, или надвор од приватен деловен простор означен како таков, или од приватно возило*** - кај оваа мерка се почитува принципот на разумно очекувана приватност, бидејќи станува збор за мерка која при спроведувањето не е врзана за приватниот простор, туку ги опфаќа и комуникациите кои влегуваат во јавниот простор, преку технички опремени возила кои го следат и снимаат осомниченото лице;
5. ***Автоматско, или на друг начин, пребарување и споредување на личните податоци*** - оваа мерка уште се нарекува ***растер потрага***. Дискриптивно оваа мерка може да се определи како систематско компјутерско споредување на персоналните податоци на граѓаните најчесто содржани во приватните или државните институции, како даночни, катастарски, банкарски, полициски, судски и други евиденции;
6. ***Увид во остварени телефонски и други електронски*** комуникации - надзор над комуникациите на осомниченото лице, заради дознавање и снимање на содржината на остварената комуникација. Надзорот на комуникациите, освен на телефонски, насочен е и кон електронската комуникација т.е - *mail*, со што се контролираат испратените и добиените пораки;
7. ***Симулиран откуп на предмети*** - станува збор за класична стапица, каде имаме фиктивно соучешништво или извршителство на кривично дело од страна на таен полициски изведувач кој врши привиден откуп со претходно обележани пари, стока или предмети кои со закон се забранети за промет, а потоа се разоткрива криминалната активност на

сторителите кои продаваат забранети стоки или предмети кои потекнуваат од кривично дело;

8. ***Симулирано давање и примање поткуп*** - целта на делото е сторителот да го довврши извршувањето на примањето и давањето поткуп и да биде фатен во вршење на самото кривично дело;
9. ***Контролирана испорака и превоз на лица и предмети*** - примената на оваа мерка е најчеста кај злоупотребата на службена положба и овластување, кога службените лица, инволвирани во превоз на сомнителни пратки кои илегално се превезуваат. Со примена на оваа мерка може да се добијат податоци и информации за меѓународна поврзаност на сторителите на криминалната мрежа, преку тајно следење и надгледување од странана правосудната полиција;
10. ***Користење лица со прикриен идентитет заради следење и собирање информации или податоци*** - е метод на откривање на финансиски криминал со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување. Овој метод се однесува на инфилтрирање на полицијата во криминалната средина.
11. Се работи за добро обучен прикриен полициски иследник кој има лажен идентитет, планирани насоки на однесување и постапување во криминалната активност.

Во согласност со нашите закони, полицискиот иследник може да се инфилтрира во криминалната средина под лажен идентитет на краток или на подолг временски период и до определен степен да се вклучи во

одреден криминален настан, и има за задача да ги набљудува и следи криминалните активности на определени лица[153];

12. ***Отворање банкарска сметка на која може да се вложуваат средства што потекнуваат од сторено кривично дело*** - претставува метод на разоткривање на финансиски криминал со елементи на перење пари, односно се отвора сметка која се прави достапна и на истата се договара да биде извршен трансфер на пари кои потекнуваат од криминал, со цел тие да бидат испрани[154] и
13. ***Симулирано регистрирање правни лица или користење постојни правни лица заради собирање податоци*** -оваа мерка се применува кон правни лица за кои постои сомневање дека се инволвирани во нелегална трговија, изготвување на фалсификувана документација или се јавуваат во улога на сторител на криминал со елементи на даночно затајување.[155]

Основната цел на ПИМ е добиените податоци, известувања, документите и предметите прибавени со нивна примена, под услови и начин утврдени со ЗКП за да може да се употребуваат како доказ во понатамошната кривична постапка.

[153] Милковски, Љ. „*Значење и користење на информатор и прикриен полициски известувач“* Скопје,1993,стр. 222
[154] Николоска, С.„*Методика на истражување на економско-финансиски криминал“* Скопје, 2013, стр.223
[155] Ј.Јовчески и Г.Калајџиев, „Специјални истражни мерки“. МПККП, 2008

Наредба за примена на ПИМ може да се издадат во следниве случаи и потреби;

1. Заради обезбедување на податоци и докази неопходни за успешно водење на кривичната постапка кои на друг начин не може да се соберат или нивното собирање би било сврзано со поголеми тешкотии;
2. За кривични дела за кои е пропишана казна затвор од најмалку 4 години;
3. За кривични дела за кои е пропишана казна затвор до 5 години за кои постои основано сомнение дека се извршени од страна на организирана група, банда или друго злосторничко здружение и
4. За таксативно наброени кривични дела без оглед на предвидената казна и бројот на извршителите.

Наредбата за примена на ПИМ согласно член 142 -д ст.1 од Законот за кривична постапка ја извршуваат Министерство за внатрешни работи, Царинската управа и Финансиската полиција. Самата содржина на наредбата се состои:

- Податоци за лицето против кое се применуваат ПИМ кога сторителот е познат;
- Основи на сомневање за сторено кривично дело;
- Фактите од кои произлегува примената на ПИМ;
- Начин на примена;
- Обем;
- Времетраење.

Откако ќе заврши примената на ПИМ службениците кои ги користеле, до Јавниот обвинител или надлежниот судија должни се да достават посебен извештај каде треба да е наведено: Време на започнување и на престанокот, број и опис на работата на службените лица, вид и број на технички средства, број и идентитет на опфатените лица, видот на кривичното дело и краток опис за остварувањето на целта.

6. Обезбедување на докази

Обезбедувањето на докази секогаш треба да се има на памет на итноста на собирањето на доказниот материјал, со оглед на тоа, дека некои од нив посебно

материјалните, можат да бидат уништени. Таков е случајот на пример со сторителите кои многу често ги уништуваат и сокриваат фалсификуваните службени исправи со што не може истите тие да бидат искористени како доказ.[156]

На самиот почеток пред започнување на собирањето на докази се разбира после сознавањето за сторено кривично дело злоупотреба на службена положба и овластување, најпрво се утврдува дали осомниченият има статус на службено или одговорно лице кое може на едноставен начин да се провери во самиот правилник или акт на систематизација на работните места.[157] Исто така треба да се утврди и обликот на злоупотреба и дали постои прибавена имотна корист, нанесување на штета или пак повреда на некое лице, но и некои други битни околности.[158]

При собирање на доказните средства потребно е систематски да се проверат криминалистичките верзии, посебно кога станува збор за прибавување имотна корист. Поточно треба да се испита кому таа е прибавена (дали на осомниченият или на некое друго лице), колку изнесува прибавената корист, дали е нанесена штета и за каков вид на штета се работи. Исто така е значајно да се утврди и вредноста на прибавената имотна корист за да може да се одреди квалификуваниот облик на кривичното дело злоупотреба на службена положба и овластување.[159]

Значи доколку на законски начин се обезбеди доказниот материјал ќе се овозможи утврдување на релевантните факти и ќе се добие целосна слика за конкретниот настан. Собраниот доказен материјал судот го користи за да формира

[156] Катниќ, М, „*Докази на којима се не може заснивати судска одлука"*. Удружејне за кривично право и криминалну политику у Будви, доступно на :http://sudovi.me/podaci/ascg/dokumenta/910.pdf od 25.06.2017
[157] Павловиќ, З, Ѓурѓиќ, С и Ѓорѓевиќ, Д. „*Емпириска аналиа феномена корупције у србије и корупције у привреди"*. Војно-економски преглед, Војно дело, број.4, 2015, стр. 283
[158] Фејеш, И и Лајиќ, О. „*Криминалистичка методика"* Правни факултет, Нови Сад, 2014, стр. 267
[159] Бошковиќ, М и Јовчиќ, Д. „*Криминалистика - методика"*. Правни факултет, Бања Лука, 2002, стр. 375

свое мислење за вистинитоста или невистинитоста на постоечките факти, што и влијаат на самата одлука на судот.[160]

Кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување многу тешко или воопшто не можат да се докажат без материјален доказ**. „*Материјален доказ е оставање на лична карта на сторителот при идентификација на неговата криминална активност “.*[161]**

Покрај материјалните докази, постојат и ***идеални докази*** кои можат да ги доловат вештаците и да дадат идеална слика за кривичниот настан.

Специфичните траги кај кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување настануваат со самото увидување на огромното богатство на потенцијалните сторители кои до тогаш имале сосема поинаков живот каде преку својот лагоден живот во конфор и удобност самите допринесуваат и да се фатат во сопствена мамка, а оперативните службеници треба само да го следат текот на парите.

Една од битните карактеристика кај ова кривично дело е што најголемата штета ја претрпува државата, а сторителите преку својата моќ, углед и позиција преземаат секакви мерки да ги сокријат трагите, но и лицата инволвирани во кривичниот настан.

Самото место на извршување на кривичното дело злоупотреба на службена положба и овластување изобилува со материјални траги, докази од извршеното кривично дело и траги од сторителот.

Многу битно е да се следат и психолошките состојби на осомничените лица со оглед дека ако тој е сторител истиот е свесен дека сторил кривично дело, чуствува вина и стравува од казна, што доколку чуството е присутно и толку големо допринесува до тоа некои сторители да се враќаат на местото на кривичниот настан бидејќи имаат грижа на совест.[162]

За да може да биде разоткриен конкретен криминален настан со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување, потребно е да се поврзат материјалните и психичките индиции со останатите доказни материјални траги и

[160] Smibert, J. „*Dokazna nacela“,* Ministerstvo pravde Sjedinjenih Americkih Drzava, 2014, стр. *8*
[161] Џуклески, Г „*Економска криминалистика“,* Скопје, 2008, стр.180
[162] Бановиќ, Б. „*Обезбеѓење доказа у криминалистичкој обради кривичних дела привредног криминалитета“* , Београд, 2002, стр.39

предмети. Доколку постои силна правна држава, просторот за креирање на можни злоупотеби е сосема стеснет.

7. Цели, методи и концепти на финансиска истрага кај кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување

За разлика од криминалистичкото истражување, финансиската истрагата има за цел да даде одговор на деветте златни прашања на криминалистиката (**што** се случило, **кој** е сторител на делото, **кога** е извршено кривичното дело, **каде** е

извршено, **како** и извршено, **со што** е извршено, **со кого** е извршено, **зошто** е извршено, **кого** или **што** сторителот нападнал со кривичното дело).[163]

Од друга страна дававањето одговор на прашањата поврзани со остварената противправна имотна корист остануваат на товар на финансиската истрага. Па со право можеме да кажеме дека финансиската истрага има за цел:[164]

- Утврдување на видот и износот на криминалните приходи;
- идентификација на лицата и имотот кој е подлежен на конфискација или проширена конфискација;
- Утврдување за примена на привремените мерки (заплена/обезбедување).

Целта на финансиската истрага е да се следат, идентификуваат, запленат и конфискуваат криминалните приходи, за да се намали мотивираноста кај сторителите и да им се укаже дека криминалот не се исплатува.[165]

Во насока на остварување на целта на финансиската истрага потребно е при спроведување на истата да биде применет еден од следниве услови:[166]

- ✓ *Концепт на тимска работа* - вклученост на поголем број на луѓе, високо стручни и обучени, кои истовремено вршат истраги на повеќе полиња;

[163] Водинелиќ, В. „*Криминалстика - откривање и докажување",* Скопје, 1985, стр. 38
[164] Финансиски истраги и конфискација на приходи стекнати од криминал, прирачник за обука на органите за кривичен прогон и судството, CARDS регионална програма за 2002 - 2003 година, Скопје, 2006, стр.38
[165] Николоска, С.„*Финансиските истраги како предуслов за спречување на организираниот економско-финансиски криминал во Република Северна Македонија".* Годушник на факултетот за безбедност, Скопје, 2010, стр. 250
[166] Николоска, С. „*Методика на истражување на економско-финансискиот криминал",* Скопје, 2013, стр.229

- ✓ *Концепт парче по парче* - се проверуваат финансиски и криминални активности во одделни подрачја, региони, земји или во определен временски период;
- ✓ *Концепт на интегрирани финансиски истраги* - започнува од сомнежот за сторено кривично дело па се до самата конфискација за против правно стекнатиот имот;

7.1 Методи на финансиска истрага

Финансиската полиција која е во склоп на правосудната полиција и под строга надлежност на јавниот обвинител, во својата надлежност е и за разоткривање на сторители на кривични дела со елеменети на злоупотреба на службена положба и

овластување, преку својата професионалност, стручност и одговорност за подобра ефикасност и брзина, користи одредени методи на финансиската истрага и тоа:[167]

- ✓ метод на нето вредност;
- ✓ метод на трошоци;
- ✓ метод на банкарски депозити;
- ✓ метод на процентуална маржа;
- ✓ метод на посебни ставки

7.2 Идентификација и замрзнување на противправнот стекнатите приноси кај кривичните дела со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување

Со цел да не им се дозволи на потенцијалните сторители да профитираат од криминал, законодавецот ја предвидел конфискацијата на приноси кои се стекнати на нелегален начин.

Основ за конфискација претставуваат противправно стекнатите приноси или имот, односно посредната или непосредната имотна корист, врз основа на законски определени услови.[168]

Законот предвидува конфискација на незаконски стекнатата имотна корист која се состои од пари, движен или недвижен имот, како и секоја друга сопственост, а доколку не е можно нивно конфискување, од сторителот се конфискува друг имот чија вредност е соодветна со вредноста на незаконски прибавената корист.

Современата тенденција на криминален прогон не е насочена само кон потрага на делото и сторителот, туку и кон заплена и целосна конфискација на противправно стекнатите приходи и имот, што и претставува едно од поефикасните средства во борбата против криминалитет со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување.

[167] Boskovic,G i Marinkovic, D „*Metode finansiske istrage u suzbijanju organizovanog kriminala",* Zurnal za kriminalistika i pravo, Beograd, 2010, broj 2, стр. 95

[168] Член 97-а Од Кривичниот закон На Република Северна Македонија, Службен весник на РСМ, број.114/09

Со разотркивање, идентификување и конфискување на таквиот нелегален приход и имот, дополнително се зацврстува предупредувањето, мотивираноста и превенцијата кон сторителите дека таквиот криминал не би им одговарал со оглед на постоечките казни и последиците од нив.

Постои можност на сторителите на кривичното дело на злоупотреба на службена положба и овластување да им биде замрзнат или запленет криминалниот приход што претставува временска забрана за пренос, располагање, конверзија или движење на сопственоста, или временски надзор и контрола на сопственоста, врз основа на наредба донесена од суд или од друг надлежен орган.

Во денешно време сме се повеќе сведоци на криминални настани со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување каде извршителите искористувајќи ја својата позиција, моќ, углед или статус во општеството многу вешто ги изигруваат законите, и сепак се решаваат за на брз начин да дојдат до богатство.

Значајно е да се напомене дека кај конфискацијата на имотот кај кривичните дела злоупотреба на службена положба и овластување, товарот на докажување е кај обвинетиот кој што треба да докаже дека имотот кој треба да му биде конфискуван е стекнат на легален начин.

Со Кривичниот законик на РСМ создадена е правна основа никој да не може да се стекне со имотна корист со извршување на кривично дело, значи предвидено е и за правните лица.[169]

Секогаш предмет на конфискација е имотот за кој основано може да се смета дека потекнува од тоа кривично дело или слични дела и за кој сторителот не може да го докаже неговото законско потекло што во нашето законодавство е предвидена конфискацијата како посебна мерка, односно се издвојува од останатите санкции. Вредноста на имотот и имотната корист кој што ке биде конфискуван најчесто се утврдува со вештачење.[170]

[169] Член 96-к. „Кривичен законик на Република Северна Македонија“, Службен весник на РСМ, број.114/09
[170] http:"//www.pravda.gov.mk/documents/konfiskacija-nova-0209010-2.pdf

8. Превенција кај криминалитетот со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување

Терминот превенција воглавно се состои од две компоненти: ***прогноза*** и ***интервенција***.

Прогнозата се однесува на тоа дека не само што сме принудени туку мораме и да прогнозираме каде, кога и како се појавува овој криминал.

Доколку имаме јасна прогноза, следниот чекор ни е *интервенцијата* за истата и таа појава да биде спречена. Значи треба веднаш најбрзо да се интервенира без да се чека сторителот да ги прикрие или фингира трагите, со што и би се отежнала самата интервенција која има за цел спречување на појавата на криминалитетот.[171]

Самата превенција претставува превземање на претходно утврдени мерки и активности насочени кон одстранување на причините, условите и поводите кои доведуваат до криминално делување.[172]

Еден од поопасните криминални облици на организиран криминал со кој директно се нанесува штета на Буџетот на државата, а индиректно и на самите граѓани, е криминалот со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување.

За да се овозможи доследна примена на законските решенија, неопходно е усвојување на стратегија за превенција и репресија на криминал со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување, во согласност со барањата на меѓународната заедница.[173]

Секоја национална стратегија треба да се развива во насока на имплементирање на легислативните решенија, се со цел на разотркивање, расветлување и докажување на криминалните дејствија со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување.

[171] Бачановиќ, О.„*Полиција и жртвите",* Штип, 1997, стр.165
[172] Николоска, С. „*Кривични дела против службена должност"* Скопје, 2008, стр. 268
[173] Член 31 од Конвенцијата на обединетите нации против транснационален организиран криминал, Палермо, Италија, 2000

Целите на државната програма за корупција, меѓу кои како најзастапени се кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување, се однесуваат на трајна примена на мерките на превенција и репресија на корупцијата, како и на зајакнување на мерките за откривање и казнување на сторителите, и на крај, конфискување на криминалните приноси.

Самата превенција од службените лица доколку биде успешно спроведувана, истата доведува до разоткривање на сторителите и до зголемено ниво на стабилност и сигурност на самото општество, односно граѓаните во такво општесто да си ги уживаат своите загарантирани права.[174]

Како што напоменавме, можните злоупотреби на службена положба и овластување директно влијаат на функционирање на една правна држава, што значи колку е посилна правната држава, толку е намален просторот за злоупотреби.

Скоро во сите влади во светот, па и кај нас, се водат доста кампањи со подршка на медиумите за да се зголеми и развие јавната свест кај населението за пријавување на одредени незаконски активности на прекршители на законот со што би се дал одреден допринос во откривање и спречување на ваквиот криминал со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување.

Но праксата има најдобро потврдено дека за секој криминал, па може да се рече дека и кај овие кривични дела, најдобар начин да му се докаже на сторителот дека таквиот криминал е непотребен и неисплатлив, покрај изречената мерка затвор, најболно сепак е да се удри по нивните џебови со примена на законската мерка на конфискација на имотот стекнат од криминал.[175]

Најдобра превенција имаме тогаш кога имаме добро разоткриен, или расветлен случај и кога сторителите се санкционирани за стореното кривично дело, со крајна цел од тоа дека им се намалени мотивите нив но и на некои други кои сакале во иднина да посегнат и тргнат по таков криминален пат дека тоа не е исплатливо за нив и нивните најблиски со оглед на долгорочните последици од тоа.

[174] Прирачник за демократско полициско работење од Вишиот советник на генералниот секретар на ОБСЕ (2008), Полициска етика и човекови права, ст.12
[175] Николовски, М „*Конфискација на имот стекнат со кривични дела од областа на организираниот криминал"* Факултет за безбедност, Скопје, 2012, стр.273

ЗАКЛУЧОК

Злоупотребата на службената положба и овластување во најголем случај ги опфаќа противправните однесувања на лицата кои злоупотребувајќи ја својата службена положба и искористувајќи ја својата функција, преземаат криминални активности насочени кон остварување на противправна имотна корист.

Криминалните однесувања со елементи на злоупотреба на службена положба во најголем број на случаи се вршат или во потесен круг без знаење на други лица, или пак со заедничко делување на повеќе сторители кој делуваат тајно, а за да ги прикријат направените криминални злоупотреби односно трагите, се вршат и други криминални однесувања како што се уништување, изменување, прикривање на документи во кои можат да бидат пронајдени и видени нивните криминални дејствија.

Со оглед дека овие кривични дела можат да бидат извршени само од службени и одговорни лица, тие се составен дел на деликтите со специфичен субјект на извршување (***delictapropria***).

Кривичните дела против злоупотребата на службена положба и овластување во себе ги носат сите обележја од современите кривични дела, а тоа се: масовност, професионалност, организираност, рецидивизам, мобилност, динамичност, прилагодливост, интернационализам и слично.

Во овој магистерски труд е констатирано дека злоупотребата на службената должност, е всушност, противправното однесување на носителите на службените овластувања, кои делата не ги вршат во интерес и за потребите на службата, туку со цел да прибаваат за себе или за друго физичко или правно лице противправна имотна корист постапуваат спротивно на аконските прописи.

Криминалните дејствија со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување се доста сложени и специфични, и за нивно разоткривање, расветлување и докажување е неопходна, адекватна примена на плански мерки и активности, како и изнаоѓање на методи и начини за обезбедување на доказниот материјал преку примена на посебните истражни мерки.

Личните својства на сторителите, општествено-економските и социјалните услови на самото живеење, престижот и одредениот статус во општеството, се

значајни услови кои го поттикнуваат извршувањето на кривичните дела со елементи на злоупотреба на службената должност.

Целта на овој магистерски труд е од посебно значење за добиените податоци на извршени кривични дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување во период од 2013 до 2017 година, а впрочем и целта е да се утврди кои кривични дела се позастапени, нивната динамика, обем и структура, но и да се осознае поединечно за професиите кои најмногу вршеле злоупотреба, кои биле нивните фактори, мотиви кои сторителите ги терале да ја злоупотребат својата положба и овластување, какво е нивното разоткривање и на кој начин , какво е докажувањето во самата кривична постапка, но и да се утврдат и преземат сите и да се понудат нови превентивни ефикасни и ефективни превентивни мерки од страна на надлежните институции.

Анализирајќи одредени статистички податоци за кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување како и јавното мислење на анкетираните лица, со право можеме да потенцираме дека во себе ги носат сите обележја од современите кривични дела, а тоа се масовност, професионалност, организираност, рецидивизам, мобилност, динамичност, прилагодливост, интернационализам и слично.

Генералната хипотеза се состои дека кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување како и разоткривање на нивните сторители се доста присутни во Република Северна Македонија и влегуваат со висок број во целокупниот криминалитет. Оваа генерална хипотеза е **потврдена** во ова истражување со оглед на тоа дека според постоечките податоци од Државниот завод за статистика и мислењето на анкетираните, овие кривични дела се доста застапени и присутни во јадрото на општествениот криминал, додека во најголем број од поединечните хипотези се исто така потврдени но има мал дел и кои се отфрлени.

Во истражувањето можеме исто така да забележиме дека постојат голем број на кривични пријави кои немаат судска завршница, со што дополнително се остава простор на граѓаните да не веруваат во правосудниот систем, а со тоа им се дава и до знаење на идни други лица да извршуваат кривични дела.

Ке наведам некои предлози кои што сметам дека би биле корисни за да се зболеми бројот на разоткриени сторители на кривични дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување како и нивна превенција :

- отстранување на непотизмот;
- зголемен надзор на работењето на државните службеници;
- изрекување на построги санкции на сторителите;
- зголемен ветинг, проверка на овластените службени лица секоја календарска година преку соодветни контролни и надзорни механизми;
- регрутирање на професионални проверени кадри, по мерит системот;
- зголемени обуки, едукација;
- медиумскиот простор повеќе да има содржини за ваквите кривични дела и за нивните сторители;
- дополнување на кодексите и правилниците за работење на службениците;
- зголемување на јавната свест и саморегулација;
- зголемена соработка на сите засегнати институции на национално и меѓународно ниво за разоткривање на сторителите;
- давање на соодветни награди на лицата кои ќе се пријават и сведочат против сторители на вакви кривични дела;
- јакнење на капацитетите на органите за прогон;
- зголемено применување на мерката конфискација на имот
- зголемени плати и кариерно напредување на службениците;
- поголема улога на невладиниот сектор;
- намалување на субјективниот момент на искористување на сопствената позиција;
- давање отчет на секој службеник за своето работење
- воведување на нови мерки и стратегии за борба и превенција на национално и локално ниво;

Библиографија

1. Ангелески . М., "Проучување на личноста на економскиот деликвент",Скопје, 1997;
2. Алексиќ, Ж. „*Вештачење фалсификата документа, рукописа и новца"* Књига одбраних дјела, Београд, 1996;
3. Бачиќ, Ф. „Кривично право - посебен дел" Скопје, 1973;
4. Бановиќ, Б. „*Обезбеѓење доказа у криминалистичкој обради кривичних дела привредног криминалитета"* , Београд, 2002;
5. Бошковиќ, М. *„Материјални докази у криминалистичкој обради".* Правни факултет, Београд, 1990;
6. Бенанда, Д. „*Етичка питања у раду с информаторима".* Полициска сигурност, Број.1 Загреб, 2012;
7. Бошковиќ, М и Јовчиќ, Д. „*Криминалистика - методика".* Правни факултет, Бања Лука, 2002;
8. Бачановиќ, О.„*Полиција и жртвите",* Штип, 1997;
9. Водинелиќ, В. „*Криминалстика - откривање и докажување",* Скопје, 1985;
10. Велкоски, А. „*Вештачење од областа на стопанскиот криминал при материјално - финансиското работење"* Скопје, 1996;
11. Водинелиќ, В. „*Криминалистика - откривање и докажување"* том 1, Скопје, 1985;
12. Водинелиќ, В. „*Криминалистичка операција",* Факултет за безбедност, Скопје, 1992;
13. Водинелиќ, В. „*Шта је откривање, а шта разјашњавање кривичних дела и разотркивање на учиниоца*", Студија министерства унутрашњих послова Хрватске, 1990;
14. Витларов, Т. „*Репресија и превенција против корупцијата"* Скопје, 2006;
15. Димитров, Д. „*Економски деликти"* Скопје, 1998;
16. Ѓурѓиќ, В. *„Основи криминалистика".* Правни факултет Ниш, 2012;
17. Жарковиќ,М *„Криминалистичка тактика".* Правни факултет у Београду, 2009;
18. Забел, Б. „*Пословна тајна"* . Институт за упоредбено право. Београд, 1970;

19. Јовашевиќ, Д и Хешимбеговиќ, Т. „*Злоупотреба службеног положаја“*. Београд, 2001;
20. Јовашевиќ, Д. „*Службена кривична дела, одговорност и кажњивост“*. Зборник радова Правног факултета Нишу,, LXIII, 2012;
21. Јовановиќ, Љ. „*Лекарска тајна*“. Службени лист. Београд, 1959;
22. Јовчески. Ј и Г.Калајџиев, „Специјални истражни мерки“. МПККП, 2008;
23. Камбовски. В и П. Наумоски., Корупцијата – најголемо општествено зло и закана за правната држава, Скопје, 2002;
24. Катниќ, М, „*Докази на којима се не може заснивати судска одлука“*. Удружење за кривично право и криминалну политику у Будви, доступно на :http://sudovi.me/podaci/ascg/dokumenta/910.pdf od 25.06.2017;
25. Кривокапиќ, В и Живковиќ, М *„Криминалистика - Тактика 1“* , Полициска академија , Београд, 1996;
26. Камбовски, В. „*Казнено право, Посебен дел“* Просветно дело, Скопје, 1997;
27. Камбовски. В и Наумоски. П „*Корупцијата најголемо општествено зло и закана за правната држава“*. Скопје, 2002;
28. Лабовиќ. М, “Теоретски претпоставки и проблеми во врска со борбата против корупцијата”, Скопје, 2002;
29. Милковски, Љ. „*Значење и користење на информатор и прикриен полициски извествувач“* Скопје,1993;
30. Мандиќ, М „Дисциплнска одговорност и дисциплински поступак“, Годишњак Факултета правних наука, број 1, Бања Лука, 2011;
31. Милошевиќ, М. и Кесиќ, Т. *„Полиција у кривичном поступку“,* Криминалистичко-полициска академија, Београд, 2009;
32. Матијевиќ, М. и Марковиќ, М. *„Криминалистика“* . Правни факултет за привреду и правосуѓе, Нови Сад, 2013;
33. Новоселец, П. „*Злоупотреба положаја како господарско казнено дјело“*. Хрватски летопис за казне;
34. Нинчиќ, Ж. „Кривична дела против службене дужности како облици злоупотребе службеног положаја и јавних овлашќења“, Правни живот број 11/2009, Београд;
35. Николоска, С. „*Методика на истражување на економско-финансиски криминал“.* Скопје,;
36. Николоска, С.„*Финансиските истраги како предуслов за спречување на организираниот економско-финансиски криминал во Република Северна Македонија“.* Годушник на факултетот за безбедност, Скопје, 2010;
37. Николоска, С. „*Кривични дела против службена должност“* Скопје, 2008;
38. Николовски, М „*Конфискација на имот стекнат со кривични дела од областа на организираниот криминал“* Факултет за безбедност, Скопје, 2012;
39. О право и праксу, број 9, Загреб, 2002;
40. Прирачник за демократско полициско работење од Вишиот советник на генералниот секретар на ОБСЕ (2008), Полициска етика и човекови права;
41. Проевски, Ј. *„Кривичен законик - објаснувања, коментари и судска практика“.* Агенција Академик, Скопје, 1998;

42. Павловиќ, З, Ѓурѓиќ, С и Ѓорѓевиќ, Д. „*Емпириска аналиа феномена корупције у србије и корупције у привреди".* Војно-економски преглед, Војно дело, број.4, 2015;
43. Расимовиќ, Р.„*Злоупотреба службеног положаја"*. Наука, Безбедност, полиција, 2010;
44. Русковска. В, Ј.Илиевски. *„Посебни истражни мерки - домашна и меѓународна практика"* Скопје, 2011;
45. Ратификувани меѓународни правни инструменти за борба против корупцијата и организираниот криминал - Министерство за правда, Скопје, 2010 година
46. Теофиловиќ,Н и Јелачиќ,М. „Спречавање, откривање и доказивање кривичниих дела корупције и прања новца". Београд, 2006;
47. Фејеш, И и Лајиќ, О. „*Криминалистичка методика"* Правни факултет, Нови Сад, 2014;
48. Финансиски истраги и конфискација на приходи стекнати од криминал, прирачник за обука на органите за кривичен прогон и судството, CARDS регионална програма за 2002 - 2003 година, Скопје, 2006;
49. Цуклески, Г и Николоска, С. „*Економска криминалистика"* Скопје, 2008;
50. Цуклески, Г. "*Вовед во криминалистика".* Скопје, 2006;
51. Цуклески, Г. „*Вовед во криминалистика - второ издание,,* Скопје, 2008;
52. Atanackovic, D „*Krivicno pravo, posebni deo"* Beograd, 1985;
53. Bacic - Separovic, *„Krivicno pravo - Posebni deo",* Zagreb, 1992;
54. Bjelic, S i Curovic, S „*Pojavni oblici privrednog kriminala i nacin na njihovog dokazivanja".* Projekat Visokog sudskog i tuzilackog savjeta Bosne i Hercegovine „Podrska pravosudu Bosne i Hercegovine - Jacanje tuzilackih kapaciteta u sistemu krivicnog pravosuga ". Sarajevo, 2016;
55. Bobic, M. „*Zloupotreba sluzbenog polozaja i ovlascenja,,* Основно антикорупциско кривично дело, Република Српска, 2009;
56. Boskovic,G i Marinkovic, D „*Metode finansiske istrage u suzbijanju organizovanog kriminala",* Zurnal za kriminalistika i pravo, Beograd, 2010;
57. Cejovic, B, Krivicno pravo, Posebni deo, Beograd, 1980;
58. Darencivnovic, D i Dragicevic-Prtenjaca, M, „*Kaznena djela protiv sluzbene duznosti"* , Zagreb, 2009;
59. Duran, C.C, Alcoy,F.P. *Codigo penal con todas sus reformas comparados par araculos*, Valencia, 2004;
60. Ivanovic, A i Nicevic, M. *„Ways of detectiing the axistence of criminal acis od economic crime",* Economic challenges, internacional Univerzity Novi Pazar, 2012;
61. Jelinski.M. *„Prevencija privrednog kriminaliteta"*, Prirucnik, Zagreb, broj.1/91;
62. Krauz, B. „*Krivicna dela protiv sluzbene duznosti*", Prirucnik br.2/58, Zagreb;
63. Lazarevic, Lj „*Krivicno pravo, posebni deo*" Sovremena administracija, Beograd, 1981;
64. Milutinovic. M, "Kriminologija", Savremena administracija, Beograd, 1998;
65. Misic, G. *„Kaznena dela protiv sluzbene duznosti - poseban osvrt na korupcijska kaznena djela*" , Hrvatska pravna revija, broj.10/05;
66. Mijic, M. „Krivicno delo Zloupotrebe sluzbenog polozaja" Glasnik - Advoktske komore Vojvodine, broj 2/80;

67. Peran,B,Gorela, M i *Vukosic,K „Pojam i vrste tajnu*“ Зборник радова Велеуцилиста у Сибенику, број.3-4, 2015;
68. Perez, C.I., *Derecho penal - Parie especial, Madrid;*
69. Smibert, J. „*Dokazna nacela“,* Ministerstvo pravde Sjedinjenih Americkih Drzava, 2014;
70. Tahovic, J. „*Krivicno pravo - posebni deo“* Naucna knjiga, Beograd, 1990;
71. Tomanovic, M, „*Krivicno pravo - Posebni deo“ Naucna knjiga,* Beograd, 1953;
72. Tulic, A. „*Krivicna djela protiv sluzbene duznosti“.* Београд, 2015;
73. Transparency internacional, „Prijavuvawe na korupcija“ , centar za pruzanje pravne pomoci u borbi protiv korupcije, British Embassy, 2014;
74. Uzunov V., "Antikoruptivna strategija", “Utrinski vesnik”, 2002;

Закони

1. Службен весник на РМ „ Закон за кривична постапка “, број 150 од 18.11.2010 година;
2. Коментар на Законот за кривична постапка Номеври 2018 година , - Г.Калајџиев, Г.Лажетиќ,Л.Неделкова, М.Денковска, М.Тромбева, Т.Витларов, П.Јанкуловска и Д.Кадиев;
3. Законот за кривична постапка. „*Службен весник на РСМ„.* број 150/10;
4. Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик на РСМ, Службен весник на РСМ, бр.114/09 од 14.09.2009 година;
5. Кривичен законик на РСМ, Службен весник на РСМ, број.80/99, 4/02, 43/03,19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08 , 139/08, 114/09,51/11, 136/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 14/14, 37/14, 28/14, 115/14 и 132/14;
6. Германски кривичен законик, со последни измени и дополнувања - *BGBI. I.S.3532 (30.09.2019);*
7. Kazneni zakon Hrvatske, *Narodne novine*, broj 125/11;
8. Kazneni zakon Hrvatske, Narodne novine, br.125/11, 144/12, 56/15, 61/15, i 101/17;
9. Ustav Republike Hrvatske, *Narodne novine*, broj. 85/10;

Интернет извори

1. http://daily.mk/vesti/sankcionirani-chetvorica-policajci-od-ohrid-i-struga-2
2. tirekovmirice.com/Novost/Велешки-адвокат-го-измамил-судот%2C-полицијата-го-гони-кривично
3. jorm.gov.mk/Dvajca-kontrolori-vo-fondot-za-zdrastveno-osiguruvawe-osomniceni-za-primawe-na-potkup-od-lekar/
4. https://kanal5.com.mk/krivichna-za-strumichanec-koj-sakal-da-potkupi-policaec/a251790

5. www.utrinski.com.mk/default.aps?itemID=03757DB9271023488EA48F46F03DB874
6. https://www.pravdiko.mk/krivichna-prijava-za-oddavane-sluzbena-tajna/
7. sud.mk - Case-CDAO2322-461E-94DB-DEB2099476CE - Основен суд Скопје 1 К.бр.1202/18
8. https"://tvm/vesti/ohrid/21957-krivicna-prijava-za-debarchanec-koj-daval-potkup
9. jorm.gov.mk/danochen-inspektor-obvinet-za-primanje-potkup/
10. Sud.mk - Case-E227E291-F26A-4BAE-9B34-3C260D482F18 - Основен суд Битола К.бр.493/19
11. Sud.mk (XV. к.бр.217/19) Основен суд Скопје 1
12. https://www.pravdiko.mk/politsiski-inspektor-krivichno-prijaven- za-zloupotreba-na-sluzbena-polozba-i-ovlastuvana/
13. http:"//www.pravda.gov.mk/documents/konfiskacija-nova-0209010-2.pdf;

Прилог 1: Електронска анкета[176]

Злоупотреба на службена положба и овластување

Овој анкетен прашалник е изработен за потребите на истражувањето на кривичното дело злоупотреба на службена положба и овластување во Република Северна Македонија.
Ве молам да издвоите дел од своето време и да одговорите на прашањата кои се во прилог на овојпрашалник.Ви благодарам за соработката!
* Required

1. Пол *

Mark only one oval.

- ◯ Машки
- ◯ Женски

2. Возраст *

Mark only one oval.

- ◯ од 18 до 30 години
- ◯ од 31 до 40 години
- ◯ од 41 до 50 години
- ◯ од 51 година нагоре

3. Образование

Mark only one oval.

- ◯ основно образование
- ◯ средно образование
- ◯ високо образование
- ◯ магистерна науки
- ◯ доктор на науки

[176] https://forms.gle/AXNEpgVsjnu9RfZ28

Втор дел

4. Според вас, што мислите дека претставува криминал против службената положба и овластување?

Check all that apply.

- [ ] Злоупотреба на службена положба и овластување
- [ ] Проневера и измама во службата, примање и давање на поткуп
- [ ] Повреда на чување на државната граница
- [ ] Несовесно работење во службата
- [ ] Послужување
- [ ] Против законито посредување,наплата и исплата
- [ ] Оддавање на службена тајна,фалсификување на службена исправа

5. Дали знаете кој се може да биде сторител на кривичното дело Злоупотреба на службена положба и овластување?

Mark only one oval.

- ◯ правно лице
- ◯ службено или одговорно лице
- ◯ обичните граѓани
- ◯ ниту едно од горе наведените

6. Дали сметате дека во Република Северна Македонија постои злоупотреба на службена положба и овластување и дали истата се открива?

Mark only one oval.

- ◯ постои и се открива
- ◯ постои, но има селективност во откривањето
- ◯ постои ама значително малку или недоволно се открива
- ◯ не постои
- ◯ не знам

7. Каде сметате дека злоупотреба на службена положба и овластување е повеќе присутна?

Mark only one oval.

- ◯ во приватниот сектор
- ◯ во државниот сетор
- ◯ и во приватниот и во државниот сектор
- ◯ не знам

8. Според вас, каде е најприсутно ова кривично дело, односно во кој сегмент е најмногу застапена злоупотребата на службена положба и овластување?

Check all that apply.

- ☐ Во правосудството -кај судиите и јавните обвинители, судските службеници
- ☐ Во здравството - кај докторите и останатиот медицински персонал
- ☐ Во образованието
- ☐ Во општините
- ☐ Во МВР
- ☐ Во царината
- ☐ Во инспекциските служби
- ☐ Кај директорите
- ☐ Обичните работници во јавниот и државниот сектор
- ☐ Други

9. Колку во вашето населено место, општина сметате дека е присутен овој криминалитет со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување?

Mark only one oval.

- ◯ многу
- ◯ релативно многу
- ◯ малку
- ◯ не е актуелен

10. Дали сте се посомневале дека некое лице што го познавате врши злоупотреба на службена положба и овластување?

Mark only one oval.

- ◯ да, има многу
- ◯ не, не познавам

11. Доколку би биле жртва на злоупотреба на службена положба и овластување од некое лице, дали истиот би го пријавиле на надлежниот орган ?

Mark only one oval.

- ◯ да, законски сум должен да го пријавам
- ◯ да би го пријавил доброволно,за одреден паричен надоместок или друга лична корист,
- ◯ најверојатно не би го пријавил
- ◯ не,нема да го пријавам
- ◯ не знам

12. Според Вашето мислење, од кои причини најчесто не се пријавуваат овие дела?

Mark only one oval.

- ◯ недоверба во органите на прогонот
- ◯ страв од одмазда
- ◯ недоволна заштита од претпоставениот и од државата
- ◯ поради партиска припадност на сторителот или негова поврзаност со високи политички авторитети и други лица од јавниот живот
- ◯ не знам

13. Според вас кои се причините за одредено лице да биде сторител на злоупотреба на службена должност и овластување?

Check all that apply.

- [ ] нискиот стандард на вработените и сиромаштијата
- [ ] желбата за моќ и престиж
- [ ] малата веројатност дека може да биде откриен
- [ ] кариерно унапредување во службата
- [ ] стекнување за себе или за друг имотна корист
- [ ] нанесување на друг одредена штета
- [ ] Друго

14. Според вас, дали надлежните институции за откривање, прогон и докажување на сторители на ова кривично дело се со довелен стручен и професионален кадар , поседуваат техника и средства како и методи за оваа криминална појава во РСМ?

Mark only one oval.

- ◯ да доволно се стручни,професионални и поседуваат средства
- ◯ доволно се обучени, но и самите се корумпирани
- ◯ не, немаат никаков капацитет

15. Дали сметате дека државата доволно вложува напори за намалување и искористување на оваа криминална појава? (дадоволно, доволно, но треба многу повеќе, недоволно)

Mark only one oval.

- ◯ да, доволно
- ◯ доволно,но треба многу повеќе
- ◯ недоволно

16. Дали сметате, покрај државата и граѓаните на РСМ можат дополнително да допринесат во превенција, откривање и сузбивање на оваа криминална појава?

Mark only one oval.

- да
- не
- не знам

17. Дали сметате дека во РСМ постои голема бројка (темна бројка) на непријавени и неоткриени кривични дела од злоупотреба на службена должност и овластување?

Mark only one oval.

- да, има
- нема
- не знам

18. Дали сметате дека законската регулатива во РСМ која се однесува на ова кривично дело е доволна за нејзино спречување и докажување

Mark only one oval.

- да,доволна е
- доволна е, но потребни се дополнувања и измени
- не е доволна и потребни се поголеми измени
- не знам

19. Според Вас, санкцијата на сторителите на ова кривично дело треба да биде:

Check all that apply.

- [ ] парична казна
- [ ] затворска казна
- [ ] разрешувањеод функција
- [ ] затвор
- [ ] затвор и да се конфискува бесправно стекнатиот имот
- [ ] Друго

20. Дали сметате дека со примена на новите методи на оперативно-тактички мерки и техники борзо се откриваат сторителите на ова кривично дело?

Mark only one oval.

- ◯ да
- ◯ не
- ◯ не знам

This content is neither created nor endorsed by Google.

Google Forms